Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет

Институт за безбедност, одбрана и мир

Постдипломски студии во областа на безбедноста/Менаџирање на закани од тероризам

магистерски труд

# ЕВОЛУЦИЈА НА ГЛОБАЛНИОТ ЏИХАД ВО СИРИЈА

Ментор: проф. д-р Тања Милошевска

Изработил: Борко Трпески

Скопје, 2023

## СОДРЖИНА

Листа на кратенки..........................................................................................................5

1. Вовед.......................................................................................................................... 6

1.1. Формулирање на проблемот на истражување.......................................................8

1.2. Предмет на истражување........................................................................................11

1.3. Цели и задачи на истражување...............................................................................13

1.4. Дефинирање клучни поими.....................................................................................15

1.5. Основна хипотетичка рамка....................................................................................17

1.6. Методи и техники на истражувања.........................................................................20

1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето.......................................21

2. Генеза и еволуција на Глобалниот џихад................................................................22

2.1. Теорија на социјално движење...............................................................................28

2.2. Теорија на радикализација......................................................................................30

2.3. Теорија на бунт.........................................................................................................32

2.4. Концептуализација на граѓанска војна...................................................................35

Заклучок.......................................................................................................................36

3. Историски преглед на Сириската Арапска Република.............................................37

3.1. Турбулентната рана историја на Сирија.................................................................38

3.2. Постнезависен период: 1946 – 1970.......................................................................40

3.3. Владеењето на Хафез ал Асад..................................................................................42

3.4. Башар ал-Асад и Сириската побуна.........................................................................45

3.5. Политичко објаснување за настанување на радикални исламистички групи...............48

3.5.1. Фрагментирана опозиција.....................................................................................49

3.6. Стратегијата на ал-Асад за борба против бунтовниците.........................................50

Заклучок.......................................................................................................................51

4. Идеологија на клучните актери.................................................................................52

4.1. Салафизам и улогата на идеологијата.......................................................................53

4.2. Режимот на ал-Асад како совршен џихадистички непријател.......................................55

4.3. Сунитски морален гнев.......................................................................................................57

4.3.1. Ахрар ал-Шам..................................................................................................................59

4.3.2. Џабхат ал-Нусра: Хибридна опција................................................................................61

4.3.3. Исламска држава: Манихејски избор..............................................................................64

Заклучок....................................................................................................................................67

5. Искуство, организација, стратегија......................................................................................68

5.1. Придобивки од предвоени мрежи: мобилизирачки структури и репертоари на несогласување.......................................................................................................................70

5.2. Институционални наследства на радикалните исламисти во Сирија............................70

5.2.1 Исламистичка опозиција на баатизмот од 1963 до 1982..............................................71

5.2.2. Од локално до глобално: Егзодус на радикалните исламисти во 1980-тите и 1990-тите.................................................................................................................................75

5.3.3. Војната во Ирак во средина на 2000-тите.......................................................................80

Заклучок....................................................................................................................................87

6. Насилство врз цивили извршено од страна на Исламска држава и Џабхат ал-Нусра.................................................................................................................................................88

c) Заклучок...............................................................................................................................98

7. Влијанието на надворешни спонзори и фактори во Сирија...............................................99

7.1. Преглед: Спонзори на граѓански војни и бунтови.......................................................100

7.2. Саудиско-иранско ривалство и сириска врска.............................................................103

7.3. Сунитски надворешни спонзори....................................................................................108

Заклучок..................................................................................................................................127

8. Заклучок и препораки на политики....................................................................................129

Библиографија на употребена литература.............................................................................136

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АК – ал-Каеда**

**ИД – Исламска држава**

**ИДИ – Исламска држава Ирак**

**ЏН – Џабхат ал-Нусра**

**АХРАР – Ахрар ал-Шам**

**ССА – Слободна сириска армија**

**ССН – Сириски национален совет**

**ОАР – Обединета Арапска Република**

**ЗСС – Заливски совет за соработка**

**СИОФ – Сириски исламски ослободителен фронт**

**СИФ – Сириски исламски фронт**

**МБ – Муслиманско братство**

# 1. ВОВЕД

Кога Арапската пролет избувна на целиот Блиски Исток во 2010 година, удри со неочекувана сила додека арапските граѓани ги бараа својата слобода и слободни права. Малкумина би можеле да имаат претпоставка на самиот почеток дека Арапската пролет претставува предвесник на пропаст за авторитарните режими. За помалку од една година, народните бунтови ги отстранија диктаторите во Тунис, Египет и Либија, а во март 2011 година Арапската пролет се прошири во руралните области на Сирија.

Акцентот на овој труд ќе биде ставен на актуелниот процес на еволуција на глобалниот џихад во Сирија којашто од 2011 година е силно погодена од внатрешни и надворешни џихадистички групи и организации поддржани од надворешни државни и недржавни фактори. Имено, станува збор за глобалниот џихад којшто е нов феномен, кој датира од 1980-тите години, иако неговото интелектуално потекло може да се проследи пред еден век. Раниот дел од дваесеттиот век било време кога муслиманскиот свет беше поттикнат од конфликти и конкурентни интелектуални струи. Подемот на европската индустриска и воена моќ во деветнаесеттиот век до овој момент во историјата го надмина муслиманскиот свет, воспоставувајќи колонии, протекторати, мандати, сфери на влијание и други форми на империјална доминација од Мароко до Индонезија. Додека исламизмот го претставуваше првиот интелектуален претходник за подоцнежното појавување на глобалниот џихад, со својата строга политизација на религијата на исламот, не успеа фундаментално да ја промени природата на политиката на Блискиот Исток во текот на четири децении по основањето на Муслиманското братство во 1928 година. Неможноста на локалниот џихадизам да ја освои државната власт насекаде во сунитскиот муслимански свет претставуваше појдовна точка за голем дел од интелектуалните напори во врска со идејата за глобален џихад во годините на 20-тиот век и во раните години на 21-виот век.

Глобализацијата на џихадот се одвиваше во различни фази во последните четири децении. Првите џихадисти во Египет и Сирија својот приоритет го ставија во нивната подготвеност да воспостават исламски држави во нивните земји, иако

тие исто така се осврнаа на обновување на калифатот во муслиманскиот свет. Оваа позиција беше славно артикулирана од водачот на групата што го уби поранешниот египетски претседател Анвар Садат, Абд ал-Салам Фараџ, поради неопходноста да се даде приоритет на блискиот наспроти далечниот непријател (кој во тоа време беше Израел, а не западните земји). Глобалниот џихад е поврзан со прибегнувањето кон странски борци кои придонесуваат за новообликувани конфликти, различни репертоари на насилство како што се самоубиствени бомбашки напади, посилна организациска кохезија и подолго времетраење и повторување на конфликтите . Сирија неодамна е опишана како „центар на светот за џихадистичка милитантност“. Кога во државата избувна граѓанска војна во 2011 година, во неа имаше разновиден спектар на секуларни националисти и исламистички умови помеѓу бунтовничките групи кои се обидоа да се спротивстават на владата на претседателот на Сирија, Башар ал-Асад. Првиот организиран исламски вооружен бунт против владата на Хафез ал-Асад се случил во периодот од 1976 – 1982. Додека исламските опозициски групи одиграле важна улога и во историските и во современите случаи, тие улоги се разликуваат. Во историскиот случај, радикалните фракции на опозицијата беа одговорни за ескалацијата на конфликтот, кој придонесе радикалното движење да доживее неуспех во обидот да добие широка поддршка. Меѓутоа, во сегашниот конфликт владата на претседателот Башар ал-Асад го ескалира насилството, предизвикувајќи секуларистите и умерените исламисти да земат оружје во раце заедно со радикалните џихадистички елементи. За разлика од другите соборени режими, режимот на владата на сирискиот претседател Башар ал-Асад се покажа доста отпорен, но поради тоа ситуацијата преминуваше од секуларни протести до вооружен бунт па сè до брутална граѓанска војна, при што до денес загинаа преку 200 000 луѓе и дополнителни 10 милиони луѓе се сметаат за раселени, односно половина од целокупното население на Сирија.

Додека опозицијата во 2011 година започна како секуларна, демократска и националистичка, радикалните исламистички групи започнаа да ја преземаат и зајакнуваат контролата во распространетиот хаос во 2012 година. До 2013 година, радикалните сунитски исламистички групи, или салафистичко-џихадистичките групи, како што се Џабхат ал-Нусра (Џ. Н.), Ахрар ал-Шам (Ахрар) и Исламската

држава (ИД), беа цврсто инволвирани во конфликтот. Откако конфликтот стана насилен во 2011 година, многу експерти за безбедност се огласија дека Западот, особено Соединетите Американски Држави, мора да започне со вооружување на озлогласено фрагментираната и неорганизирана секуларна опозиција. Сепак, подеднаков број експерти изразија загриженост во 2012 година дека кое било од оружјето што го испорачува Запад може да заврши во рацете на радикалните исламисти. Овој страв беше надополнет со загриженоста дека сегашната група радикални исламисти во Сирија би можела ја претставуваат следната генерација глобални терористи.

Во средина на хаосот, радикалните сунитски исламистички групи Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламската држава станаа најистакнати во конфликтот. Овој труд истражува зошто и како групите се појавија во Сирија, како дојдоа на власт и се развија на невидени нивоа со следење на прогресијата на сирискиот конфликт низ три циклуси на оспорување: протест, бунт и граѓанска војна. Историјата докажа дека радикалните исламисти кои се борат денес во Сирија се следната генерација на лидери во глобалното џихадистичко движење.

### 1.1. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Акцентот на овој труд ќе биде ставен на актуелниот процес на еволуција на глобалниот џихад во Сирија којашто од 2011 година е силно погодена од внатрешни и надворешни џихадистички групи и организации поддржани од надворешни државни и недржавни фактори. Имено, станува збор за глобалниот џихад којшто е нов феномен, кој датира од 1980-тите години, иако неговото интелектуално потекло може да се проследи пред еден век. Раниот дел од дваесеттиот век било време кога муслиманскиот свет беше поттикнат од конфликти и конкурентни интелектуални струи. Подемот на европската индустриска и воена моќ во деветнаесеттиот век до овој момент во историјата го надмина муслиманскиот свет, воспоставувајќи колонии, протекторати, мандати, сфери на влијание и други форми на империјална доминација од Мароко до Индонезија.[1] Додека исламизмот го претставуваше

[1] Glenn E. Robinson. *Global Jihad-A Brief History*, Stanford University Press, 2020.

првиот интелектуален претходник за подоцнежното појавување на глобалниот џихад, со својата строга политизација на религијата на исламот, не успеа фундаментално да ја промени природата на политиката на Блискиот Исток во текот на четири децении по основањето на Муслиманското братство во 1928 година.

Неможноста на локалниот џихадизам да ја освои државната власт насекаде во сунитскиот муслимански свет претставуваше појдовна точка за голем дел од интелектуалните напори во врска со идејата за глобален џихад во годините на 20-тиот век и во раните години на 21-виот век.

Глобализацијата на џихадот се одвиваше во различни фази во последните четири децении. Првите џихадисти во Египет и Сирија својот приоритет го ставија во нивната подготвеност да воспостават исламски држави во нивните земји, иако тие исто така се осврнаа на обновување на калифатот во муслиманскиот свет.[2] Оваа позиција беше славно артикулирана од водачот на групата што го уби поранешниот египетски претседател Анвар Садат, Абд ал-Салам Фараџ, поради неопходноста да се даде приоритет на блискиот наспроти далечниот непријател (кој во тоа време беше Израел, а не западните земји).

Глобалниот џихад е поврзан со прибегнувањето кон странски борци кои придонесуваат за новообликувани конфликти, различни репертоари на насилство како што се самоубиствени бомбашки напади, посилна организациска кохезија и подолго времетраење и повторување на конфликтите.[3] Сирија неодамна е опишана како „центар на светот за џихадистичка милитантност“. Кога во државата избувна граѓанска војна во 2011 година, во неа имаше разновиден спектар на секуларни националисти и исламистички умови помеѓу бунтовничките групи кои се обидоа да се спротивстават на владата на претседателот на Сирија, Башар ал-Асад. Првиот организиран исламски вооружен бунт против владата на Хафез ал-Асад се случил во периодот од 1976–1982. Додека исламските опозициски групи одиграле важна улога и во историските и во современите случаи, тие улоги се разликуваат. Во историскиот случај, радикалните фракции на опозицијата беа одговорни за

[2] Muhammad Abd al-Sal Faraj, *The neglected duty: The creed of Sadat's assassins and Islamic resurgence in the Middle East*, trans. Johannes J. G. Hansen (New York: Macmillan, 1986).
[3] Michael C. Horowitz, “Long time going: Religion and the duration of crusading,” *International Security* 34, no. 2 (October 2009).

ескалацијата на конфликтот, кој придонесе радикалното движење да доживее неуспех во обидот да добие широка поддршка. Меѓутоа, во сегашниот конфликт владата на претседателот Башар ал-Асад го ескалира насилството, предизвикувајќи секуларистите и умерените исламисти да земат оружје во раце заедно со радикалните џихадистички елементи.[4]

Кога Арапската пролет избувна на целиот Блиски Исток во 2010 година, таа удри со неочекувана сила додека арапските граѓани ги бараа својата слобода и слободни права. Малкумина би можеле да имаат претпоставка на самиот почеток дека Арапската пролет претставува предвесник на пропаст за авторитарните режими. За помалку од една година, народните бунтови ги отстранија диктаторите во Тунис, Египет и Либија, а во март 2011 година Арапската пролет се прошири во руралните области на Сирија. За разлика од другите соборени режими, режимот на владата на сирискиот претседател Башар ал-Асад се покажа доста отпорен, но поради тоа ситуацијата преминуваше од секуларни протести до вооружен бунт, па сè до брутална граѓанска војна, при што до денес загинаа преку 200 000 луѓе и дополнителни 10 милиони луѓе се сметаат за раселени, односно половина од целокупното население на Сирија.[5]

Додека опозицијата во 2011 година започна како секуларна, демократска и националистичка, радикалните исламистички групи започнаа да ја преземаат и зајакнуваат контролата во распространетиот хаос во 2012 година. До 2013 година, радикалните сунитски исламистички групи, или салафистичко-џихадистичките групи, како што се Џабхат ал-Нусра (Џ. Н.), Ахрар ал-Шам (Ахрар) и Исламската држава (ИД),[6] беа цврсто инволвирани во конфликтот. Откако конфликтот стана

---

[4] Hanna Batatu, "Syria's Moslem Brethren," *MERIP Reports*, No. 110 (November – December 1982), pp 12-20.

[5] The War in Syria: Can Hell Be Frozen Over?" *The Economist*, November 15, 2014, достапно на: http://www.economist.com/news/middle-east-and-africa/21632626-limited-un-ceasefire-plan-has-littlehope-success-can-hell-be-frozen-over.

[6] Терористичката организација позната како Исламска држава со текот на годините во неколку наврати значително го менуваше своето име, при што доведуваше до забуна. Оригиналното име на групата беше Al - Tawhid wal - Jihad. Нејзиниот основач Абу Мусаб ал-Заркави го смени во ал-Каеда во земјата на двете реки, повеќе попозната како ал-Каеда во Ирак (АКИ), во 2004 година. Ал-Каеда го врати своето име во Исламската држава Ирак (ИДК) во 2006 година, и откако нејзините водачи решија да се прошират во Сирија, тие повторно го сменија името на групата во Исламската држава Ирак и Левант (ИСИЛ).

насилен во 2011 година, многу експерти за безбедност се огласија дека Западот, особено Соединетите Американски Држави, мора да започне со вооружување на озлогласено фрагментираната и неорганизирана секуларна опозиција. Сепак, подеднаков број експерти изразија загриженост во 2012 година дека кое било од оружјето што го испорачува Запад може да заврши во рацете на радикалните исламисти. Овој страв беше надополнет со загриженоста дека сегашната група радикални исламисти во Сирија би можела ја претставуваат следната генерација глобални терористи.

Во средина на хаосот, радикалните сунитски исламистички групи Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламската држава станаа најистакнати во конфликтот.

Овој труд истражува зошто и како групите се појавија во Сирија, како дојдоа на власт и се развија на невидени нивоа со следење на прогресијата на сирискиот конфликт низ три циклуси на оспорување: протест, бунт и граѓанска војна. Историјата докажа дека радикалните исламисти кои се борат денес во Сирија се следната генерација на лидери во глобалното џихадистичко движење.

## 1.2. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предметот на истражувањето ќе се елаборира преку основата на глобалниот џихад, односно на радикалните џихадистички групи и нивното терористичко делување, нивната еволуција, како и причините за нивното појавување, видови екстремистички и терористички организации, лидери и членови, стратегии, оружја и средства кои се користат за извршување на нападите, нивни цели, територии на дејствување и делување. За да се достигне целта на истражувањето, во магистерскиот труд ќе се анализираат извештаи, усвоени стратегии и достапни документи на меѓународните организации како што се ООН и НАТО, како и на Европската Унија и Соединетите Американски Држави, јавнодостапни документи и достапни информации поврзани со радикалниот екстремизам и тероризам, но и книги и други извори од владини и невладини организации кои ќе придонесат за квалитетно истражување.

Предмет на магистерскиот труд е клучниот дел на трудот кој ќе се надоврзе на проблемот кој државите како Сирија го имаат со тероризмот и глобалниот џихад.

Со предметот ќе се утврдат и структурата на магистерскиот труд, содржината и обемот. Неопходно е предметот да биде јасен и прецизен, а за да се достигне тоа, ќе се навлезе длабоко во проблематиката, па така: во првото поглавје на овој труд ќе се даде објаснување за генезата и еволуцијата на глобалниот џихад[7] преку анализа на неговите клучни димензии. Исто така ќе се направи дистинкција помеѓу поимите исламизам и радикален ислам преку посебна анализа на теориите на општествени движења, радикализација, теорија на бунт, како и литература од делот на граѓанската војна коишто треба да дадат одговор за причините на појава, развој и еволуција на радикалните исламистички и џихадистички организации во Сирија. Во второто поглавје ќе се изврши анализа со историски преглед на Сирија во однос на нејзината рана историја, клучни историски случувања, системот и начинот на владеење на фамилијата ал-Асад пред и за време на граѓанската војна. Во третото поглавје ќе бидат претставени клучните актери во граѓанската војна и нивната секуларна, екстремистичка и националистичка идеологија, како и стратегијата на владата на претседателот на Сирија, Башар ал-Асад[8]. Четвртото поглавје ќе даде одговор за организацијата, стратегијата и искуствата на радикалните исламисти и нивната еволуција од локална во глобална. Петтото поглавје ќе даде детално објаснување за насилството врз цивилите извршено од страна на Исламската држава и Јабхат ал-Нусра во граѓанската војна во Сирија.[9] Во шестото поглавје ќе се анализира влијанието на надворешните спонзори и фактори, односно нивното учество во граѓанската војна. На самиот крај во седмото поглавје на овој труд ќе се изнесат заклучоци и препораки. Во ова последно поглавје, систематски ќе ги разгледуваме секоја поставена хипотеза, заклучок и извлекување препораки.

---

[7] Daveed Gartenstein-Ross and Nathaniel Barr, "How Al-Qaeda Works: The Jihadist Group's Evolving Organizational Design," *Current Trends in Islamist Ideology* 23 (2018): 66-122.
[8] Solomon and Spindle, "Syria Strongman: Time for 'Reform *Wall Street Journal*, 31 January 2011, достапно на: http://online.wsj.com/article/SB10001424052748704832704576114340735033236.html.
[9] Abrahms, Max, Matthew Ward, and Ryan Kennedy. "Explaining Civilian Attacks: Terrorist Networks, Principal-Agent Problems and Target Selection." *Perspectives on Terrorism* 12, no. 1 (2018).

### 1.3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Сложеноста на истражувачкиот проект за овој мултидимензионален феномен доаѓа од таму што преовладуваат неколку истражувачки аспекти (политички, безбедносни, радикални, општествени и др.), попрецизно-сложен процес во кој ќе биде опфатена генезата на процесот на еволуција на глобалниот џихад кој трае веќе неколку децении. Општата цел на ова истражување е преку научна дескрипција и анализа да се идентификуваат механизми кои подобро ќе ги разберат подемот и еволуцијата на радикалните сунитски исламистички групи кои прерасна во глобални фактори. Целите и задачите на истражувањето ќе се реализираат преку одговор на прашањата: Како тие се зголемија и напредуваа во конфликтот што започна како секуларна, националистичка борба? Зошто овие групи ја засенија секуларната опозиција? итн.

Оваа теза ќе има одредени безбедносни импликации.

Прво, ќе покаже кои од условите доведоа до плодна средина за подемот на радикалните исламистички групи. Ако државите имаат подобро разбирање за причините, тоа потенцијално може да обезбеди подобра дијагноза на проблемот и навремено делување.

Второ, постои тенденција да се третираат радикалните исламистички групи како хомоген ентитет. Анализата може да открие дека тие не се монолитни, а некои од групите може да бараат различни инструменти на моќ, освен воена опција – поразени. Разбирањето на корените на истакнатите радикални исламистички групи ќе помогне да се објасни што тие навистина претставуваат.[10]

Согледувајќи ја целата комплексност на истражувачкиот проблем, целите на истражувањето ќе бидат насочени кон следното:

- Да се утврдат причините за појава на радикалниот ислам преку анализа на неколку теории од коишто најважни се: Теорија на општествено движење,

[10] *Understanding Islamism* (Washington, DC: International Crisis Group, 2005), 1, достапно на: http://www.crisisgroup.org/en/regions/middle-east-north-africa/north-africa/037-understand ingislamism.aspx.

теорија на радикализација, теорија на бунт, и литература од обласrécта на граѓанската војна.

- Три широки фактори ја формираат основата на теоријата на општествено движење: политички можности, мобилизирачки структури и културно врамување.[11]
- Теорија на радикализација – Бидејќи оваа теза се занимава со подемот на радикалните исламистички групи, неопходно е да се истражи теоријата на радикализација, која се преклопува со елементи на теоријата на општествено движење.
- Теорија на бунт – За разлика од теорија на општествено движење, теоријата на бунт не нуди прецизна рамка, туку, исто како и со теоријата на радикализација, елементите на теоријата на бунт може многу да помогнат не само со расчленување на радикалните групи, но и преку прецизирање на нивните силни, слаби страни и кохезија. Дополнително, теоријата на бунт обезбедува рамка за анализа на различни бунтовнички типологии, организациски дизајн и стратегии.
- Анализа на историските фази од минатото со цел да се дојде до заклучок за причините за појава и еволуција на радикалниот ислам.
- Да ја објасни идеологијата на различните актери (државни, недржавни), како и религиозната демографија во Сирија.
- Да се истражат и објаснат стратегијата, организацијата и искуствата на радикалните исламистички групи во текот на нивната еволуција.
- Да се истражат влијанието на надворешните спонзори во Сирија, нивните мотиви, врски и финансирање на радикалните исламистички и џихадистички групи.
- Истражувањето да обезбеди јасни насоки и одредени основни начела кои треба да претставуваат цврста основа на секоја меѓународна интервенција

[11] Doug McAdam, John D. McCarthy, and Mayer N. Zald, “Introduction: Opportunities, Mobilizing Structures, and Framing Processes—Toward a Sythetic, Comparative Perspective on Social Movements,” in *Comparative Perspectives on Social Movements: Political Opportunities, Mobilizing Structures, and Cultural Framings,* ed. Doug McAdam, John D. McCarthy and Mayer N. Zald (New York: Cambridge University Press, 1996), 2.

што е дизајнирана за спречување и елиминација на радикални џихадистички групи..

## 1.4. ДЕФИНИРАЊЕ КЛУЧНИ ПОИМИ

Поаѓајќи од предметното одредување на овој предлог-проект за изработка на магистерски труд, оваа димензија подразбира појмовно и категоријално одредување на редица фундаментални основи на истражување. Заради тоа во истражувањето ќе преовладуваат следните поими:

- **Тероризам**

Тероризмот е незаконска употреба на сила или насилство врз лица или имот за да се заплаши или принуди владата и нејзините граѓани заради постигнување одредени политички или општествени цели.

Според Волтер Леквер, тероризмот е однапред смислено, намерно, систематско убивање, заканување и заплашување, со цел да се предизвика страв кај невините луѓе за да се оствари политиката, или тактичка предност и вообичаено да се влијае врз јавноста.[12]

Брајан Бургон смета дека тероризмот е политички мотивирано насилство против неборбени сили[13], додека Чарлс Тили го проучува тероризмот како политичка стратегија која ја имплементираат оние кои се обидуваат да ја централизираат својата моќ или оние кои, по пат на страв, се обидуваат да ја предизвикаат државата со цел да се здобијат со моќ или предност.

- **Идеологија**

Форма на социјална или политичка филозофија во која практичните елементи се истакнати исто како и теоретските. Тоа е систем на идеи кој се стреми и да го објасни светот и да го промени. Идеологијата е систем на верување што ја

[12] Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.
[13] Burgoon, Brian (2006.) “On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism”, *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2):176-203.

поткрепува политичката или економската теорија. Идеологиите ги формираат оперативните принципи за водење на општеството.

- **Екстремизам**

Насилниот екстремизам претставува насилен вид мобилизација што има за цел да го подигне статусот на една група, додека исклучува или доминира над „други“ врз основа на обележја, како што се полот, религијата, културата и етничката припадност. Притоа, насилните екстремистички организации ги уништуваат постојните политички и културни институции и ги заменуваат со алтернативни структури на управување кои работат според принципите на тоталитарна и нетолерантна идеологија.

- **Џихад**

Според неколку терминологии, џихадот означува света војна водена во име на исламот како религиозна должност, исто така: лична борба во посветеност на исламот, особено која вклучува духовна дисциплина. како и крстоносна војна за принцип или верување. Во религиозна смисла, џихадот има две значења популарно прифатени денес, од кои и двете имаат генерално позитивна конотација за муслиманите. Прво, тоа може да значи „џихад на мечот“ (џихад ал-сајф), религиозно одобрено вооружено насилство извршено во одбрана на исламот, муслиманската територија или муслиманските животи – од кои сите се сметаат за корисни атрибути. Верскиот џихад има второ популарно значење: да се бори против забранетите искушенија.

- **Странски терористички борци**

Термин кој се користи да означи поединци и групи кои ја напуштаат својата земја на потекло или земја на престој за да се приклучат на недржавна вооружена група во вооружен конфликт во странство и која е првенствено мотивирана од идеологија, религија и/или сродство.[14]

---

[14] Geneva Academy of International Humanitarian Law and Human Rights, “Foreign Fighters under International Law”, Academy Briefing No. 7 (October 2014).

- **Стратегија**

Стратегијата е теоретско и практично втемелена замисла во вид на пакет на мерки за зачувување или постигнување на интересите и целите во одделни области и дејности преку реализација на конкретни ставови и искази оформени во вид на правни начела и норми. Стратегија претставува комбинација на теоретски видувања и практични решенија оформени во вид на програма или како множество на мерки со кои се очекува дека ќе се остварат суштествените цели во некоја област.[15]

- **Безбедност**

Состојба[16] во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другитр поединци, општествени заедници и природата или безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел на општеството што во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем.

### 1.5. ОСНОВНА ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Врз основа на општиот пристап на проблемот со еволуцијата на радикалните џихадистички групи во Сирија и врз основа на веќе поставените цели на истражување, ќе се постави основна хипотетска рамка на истражување.

Досегашниот неуспех на западните демократии да се справат со современиот тероризам и неговиот подем како нова светска парадигма е комплексен безбедносен проблем за чие решавање е неопходно разбирање на еволуцијата на глобалниот џихад кое има сеопфатен пристап и системско размислување. Генерално, фокусот на анализата во овој труд се трите главни радикални исламистички групи: Ахрар ал-Шам, Јабхат ал-Нусра и Исламска држава кои

---

[15] Нацев, З, Петрески Т. *Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Европа 92, Кочани, 2013.

[16] Directorate of Defense Policy, *The Strategic Defense Review*, London: The Stationery as a separate supporting, 1998.

дејствуваат на повисоко ниво. Оваа теза истражува како секоја група создава врски на општествено и индивидуално ниво преку нивните различни стратегии. Зависната варијабла за овој труд е подемот на споменатите радикални исламистички групи, конкретно во контекст на сирискиот конфликт. Врз основа на прегледот на литературата, секоја теорија нагласува дека следните варијабли мора да се соберат и да се зајакнат едни со други за која било група да се појави, расте или напредува во однос на: можности, идеологија, организација, ресурси и спонзори. Тука ги ограничуваме факторите на идеологија, организација, и спонзори, и секој ја формира основата за следните хипотези за ги објасни подемот и еволуцијата на радикалните џихадистички групи во Сирија.

Бидејќи оваа теза се фокусира на анализирање на подемот и еволуција на радикалните групи за време на одреден настан, за потребите на истражувањето ги поставуваме следните три посебни хипотези:

- **Хипотеза 1: Идеологија**

Подемот и успехот на радикалните исламистички групи во сирискиот конфликт се должат на идеолошка желба. Овој поим се вклопува со теоријата на судирот на цивилизациите на Самуел Хантингтон[17], тврдењата на Бернард Луис во „Корените на бесот на муслиманите“ и објаснувањето на „Космичката војна“ на Марк Јуергенсмејер.[18] Со истражување на можноста за идеолошката привлечност на радикалните исламистички групи во Сирија, се обидувам да одам подалеку од едноставното идеолошко објаснување, притоа истражувајќи ги и другите фактори кои може да придонесат за веројатноста за екстремна идеологија одекнувајќи во контекст на сирискиот конфликт.

- **Хипотеза 2: Искуство, организација и стратегија**

Подемот и успехот на радикалните џихадистичко-исламистички групи се резултат на нивната организација и стратегиска кохерентност заснована на

17 Samuel P. Huntington, “The Clash of Civilizations?” *Foreign Affairs* (Summer 1993); Bernard Lewis, “The Roots of Muslim Rage,” *The Atlantic*, September 1, 1990.
18 Juergensmeyer, *Terror in the Mind of God: The Global Rise of Religious Violence*, 3rd ed. (Berkeley: University of California Press, 2003).

институционални наследства. Во книгата „Пепелта од Хама – Муслиманското братство во Сирија“[19], Рафаел Лефевр го следи оживувањето на таквите исламистички групи како што е Муслиманското братство од периодот на нивното десеткување од страна на сирискиот режим во Хама, Сирија во 1982 година. Книгата на Лефевр посочува дека исламистичките групи и радикалните ограноци имаат воспоставено формални и неформални мрежи низ Сирија во текот на изминатите 30 години каде што истите добија непроценливи искуства во глобалното џихадистичко движење во Авганистан и Ирак. Комбинацијата на сите овие фактори резултира со тврдење дека радикалните исламистички групи не само што користат институционални наследства туку имаат и значително претходно искуство во справувањето со сирискиот режим што го немаше секуларната опозиција.

- **Хипотеза 3: Надворешни спонзори**

Формалните и неформалните надворешни спонзори ги поттикнаа секташките идентитети, коишто ги фаворизираа радикални исламистички групи. Според Кертис Рајан[20], Сирија ја претставува „Новата арапска студена војна“, која е историска референција за меѓуарапските борби за моќ од 1950-тите до 1970-тите. Дваесет и првиот век беше сведок на три традиционални центри на моќ на Блискиот Исток: Египет, Ирак и Сирија на коишто значително се намали нивната важност, додека другите регионални играчи се издигнаа во првите редови, имено Иран и Саудиска Арабија.

Многу силен религиозен и идеолошки елемент го придружува овој меѓудржавен натпревар што ги наведува сунитите и шиитите едни против други. Бидејќи групите во Сирија се натпреваруваат за надворешна поддршка и ресурси, тие го усвојуваат идеолошкиот изглед што би одговарал на нивните донатори. Оваа динамика ги обесхрабрува групите да се обединат бидејќи не си требаат едни на други за поддршка и, како што се интензивира конфликтот, групите стануваат сѐ

---

[19] Raphael Lefevre, *Ashes of Hama-The Muslim Brotherhood in Syria*, Oxford University Press, 2013.
[20] Curtis Ryan, “The New Arab Cold War and the Struggle for Syria,” *Middle East Report* 262, vol. 42 (Spring 2012, достапно на: http://www.merip.org/mer/mer262/new-arab-cold-war-struggle-syria.

повеќе надворешно секташки, кои уникатно одговараат на радикалните исламистичко-џихадистички групи.

## 1.6. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊА

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да се добие една систематизирана целина.

Од методолошка гледна точка ова истражување има дескриптивен и експликативен карактер. Со истражувањето прецизно ќе се опишат одредени состојби, појави, како и фази на развој, тенденции и импликации предизвикани од еволуција на глобалниот џихад во Сирија. Од методолошка гледна точка, ова истражување има:

- **Дескриптивен карактер** – ќе биде во функција на правење научна дескрипција на редица сеопфатни, систематизирани целини и објективен приказ за појавата која се истражува, преку систематско прибирање податоци и извлекување соодветни заклучоци.

Во истражувањето ќе бидат користени секундарни извори на податоци, научна и стручна литература од области кои третираат ваков проблем, документи од областа на безбедноста, разузнавањето, борбата против тероризмот, интернет-страници, извештаи од меѓународни, државни и приватни институции.

- **Експликативен карактер** има својство да ги објасни процесите на проблемот кој е предмет на истражување, како и да ги објасни патеките до кои е дојдено до конкретните сознанија. Експликативниот метод треба да појасни врз основа на податоците кои се добиени од анализата со цел подобро да ги разбере подемот и еволуцијата на радикалните сунитски исламистички групи во Сирија, нивната структура, организација, идеологија и начини на делување, како и влијанието на други државни и недржавни фактори.

Посебна примена во истражувањето ќе најдат следниве методи:

- **Анализа на содржина** ќе најде своја примена во анализа на историографските податоци, теориските сознанија, анализа на текстови, научни трудови, книги, весници, статистички показатели и интернет-страници, документи од областа на безбедноста, тероризмот, извештаи од невладини, државни и меѓународни институции. До потребните основни вредности во анализата на содржината ќе се дојде со употреба на квалитативна анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.
- **Компаративен метод** ќе се користи со цел да се изврши делумна, квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа ќе се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените хипотези. За анализа на квалитативните податоци ќе се применат описот, анализата на содржината и интерпретација на податоците, применувајќи притоа одредени компјутерски програми.
- **Историографски метод** ќе најде примена со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација. Тоа значи да се опфатат хронолошките текови на глобалниот џихад од неговото првично постоење, периодот на процесот на еволуција од времето на мобилизацијата против Советскиот Сојуз во Авганистан, и периодот за време на Арапската пролет па сѐ до ден-денес.

## 1.7. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти и да даде насока во подобрување на квалитетот подобро да се разберат подемот и улогата на џихадистичките организации Ахрар ал-Шам, Јабхат ал-Нусра и Исламска држава во сирискиот конфликт којшто беше повеќеслоен. Мора да се користи динамичен пристап за да се поразат и да се употребат сите инструменти на

национална моќ – дипломатска, воена, информативна и економска. Во делото „Уметноста на војувањето“ Сун Цу напиша за неопходноста да се познавате себеси и вашиот непријател, како и императивот за напад на стратегијата на вашиот непријател.[21] Оваа теза дава солидна основа за разбирање на нијансите на нашите сегашни и идни непријатели, како и нивните стратегии.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат можностите на заедничко дејствување на земјите кои се засегнати од влијанието, подемот и еволуцијата на глобалниот џихад во насока на намалување на последиците од тероризмот и терористичките закани и напади.

## 2. ГЕНЕЗА И ЕВОЛУЦИЈА НА ГЛОБАЛНИОТ ЏИХАД

Џихадот е концепт базиран на вера кој промовира „божествено одобрена војна со цел или да ја прошири исламската религија или да ја одбрани.“[22] На арапски, зборот е најбуквално преведен во „стремење“ или напор, врз верскиот императив на Куранот.[23] Џихадот е поделен на два императиви: офанзивен џихад (фард киф-фаја), кој е колективна обврска на муслиманите да се борат по барање на исламски владетел; одбранбен џихад (фард-ајн) е индивидуална должност на сите способни муслимани да ги бранат сите загрозени муслимански заедници, дури и во отсуство на авторитативни наредби на исламските јавни претставници.

Глобализацијата на џихадот може да се каже дека се одвиваше во неколку фази и процеси, почнувајќи од мобилизацијата против Советскиот Сојуз во Авганистан во 1980-тите до тековната кампања на Исламската држава. Крајот на глобалниот џихад исто така е помалку разбран, вклучувајќи ги условите под кои џихадиските групи може да ги одбијат ал-Каеда (АК) или Исламската држава (ИД). Глобалниот џихад се состои од спектар на четири меѓусебно поврзани димензии кои може да се разделат на повеќе делови. Кога Џабхат ал-Нусра се појави во

[21] Sun Tzu, *The Art of War*, trans. Samuel B. Griffith (London, England: Oxford University Press, 1971), 77 and 84.
[22] David Cook, Martyrdom in Islam. Vol. 4. Cambridge, UK., Cambridge University Press, 2007. x.
[23] Gerhard Böwering. Patricia Crone, Mahan Mirza, and Inc ebrary. The Princeton Encyclopedia of Islamic Political Thought. Princeton, N.J: Princeton University Press, 2013. 1.

Сирија, таа беше само делумно глобалистичка. Отфрлањето на Исламската држава и ал-Каеда од страна на ал-Нусра беше резултат на нејзиното противење на нивните стратегиски цели наспроти позадината на еволуцијата на Сирискиот конфликт, кој го уништи глобализмот на ал-Нусра и го направи особено скап. Истражувањето за глобалниот џихад ги откри неговите повеќекратни аспекти. Студирањето на случаи на земји и групи го анализираат образложението зад усвојувањето на глобалистичката агенда на некои од нив, особено во Египет.[24] Овие случаи ги изложуваат образложенијата и разграничувањата на стратегиите за франшиза на ал-Каеда, нејзината практичност и ограничувања.

Трансформацијата на ал-Каеда по уништувањето на нејзината Авганистанската база придонесе за нејзината хибридизација бидејќи локалните групи се „глокализираа“ со мешање на локални и глобални цели.[25] Главните случаи на суштинско откажување од џихадот е делумното откажување од насилството од страна на неколку групи кои беа лабаво поврзани со ал-Каеда во Египет и Либија, како и нивното делумно учество на парламентарните избори по 2011 година. Но, ниту една група пред прогласот на Џабхат ал-Нусра во јули 2016 година во Сирија не се откажа од поврзаноста кон ал-Каеда или Исламската држава. Преседанот направен од Џабхат ал-Нусра/Хајат Тахрир ал-Шам обезбедува уникатно разбирање за тоа како глобалниот џихад завршува. Иако неколку групи поврзани со ал-Каеда претходно ги истакнаа своите локални перспективи, тоа е прв пат поранешна франшиза на ал-Каеда експлицитно да ги прекине своите врски со организацијата, да ги потчинува лојалистите на ал-Каеда и да наметнува строги услови за странците борци. Овој студиски случај до сега е претставен емпириски, бидејќи многу интерни документи беа широко изложени и објавени од страна на поддржувачите на Хајат Тахрир ал-Шам и ал-Каеда и чекор по чекор за да се реконструира раздорот. Општ консензус е дека ал-Нусра ја тргна раката од

[24] Fawaz A. Gerges, The far enemy: why Jihad went global (Cambridge: Cambridge University Press, 2009); Camille Tawil, Brothers in arms: the story of Al-Qa'ida and the Arab Jihadists (London: Saqi, 2011); Drevon, Jerome, Institutionalizing Violence: Strategies of Jihad in Egypt (Oxford: Oxford University Press, 2022).
[25] Jean-Luc Marret, “Al-Qaeda in Islamic Maghreb: A “Glocal” Organization,” Studies in Conflict & Terrorism 31, no. 6 (June 2008): 541-552; Adib Bencherif, “Unpacking “glocal” jihad: from the birth to the “sahelisation’ of Al-Qaeda in the Islamic Maghreb”, Critical studies on terrorism 14, no. 3 (August 2021): 335-353.

лидерите на ал-Каеда и ја прекина својата заклетва за верност кон организација пред да создаде нова група наречена Хајат Тахрир ал-Шам во сојуз со другите сириски бунтовници неколку месеци подоцна.

За целосно да го поништи политичкото несогласување, ал-Асад издаде преклопување на одговорностите и им додели на службите автономија за да може превентивно да дејствуваат кога ќе се смета неопходно. Генерално, обидите на ал-Асад да ја стабилизира Сирија беа неверојатно успешни, на тој начин што вешто ги надмина секташките и политичките прашања во Сирија „преку принуда, распространет шпионски апарат, внимателно конструирани племенски и семејни сојузи, поткуп и примена на тактиката раздели и владеј.“

### 3.4. БАШАР АЛ-АСАД И СИРИСКАТА ПОБУНА

Кога Хафез ал-Асад почина во 2000 година, неговиот син Башар го наследи режимот на неговиот татко. Пред неговата смрт, Хафез му даде на Башар уникатен курс во основите на владеењето во Сирија откако неговиот најстар син и наследник Басел загина во сообраќајна несреќа во 1994 година. Кога Башар ја презеде функцијата, тој предизвика големо ветување до сирискиот народ во неговото инаугуративно обраќање. Тој изрази желба за економски реформи и зборуваше за потребата од инкорпорирање на модерното размислување во државната бирократија; сепак, промената ќе се покаже потешка отколку што Башар замислуваше. Основата на системот на неговиот татко беше контролата и опстанок; тоа не беше систем кој лесно се усогласуваше. Башар ги доживеа тешкотиите од прва рака додека спроведуваше агресивни реформи со катастрофални последици, но, со оглед на задушувачката моќна структура во Сирија, тој и повеќето експерти низ светот беа запрепастени кога побуните се проширија во Сирија.

---

[62] David W. Lesch, “The Uprising That Wasn’t Supposed to Happen: Syria and the Arab Spring,” in The Arab Spring: Change and Resistance in the Middle East, edited by Mark L. Haas and David W. Lesch (Boulder, CO: Westview Press, 2012), 84.

За време на интервју за „The Wall Street Journal“ на крајот на јануари 2011 година, Башар објасни зошто Арапската пролет нема да влијае на неговата земја: „Сирија е стабилна. Зошто? Затоа што треба да бидете многу тесно поврзани со верувањата на луѓето. Ова е суштинско прашање. Кога има дивергенција... ќе го имате овој вакуум што создава нарушувања.“[63] Ал-Асад, исто така, понуди иронично предупредување до другите арапски лидери во регионот: „Ако не ја видовте потребата од реформи пред она што се случи во Египет и Тунис, предоцна е да се направи каква било реформа.“ Ал-Асад го даде интервјуто приближно еден месец пред Арапската пролет да ја погоди Сирија; тој јасно мислеше дека Сирија е имуна. Зошто тогаш Сириското востание започна во 2011 година?

Додека различни фактори ја направија Сирија ранлива на Арапската пролет, социо-економските и демографските причини се блиску до самиот врв. Со користење план изготвен од страна на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Башар воведе серија агресивни економски реформи во 2005 година за да се пренасочат кон полиберална економија, со пренасочување на владини субвенции за храна и приватизирање на државните средства.[64] Неговата намера беше да се премине од државна економија, воведена од Египет за време на годините на ОАР и промовирана од страна на неговиот татко, кон социјална пазарна економија промовирана од ММФ и западните земји. Резултатите беа катастрофални.

Кога Башар ги пренасочи субвенциите за храна, тој имаше намера да го промовира капитализмот и да ги пренасочи руралните земјоделци да се потпираат помалку на државата преку подобри земјоделски техники. Како резултат, тој понуди селективни субвенции за храна, гориво и вода. Една од најтешките суши во модерната историја ја погоди Сирија од 2006 до 2010 година. Според Бред Пламер, „75 отсто од земјоделците претрпеа целосно промашување на земјоделските реколти.“[65] Под режимот на Хафез ал-Асад, владата ќе ги поддржеше земјоделците;

---

[63] Jay Solomon And Bill Spindle, “Syria Strongman: Time for ‘Reform,’” Wall Street Journal, January 31, 2011, http://www.wsj.com/articles/SB10001424052748704832704576114340735033236
[64] Gelvin, The Arab Uprisings: What Everyone Needs to Know, 107.
[65] Brad Plumer, “Drought Helped Cause Syria’s War. Will Climate Change Bring More like It?,” The Washington Post, September 10, 2013, http://www.washingtonpost.com/blogs/wonkblog/wp/2013/09/10/drought-helped-caused-syrias-war-willclimate-change-bring-more-like-it/.

сепак, Башар несмислено решил да го задржи курсот на неговите реформи. Со тоа го прекршил социјалниот договор што неговиот татко го имал со руралните селани кои беа огорчени затоа што ја загубија егзистенцијата. Не случајно сириските побуни започнаа во руралните области коишто беа најтешко погодени од реформите и сушата.

Вториот аспект од реформите на Башар беше приватизацијата на владините средства. Тој се обиде да ја турне бизнис-класата што ја создаде неговиот татко од јавната во приватната сфера. Наместо да го поттикнува капитализмот и здравата конкуренција, ова го влоши кронизмот што одамна беше воспоставен со фаворизираната бизнис-класа. Корупцијата и богатството се зголемија до нови висини во рацете на неколку избрани семејства особено семејствата на Махлуф и Тлас. За жал, реформите на Башар беа осудени на пропаст делумно поради внатрешни прашања во Сирија и делумно поради надворешните околности како што е глобалниот економски колапс во 2008 година.

Сириското востание започна кога локалната разузнавачка служба во руралниот град на Дера, Сирија, уапси група школски деца кои во близина на нивното училиште на ѕид напишаа „долу со режимот". Децата биле испратени во Дамаск каде што наводно биле испрашувани и мачени и покрај тоа што семејствата се залагале за нивно ослободување.[66] Моралниот гнев на инцидентот во комбинација со револуционерниот жар што го зафати регионот беше доволен за луѓето да излезат на улица во знак на протест во средината на март 2011 година; сепак, ситуацијата сѐ уште беше локализирана.

На пример, првичниот протест привлече неколку илјади учесници, но огромната режимска репресија ја ескалира ситуацијата кога безбедносните сили отворија оган да ја растераат толпата. Протестот следниот ден се зголеми на околу 20 000 луѓе. Во рок од неколку недели, протестите како зараза се проширија и во другите рурални области. Исто како и во Дера, владата одговори со огромно насилство сѐ со цел да ги обесхрабрат другите, но нивните тактики беа неуспешни:

[66] Lesch, Syria: The Fall of the House of Assad, 56.

тие ја формираа основата на опозициската свест кај сунитските маси кои беа инспирирани од нивните арапски браќа кои ги урнаа сопствените авторитарни режими.

Во април, катализатор за зголемување на мобилизацијата се случи кога локалната разузнавачка служба во Дера го мачела и убила 13-годишниот Хамза ал-Хатиб. Инцидентот го поттикна собирниот извик „Сите сме Хамза ал-Катиб", кој потсетуваше на слоганот „Сите сме Калед Саид" од Египет.[67] Смртта на ал-Катиб беше пресврт во играта за сириските граѓани кои претходно не беа принудени масовно да се мобилизираат. „Денови на гневот" се прошири низ целата земја, а протестите експоненцијално растеа и сè повеќе излегуваа од контрола, бидејќи режимот одговори со ескалација на насилство.

## 3.5. ПОЛИТИЧКО ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА НАСТАНУВАЊЕТО НА РАДИКАЛНИ ИСЛАМИСТИЧКИ ГРУПИ

Во текот на раните фази на сириското востание, радикалните исламистички групи беа видно отсутни. Од трите главни групи, Ахрар ал-Шам и Џабхат ал-Нусра почнаа да се истакнуваат на почетокот на 2012 година, а Исламска држава влезе во комбинација во август 2013 година. Во однос на колективната акција, сите три се сметаат за „доцна дојдени" во конфликтот во споредба со секуларната опозиција што беше вклучена од самиот почеток. Самата сириска граѓанска војна ја промени динамиката на моќната структура внатре во земјата. Сепак, едноставно да се обвини граѓанската војна за почетната радикална исламистичка мобилизација е прекумерно поедноставување. Повеќе потребна е нијанса за да се разбере уникатниот збир на околности во конфликтот што не само што им даде простор на радикалните исламисти да се мобилизираат но и какви фактори на животната средина придонесоа за веројатноста за нивна успешна мобилизација. Концептот на структурни политички можности од теоријата на социјалното движење обезбедува

---

[67] Sonia Verma, "How a 13-Year-Old Became a Symbol of Syrian Revolution," The Globe and Mail, June 1, 2011, http://www.theglobeandmail.com/news/world/how-a-13-year-old-became-a-symbol-fsyrian-revolution/article4260803

корисна аналитичка алатка за да се ограничат специфични елементи. Во случај на раните фази на Сирискиот конфликт, две специфични случувања ја сменија динамиката на оперативна средина која значително го зголеми потенцијалот на радикалните исламистички групи успешно да се мобилизираат: фрагментираната сириска опозиција и стратегијата на владата на ал-Асад за борба против бунтовниците.

### 3.5.1. Фрагментирана опозиција

Општа заблуда за Арапската пролет е дека граѓаните спонтано излегоа на улица за да бараат слобода и промени. Додека тој наратив има холивудската привлечност, реалноста за земјите од Арапската пролет како Египет што успешно ги соборија нивните режими, различните активистички групи ги користеа претходните настани како можности за да се мобилизираат таму каде што научиле вредни тактики и организациски вештини. Според Џоел Бенин, помеѓу 1998 и 2010 година учествувале до четири милиони египетски работници во 4 000 штрајкови кои имаа ефект на „популаризација на културата на протест.“[68] Тоа претставуваше важен извор за лидерство, работна сила и дисциплина во моментот кога Египќаните излегоа на улиците. Во сириското репресивно опкружување, нејзините граѓани го немаа истото ниво на искуство што го имаа Египќаните. Најголемиот предизвик со кој се соочија сириските демонстранти не беше самиот режим, туку недостатокот на организација и искуство во протестите, што ја зголеми веројатноста за фрагментација. Како што растеше опозицијата, така станувaше сè повеќе децентрализирана, што ја направи подложна на провокациите на сирискиот режим за насилство. Откако избувна насилството, тоа не можеше да се ограничи, а опозицијата се подели на многубројни фракции.

Во Сирија се појавија три генерални опозициски групи. Локални граѓански движења како што се Локални координативни совети (ЛКС) формирани за да организираат протести и да ги шират пораките на опозицијата на социјалните

[68] Joel Benin, The Rise of Egypt’s Workers (Washington, DC: the Carnegie Endowment for International Peace, 2012), 3, http://carnegieendowment.org/2012/06/28/rise-of-egypt-s-workers.

мрежи.[69] Сириски војници кои дезертираа ја формираа Слободната сириска армија (ССА) за да ги брани сириските граѓани кои беа нападнати од режимот, особено во Хомс, Сирија. Надвор од Сирија, истакнати сириски лидери во егзил го формираа Сирискиот националниот совет (СНС) во Турција за да добие меѓународна поддршка за опозицијата; сепак, најголемиот проблем меѓу сите групи беа комуникацијата и недостатокот на лидерство.[70]

### 3.6 Стратегијата на ал-Асад за борба против бунтовниците

На почетокот на востанието во 2011 година, режимот одговори со својата стандардна метода за справување со неистомислениците: безбедносните сили дејствуваа превентивно и убиваа неказнето. Башар очигледно беше изненаден од тоа колку брзо се проширија протестите и изгледаше несигурен за начинот како да одговори. Помина цела недела пред тој да ѝ се обрати на земјата и неговата прва изјава за јавноста беше изненадувачка за некои, но не и за кој било студент по сириска историја.

Башар ги обвини протестите дека се поврзани со странски агенти и терористи. Тој истакна дека неговата влада ќе ја заштити Сирија по секоја цена: „Мојата одговорност останува дека треба да ја заштитам безбедноста на ова земја со цел да се обезбеди нејзината стабилност."[71]

Откако започна востанието, Башар ал-Асад ги ослободи единиците во кои доминираа Алавитите, конкретно Четвртата оклопна дивизија, Републиканската гарда и специјалните сили. Тие почнаа систематски да ја напаѓаат опозицијата предводена од сунитите, но тоа беше различно од Хама во 1982 година. Бидејќи неговите алавитски единици сочинуваат само една третина од сите сили, тој немаше доволно војници за да врши офанзивни операции, да ја расчисти и држи територија истовремено. Плашејќи се дека неговите сунитски војници во редовните

---

[69] Asaad Al-Saleh, Dissecting an Evolving Conflict: The Syrian Uprising and the Future of the Country (Washington, DC: Institute for Social Policy and Understanding 2013), 5, http://newamerica.net/publications/policy/dissecting_an_evolving_conflict.
[70] Gelvin, The Arab Uprisings: What Everyone Needs to Know, 114.
[71] Lesch, Syria: The Fall of the House of Assad, 76.

единици ќе дезертираат, како што направија многумина на почетокот на конфликтот, режимот најмногу ги држеше во своите гарнизони и ги надополнуваше своите борбени сили со алавитските милиции познати како шабиха.

Стратегијата на Хама од 1982 година прави некои разбирања зашто Башар ги обележи протестните движења како терористички од самиот почеток: тоа одговараше на постојниот режимски план. Како резултат на тоа, целата реакција на владата беше зависна од потврдувањето на наративот за терористичка завера. За да го постигнат тоа, неколку научници ги опишале напорите на Сирискиот режим. Џенкинс нагласи дека режимот започнал „интензивни програми за пропаганда со прикажување на противниците на режимот како терористи“, О'Бејги акцентираше дека режимот започнал да ги пушта познатите радикални исламисти од затворите во Сирија, знаејќи дека тие ќе се придружат на опозицијата. Во меѓувреме, умерената опозиција го сноси најголемиот товар на сите режимски напади, што ја ослабе нејзината способност за обединување. Тврдењата на режимот дека радикалните исламисти беа поттикот зад опозицијата на крајот стана самоисполнувачко пророштво.

## ЗАКЛУЧОК

Ова поглавје ја даде историската основа и го поврза потеклото на традиционалните секташки, политички и економски непријатности со сегашниот конфликт во Сирија. Ова покажува дека сириската граѓанска војна не е само секташка борба како што често се прикажува во медиумите; други фактори како што се рурално-урбани и социо-економски се исто толку важни. Од перспектива на радикалните исламистички групи, тие не можеа да напишат подобра ситуација за искористување. Историските незадоволства на Сирија нудат бескраен извор за пропаганда. Радикалните исламистички групи, исто така, имаа огромна корист со влегувањето во конфликтот откако тој започна.

За сите намери и цели, фрагментираната опозиција функционираше како ранобудник во конфликтот со нарушување на рамнотежата на моќта.[72] Ова им овозможи на радикалните исламисти отворено и неограничено да се мобилизираат за прв пат во сириската историја. Дополнително, додека основата на антибунтовничката стратегија на режимот беше борбата против терористите, тоа ги истроши секуларните и умерените елементи додека радикалните исламисти намерно беа оставени непречено да функционираат.

## 4. ИДЕОЛОГИЈА НА КЛУЧНИТЕ АКТЕРИ

Според сите процени, радикалните исламистички групи значително се зголемија од избувнувањето на сириското востание во 2011 година. Од идеолошка перспектива, некои ја имаат доведено во прашање улогата на радикалниот сунитски ислам не само како културен мобилизирачки фактор туку и дали сирискиот народ едноставно повеќе го привлекува. Едноставен поглед на религиозната демографија во Сирија покажува дека сунитите сочинуваат приближно 75 проценти од вкупното население.[73] Сепак, тоа би бил редукционистички и есенцијалистички аргумент за произволно да го поврзува подемот на радикалните исламистички групи со значителното сунитско население во Сирија без дополнителни докази. Присуството на сунитско мнозинско население не е валиден показател дека радикалниот исламизам ќе процвета во сегашниот конфликт. Сепак, не постои недостиг од научници и политичари кои го наведуваат исламот воопшто како основна причина за пораст на исламистичките групи како целина низ светот.

Во овој контекст, како тогаш се размножи радикалната исламистичка идеологија во Сирија и успеа да напредува во конфликт кој започна како секуларна и националистичка борба? Како радикалните верзии на исламот преовладуваат над

---

[72] Reinoud Leenders, “Collective Action and Mobilization in Dar’a: An Anatomy of the Onset of Syria’s Popular Uprising,” Mobilization: An International Journal 17, no. 4 (December 2012): 419

[73] Gelvin, The Arab Uprisings: What Everyone Needs to Know, 102.

умерените толкувања? По истражувањето на основата на радикалната исламистичка идеологија, ќе ги користам елементите на теоријата на радикализација и културно врамување од теоријата на социјалното движење како аналитичка рамка за испитување на идеолошката привлечност на радикалните исламистички групи во контекст на сириската граѓанска војна. Констатирам дека комбинацијата на салафистичко-џихадистичката идеологија со сунитско население поларизирано од неселективната режимска репресија претставува плодна средина за врамени стратегии употребени од Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава.

## 4.1. САЛАФИЗАМ И УЛОГА НА ИДЕОЛОГИЈАТА

Во контекст на сириската граѓанска војна, Арон Лунд истакна дека „Исламот функционира и како подготвен за употреба на идеолошка призма, секташки идентитетски маркер и алатка за ефективна мобилизација во сунитските муслимански области."[74] Сепак, сунитскиот ислам е далеку од тоа да биде монолитен: постојат многубројни начини да се толкуваат неговите учења. За истакнатите сириски радикални исламистички групи, основата на нивната верзија на исламот лежи во салафизмот.

Салафизмот е пуританска форма на сунитскиот ислам кој се обидува да ги исчисти традициите и племенски обичаи од сунизмот кои се развивале низ вековите.[75] Концептот на ,,тавхид" (единството на Бога) ја формира основата на салафистичката вероисповед, а за заштита на тавхидот, строго придржување кон Куранот, и настојуваат да го имитираат пророкот Мухамед и неговите најрани следбеници на секој можен начин.[76] Врз основа на нивните буквални толкувања на исламот, салафистите исто така веруваат во неопходноста од воспоставување

[74] Aron Lund, Syrian Jihadism (Stockholm, Sweden: The Swedish Institute of International Affairs, 2012), 11, www.ui.se/upl/files/77409.pdf.
[75] Lund, Syria's Salafi Insurgents, 5.
[76] Quintan Wiktorowicz, "Anatomy of the Salafi Movement," Studies in Conflict and Terrorism 29, no. 3 (2006): 207

исламска држава управувана од шеријатот (исламскиот закон).[77] Глобалните салафистички мрежи добиваат значителна духовна и материјална поддршка од Саудиска Арабија, која го претставува епицентарот на салафистичката идеологија.

Додека салафистите се согласуваат за неопходноста од тавхид, тие значително се разликуваат во однос на прифатлива форма на активизам за постигнување на нивните цели и субјективната природа на тоа како да се примени исламот за современите прашања. Според Викторович, салафистите се поделени на три фракции: пуристи, кои се ненасилни фундаменталисти кои бараат промени преку дава (проповедање), политичари, кои работат во рамките на постојниот политички систем за да воспостават Исламска држава преку реформи, и џихадисти, кои се залагаат за насилство (или џихад) како единствено решение за постигнување исламска држава. Така, главниот извор на спор на меѓу салафистите има тенденција да биде стратегијата, а ултранасилните салафистичко-џихадистички движења како ал-Каеда, Исламска држава, Боко Харам во Нигерија и ал-Шабаб во Сомалија меѓу другите се малцински на периферија и супкатегорија на салафизмот. Статистички гледано, мнозинството салафисти се обидуваат да ги помират нивните верувања преку ненасилни средства. Во рамките на оваа конструкција, салафистичките групи во Сирија спаѓаат некаде на лизгачка скала на контекстуална интерпретација и идеолошка софистицираност.

Расчленување на салафистичките групи во контекст на тековната граѓанска војна во Сирија може да биде особено предизвикувачка поради грешките меѓу политичките реформи и вооружената опозиција која е нејасна. Независно од тоа, огромното мнозинство на литературата за салафистички групи кои се борат во Сирија ги идентификуваат Ахрар, ал-Нусра и Исламска држава како најистакнати и секоја од тие групи тврди дека џихадот е централен во нивните напори за соборување на режимот.

Од трите групи, Исламска држава цврсто се наоѓа на најекстремниот крај на спектарот. Таа зазема бинарна позиција со насилно спротивставување на сите кои

[77] Marc Sageman, Understanding Terror Networks (Philadelphia: University of Pennsylvania Press, 2004), 116.

не се придржуваат до нивниот светоглед, вклучувајќи ги и другите џихадистички групи. Џабхат ал-Нусра е технички екстремен, но не толку екстремен како ИД. Како огранок на ал-Каеда во Сирија, таа се придржува до визијата на ал-Каеда за воспоставување исламски калифат, но користи прагматичен пристап за да добие поддршка од народот наместо доктринарно чистиот пристап на ИД. Ахрар ал-Шам салафистите е најмалку екстремна од трите групи и се обидува да биде умерена опција. Како што исламот не е монолитен, така и овие џихадистички групи не се монолитни. Два фактори се од витално значење за да се објасни зошто сирискиот конфликт е идеална почва за џихадистите: владата на Башар ал-Асад го претставува совршениот џихадистички непријател и неселективната режимска репресија го потврдува џихадистичкиот наратив.

### 4.2. РЕЖИМОТ НА АЛ-АСАД КАКО СОВРШЕН ЏИХАДИСТИЧКИ НЕПРИЈАТЕЛ

Пред сириското востание, Нибрас Казими го нарече режимот на ал-Асад како „совршен непријател“ за џихадистите бидејќи, според нивниот светоглед, режимот претставува „тиранска, секуларна и еретичка“ тројка.[78] Почнувајќи од описот „тиранска“ со кој малкумина би можеле да не се согласат, режимот на ал-Асад започна кога Хафез ал-Асад го предводеше неговиот ненасилен државен удар во 1970 година и го осигури режимот за да го зацврсти неговото владеење. Како што во второто поглавје е објаснето, резултат на напорите на Хафез беше тоа што неговиот режим безмилосно ја уништи секоја опозиција, вклучително и Сириското муслиманско братство и нејзиниот радикален огранок Борбената авангарда во 1982 година за време на исламистичката побуна. Кога најлојалните единици на режимот во кои доминираа Алавитите ја уништија исламистичката опозиција во Хама, Сириското муслиманско братство беше забрането, а неговите членови бараа засолниште во соседните држави, особено во земјите од Заливот. Преживеаните членови на Борбената авангарда исто така побегнаа од Сирија и отпатуваа во

[78] Nibras Kazimi, Syria through Jihadist Eyes: A Perfect Enemy (Stanford, CA: Hoover Institution Press, 2010), 80.

Авганистан за да водат џихад против Советскиот Сојуз. Додека исламистите беа десеткувани, цивилното население беше исто така со околу 10 000 до 40 000 загинати цивили од рацете на режимот.[79]

Злосторствата во Хама беа трајно врежани во меморијата на многумина од сунитското население. Додека режимот е познат по авторитаризмот и репресијата, сеќавањето на Хама е пример за тиранскиот режим што често џихадистите го наведуваат денеска.

Секуларната доктрина на режимската партија Баат е вториот аспект што го прави режимот совршен непријател на џихадистите. По дефиниција, партијата Баат меѓу другите идеологии претставува комбинација на секуларизам, арапски национализам и социјализам. Историското размислување зад баатизмот беше да го обедини различното население во Сирија. Како правило, сите салафисти се придржуваат до принципот на тавхид, а повеќето џихадисти се придржуваат до принципот на Сејид Кутб концепт на *хакимијат Алах* (апсолутен суверенитет на Бога), кој го отфрла човечкиот суверенитет над другите луѓе.[80] Кога се комбинира, баатизмот е во целосна спротивност со верските и политички ставови на џихадистите на повеќе нивоа.

Третиот аспект, кој е можеби најмоќната мобилизирачка алатка во време на секташки судири, е присуството на Алавитите на клучните лидерски позиции во Сирискиот режим. Алавитите се сметаат за огранок на шиитскиот ислам; сепак, алавитскиот верски поглед наводно исто така содржи елементи на феникснииот паганизам и христијански тринитаризам, што додава ниво на мистерија околу нивните верувања.[81] Во регион кој е богат со сунитско-шиитската тензија, Алавитите се лесна мета на џихадистичкиот гнев поради тоа што се поврзани не само со шиитскиот ислам, туку и со претставување на политеистичките тенденции,

---

[79] Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 77 and 128.
[80] Roxanne Leslie Euben and Muhammad Qasim Zaman, Princeton Readings in Islamist Thought: Texts and Contexts from Al-Banna to Bin Laden, (Princeton: Princeton University Press, 2009), 131; Wiktorowicz, "Anatomy of the Salafi Movement," 208.
[81] Nisan, Minorities in the Middle East: A History of Struggle and Self-Expression, 115.

непростлив грев во очите на џихадистите. Така, џихадистите ги етикетираат Алавитите како еретичка секта.

Покрај гореспоменатите причини, режимот на Башар ал-Асад е цврст сојузник на Иран и Хезболах, кои се смртни непријатели на сунитските џихадисти. Така, режимот претставува сѐ што џихадистите презираат и е совршен непријател што треба да го оцрнуваат во нивната идеологијата. Сепак, присуството на режимот не е доволно за да се објасни зошто салафистичко-џихадистичката идеологија одекнува и напредува во сегашната граѓанска војна.

### 4.3. СУНИТСКИ МОРАЛЕН ГНЕВ

Многу истакнати научници за радикализацијата како што се Викторович и Сагеман обезбедија увид во процесот на тоа како едно лице може да се радикализира и да се приклучи на џихадистичка група. Викторович промовира линеарен модел на радикализација што започнува со присуството на „когнитивно отворање“, кое може да биде криза или искуство за справување со дискриминација, виктимизација или понижување, што предизвикува лицето да биде рецептивно за радикални идеи. Сејџман се согласува со тврдењето за когнитивно отворање, но нагласува дека секој когнитивен настан мора да биде „големо морално прекршување“ што предизвикува бес.[82] Покрај когнитивните отвори, присуството на други фактори на животната средина како што се заеднички закани, длабоки чувства на омраза и намерни активности преземени од џихадистичките групи за регрутирање на разочараните ја зголемуваат веројатноста за радикализација. Според Меколи и Москаленко, „групите во конфликт, особено ако конфликтот вклучува продолжено насилство, стануваат поекстремни во нивните негативни перцепции еден кон друг.“[83] Кога една група е под закана или постојано напаѓана од друга, таа ја зголемува свеста за „ние“ и „нив“, и моќните емоции на омраза почнуваат да служат како „екстремна форма на негативна идентификација“ за да се

---

[82] Marc Sageman, “A Strategy for Fighting International Islamist Terrorists,” Annals of the American Academy of Political and Social Sciences 618, no. 1 (2008): 225.
[83] McCauley and Moskalenko, Friction, 164.

олесни масовната радикализација. Во случајот со сириското востание, постојат многубројни примери на режимска бруталност што претставуваа големи морални прекршувања кон сунитското рурално население.

Протестите на Арапската пролет во Сирија започнаа кога учениците од Дера напишаа на ѕид „долу за режимот“ во близина на нивното училиште. Режимот одговори со нивно испраќање во Дамаск каде што беа наводно испрашувани и мачени и покрај тоа што семејствата се залагале за нивно ослободување.[84] Без оглед на долгогодишните социо-економски и политички поплаки на земјата и репресивната репутација на режимот, мачењето на децата е она што ги мотивираше првичните демонстранти да излезат на улиците.

Смртта на Хамза ал-Хатиб служи како уште еден пример. Во мај 2011 година, луѓето низ целиот свет беа ужасени кога ал-Џезира објави видеоклип на кој беше прикажано осакатеното тело на 13-годишниот Хамза ал-Хатиб. Безбедносните сили во Дера го уапсија во април 2011 година за време на протест на кој присуствувал заедно со неговиот татко. По повеќекратните барања од неговото семејство, безбедносните сили во мај го вратија безживотното тело на Хамза. Тешко е да се измери моралниот бес, но, и покрај сите сурови тактики на режимот за време на раните фази на востанието, ништо освен смртта на Хамза ал-Хатиб не предизвика „Денови на бес“ низ целата земја.

Колку повеќе протестите се ширеа низ руралните сунитски области, толку повеќе одговорите на режимот почнаа да добиваат форма на колективна казна. Опсадата на квартот Баба Амр во градот Хомс и употребата на барел бомби во Алепо се пример за режимските тактики. Откако започна востанието во Дера, тоа се прошири и во други градови како Хомс. Населбата Баба Амр се сметаше за упориште на опозицијата во текот на 2011 година, а неговите жители биле исклучиво сунити. Во февруари 2012 година, владините сили ја опколија населбата со доминантно алавитски сили и го засипаа квартот со артилериски оган. До март, владините сили ја поразија опозицијата, но опсадата на Баба Амр беше изведена на начин кој потсетува на масакрот во Хама во 1982 година, со којшто го доближи

[84] Lesch, Syria: The Fall of the House of Assad, 56.

џихадистичкиот наратив до **неправдите** што ги доживуваа локалните жители во Хомс.

Има многу други примери што предизвикаа морален гнев како што се масакрите спроведени од паравоената единица Шабиха во сунитските села Хула и Кубајр лоцирани во близина на Хомс и Хама, каде што единицата егзекутираше приближно 186 луѓе, вклучувајќи жени и деца.[85] Сите горенаведени настани илустрираат дека режимската тактика ги засили секташките расцепи. Додека опозицијата првично стави акцент на секуларните вредности, религиозните наративи како салафистичко-џихадскиот наратив почнаа да имаат најмногу смисла. Сириските салафисти се цврсто антирежимски и антиалавитски настроени.

Во Сирија, рамковниот концепт ја нуди алката што недостасува за она што им олеснило на оштетените сунитски популации когнитивно да се усогласат со џихадистите. Ахрар ал-Шам, ал-Нусра и Исламска држава претставуваат различни степени на екстремни верувања, што се рефлектира во нивните рамки. Иако се чини дека ова може да доведе до идеолошка конфузија, се случи токму спротивното. Разликата во Салафистичко-џихадиската апликација ги проширува опциите за луѓето да избираат од една од идеологиите која најостро се противи на режимот. Резултатот е дека секоја група нуди џихадистички избор, еден вид шведска маса, којашто може да се избере во зависност од околностите или изгледите на личноста. Во следните неколку делови ќе се анализираат темите од врамување и медиумските стратегии на секоја од овие групи.

### 4.3.1. Ахрар ал-Шам

Кога се формираше Ахрар ал-Шам кон крајот на 2011 година, неговите лидери следеа две стратегии: Обединување на салафистичките групи кои се борат во Сирија и се прикажуваат себеси како умерена салафистичка џихадистичка опција. На пример, Ахрар е водечка фракција во Исламскиот фронт (ИФ), кој е најголемиот блок на исламистичките групи. Според Лунд, ИФ се состои од седум

[85] Stephanie Nebehay, “Most Houla Victims Killed in Summary Executions: U.N.,” Reuters, May 29, 2012, http://www.reuters.com/article/2012/05/29/us-syria-un-idUSBRE84S10020120529; Jim Muir, “UN Monitors ‘Shot at’ in Syria,” BBC News, June 7, 2012, http://www.bbc.co.uk/news/world-middle-east-18352281.

исламистички групи чии бројки се движат помеѓу 45 000 и 70 000 борци, што најверојатно е претерано поради пропагандни цели.[86] Според *The Economist*, проценетата сила на Ахрар е помеѓу 10 000 и 20 000 борци.[87]

Почнувајќи со дијагностички рамки, каде што „подигнување на индивидуалните **поплаки** во системски неуспех и идентификување кого да се обвини“, Ахрар се потпира првенствено на „таргетирано оцрнување“ насочено кон сирискиот режим и ИД.[88] Заедничка тактика на радикалните Исламисти е во тоа што ги нарекуваат своите непријатели како неверници. Во сириското милје, постојат многу историски примери на Алавити кои неселективно се означени како неверници. Наместо да ги означи сите Алавити како неверници, Ахрар ал-Шам заседе повеќе нијансиран пристап нарекувајќи го режимот како „криминални нусајри“, што е историски погрден термин за Алавитите којшто се користи во фатвите од ибн Тејмије. Терминот е омаловажувачки бидејќи се однесува на основачот на алавитската вера кој бил поврзан со единаесеттиот шиитски имам, додека терминот алавит потекнува од четвртиот калиф Али ибн Абу Талиб чија смрт беше една од основните причини за поделбата на сунитите и шиитите. Употребата на нусајри наместо алавит е наменета да имплицира дека Алавитите се еретички огранок на шиизмот, а не вистински муслимани. Исто како Ахрар, ал-Нусра и Исламска држава исто така ја користат ознаката нусајри, но Ахрар се обидува да направи разлика помеѓу Режимот на нусајри и алавитското малцинско население, што на некој начин треба да демонстрира грижа за малцинствата додека во исто време го оцрнуваат режимот. Дополнително, Ахрар обично се однесува кон режимот како „криминалците нусајри“, кој го става акцентот на корупцијата и нелегитимноста наместо секташки повик против сите Алавити.

Во однос на Исламска држава, Ахрар јавно ги нарекува ќафири, што упатува на крајно екстремна исламска секта од седмиот век која радикално користела текфир (процес каде што еден муслиман прогласува друг муслиман за отпадник).

---

[86] Aron Lund, The Politics of the Islamic Front, Part 1: Structure and Support (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2014), http://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=54183.
[87] “Competition among Islamists,” The Economist.
[88] Doowan Lee, “A Social Movement Approach to Unconventional Warfare,” Special Warfare 26, no. 3 (2013): 30.

ќафирите се широко омразени во исламската историја, а етикетата е погрден термин наменет за да се повика на одбивност кај муслиманските заедници. На пример, кога еден бомбаш самоубиец за кој се процени дека е од ИД го уби Абу Калид ал-Сури во 2014 година, Хасан Абауд, кој подоцна наводно бил убиен исто од ИД, изјавил: „Се чини дека тој бил убиен во самоубиствен напад... од рацете на ќафирите."[89] Нарекувајќи ја ИД како ќафири, Ахрар ја оцрнува додека себеси се прикажува како помалку екстремна.

Последниот тип на рамка што ја користи Ахрар е мотивирачката што е наменета за ги инспирира поединците на акција. Преку порамнување на рамката, Ахрар ја поврзува својата цел за исламска држава управувана од шеријатот со постоечки секуларни наративи кои повикуваат на соборување на владата на Башар ал-Асад и враќање на поранешната големина на Сирија. Секуларни лидери во Сирискиот национален совет (SNC) исто како Бурхан Галиун често користат слични рамки како повик за собир, но нивните рамки немаат специфичност за тоа како би изгледала нова Сирија по падот на режимот. Во оваа политичка празнина, Ахрар ја истурка својата визија за градење „цивилизирано исламско општество во Сирија, управувано од божјиот закон" каде што ќе се почитуваат малцинските права и „сите Сирijци ќе бидат подеднакво благословени со правдата на исламот." Политичкиот идентитет што Ахрар ал-Шам го прикажува е националистички салафизам – тие тврдат дека се салафисти, но во исто време користат и сириски национални симболи, а тоа претставува многу различен бренд од глобалниот џихад.[90]

### 4.3.2. Џабхат ал-Нусра: Хибридна опција

Како и Ахрар, Џабхат ал-Нусра беше формирана кон крајот на 2011 година. Неговите лидери и главното јадро на борци беа ветерани од војната во Ирак и

[89] Aron Lund, Who and What Was Abu Khalid Al-Suri? Part I (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2014), http://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=54618.
[90] Roula Khalaf and Abigail Fielding-Smith, "Syrian Rebels Driven by Religion, but on Their Own Terms," Washington Post, August 9, 2012, http://www.washingtonpost.com/world/middle_east/syrianrebels-driven-by-religion-but-on-their-own-terms/2012/08/09/a8c82468-e241-11e1-ae7fd2a13e249eb2_story.html.

истите беа испратени во Сирија од раководството на Исламска држава.[91] Од почетокот на нејзиното формирање, ЏН се етаблира како ефикасна, професионална и дисциплинирана борбена сила, којашто порасна во репутација и големина во 2012 година. Според Брајан Џенкинс од RAND, проценетата сила на ал-Нусра е од 5 000 до 6 000 борци.[92] Во 2013 година, имаше јавна расправија со Исламска држава кога нејзините водачи одбија спојување, а како последица на џихадистичката драма, ал-Нусра се заколна на верност на ал-Каеда. ЏН беше отпорен на џихадистичкото насилство дури и кога беше испровоциран од ИД.

На џихадистичката екстремистичка скала, Џабхат ал-Нусра е на ист крај со Исламска држава, но нејзините водачи намерно избраа прагматична стратегија за да избегнат отуѓување на другите групи и да се поттикне поддршка од народот. Поради оваа причина, ЏН може да се смета како хибридна опција и веројатно најопасна, бидејќи се согласуваат со Исламска држава, но на моменти лажно се појавуваат како Ахрар ал-Шам. Стратегиите за врамување на ЏН го потврдуваат ова тврдење. Се чини дека ал-Нусра користи стратегија за врамување што ја заговара ал-Каеда на Арапскиот Полуостров, кој се состои од понуда на „наратив за поплаки што е во согласност со суштинските начела на идеологијата на ал-Каеда, но исполнета со теми кои резонираат локално, зголемувајќи ги нејзината истакнатост, кредибилитет и прифаќање од публиката.“[93] Како огранок на ал-Каеда, ЏН е единствен затоа што не само што избегнува отуѓување од локалното население, но и активно се обидува да добие поддршка од народот. Нејзината инспирација за оваа стратегија е двојна. Прво, главното раководство на ЏН се бореше со ал-Каеда во Ирак во 2006 година и беше сведок на губење на јавната поддршка на групата за време на „будењето на ал-Анбар.“ Раководство на Џабхат ал-Нусра сметаше дека сценариото можеше да се избегне доколку ал-Каеда во Ирак беше флексибилна со

[91] Noman Benotman and Blake Roisin, Jabhat al-Nusra: A Strategic Briefing (London, England: Quilliam Foundation, 2012), http://www.quilliamfoundation.org/wp/wpcontent/uploads/publications/free/jabhatalnusra-a-strategicbriefing.pdf.

[92]Jenkins, The Dynamics of Syria’s Civil War, 9.

[93] Alistair Harris, Exploiting Grievances: al Qaeda in the Arabian Peninsula (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2010), 6, http://carnegieendowment.org/2010/06/08/exploiting-grievances-al-qaeda-in-arabian-peninsula.

некои од нивните принципи за воспоставување подлабоки врски со локалните заедници.

Второ, ЏН е под големо влијание од учењата на џихадистичкиот стратег Абу Мусаб ал-Сури кој ја нагласува важноста на освојување на срцата и умовите додека се води џихад со „Обезбедување услуги на луѓето, избегнување да се гледаат како екстремисти, одржување силни односи со заедниците и другите борбени групи и ставање фокус на борба против режимот.“[94] Учењата на ал-Сури го ставаат воениот прагматизам над идеолошката чистота додека се води џихад; сепак, ал-Сури и Џабхат ал-Нусра ја маскираат својата вистинска намера со прагматизам. Водачите на ЏН не се против суровиот третман на ИД кон населението; тие само сметаат дека тоа е контрапродуктивно.

Според дијагностичката рамка, ЏН се однесува кон Алавитите како неверници исто како и сите џихадисти групи. Меѓутоа, наместо да се фокусира на режимот, ал-Нусра го искористи тоа на индиректен начин нудејќи се себеси како алтернатива на режимот преку активно интегрирање во областите што ги контролира. На пример, ЏН формираше хуманитарно крило што дистрибуира средства за помош како храна, гориво и облека. Дополнително, медиумското крило на ЏН редовно објаснува дека некои операции биле откажани поради загриженоста за цивилни жртви и го фокусира поголемиот дел од видеоизданијата на директни ангажмани против владините сили каде што колатералната штета е минимизирана.

Од прогностичка гледна точка, Џабхат ал-Нусра како и многу други промовира насилен џихад како одговор; сепак, тоа додава поинаков пресврт. Користењето на рамката на насилниот џихад од страна на ЏН беше да се фокусира на својот надворешен приказ на водење џихад со цел да ги инспирира другите. Во пропагандни видеа на ал-Нусра, таа се задржа на примерите на нејзината воена моќ во нападите врз владините сили наспроти критикувањето на другите дека не водат џихад, што е во согласност препораките на ал-Сури.[95] Во суштина,

---

[94] Hassan Hassan, “A Jihadist Blueprint for Hearts and Minds is Gaining Traction in Syria,” The National, March 4, 2014, http://www.thenational.ae/thenationalconversation/comment/a-jihadist-blueprintfor-hearts-and-minds-is-gaining-traction-in-syria.
[95] Benotman and Roisin, Jabhat al-Nusra.

дисциплинираната воена тактика на Џабхат ал-Нусра го романтизираше џихадот за младите муслимани надвор од Сирија кои бараат возбуда и служи како пример за другите во Сирија. Резултатот е оние кои избираат да не се борат да чувствуваат вина и срам, а оние кои се борат се преплавени со херојски приказни за џихад од минатото и сегашноста.

Како и Ахрар, ЏН ги искористи традиционалните сириски наративи за мотивација којашто има за цел да ги прикрие своите долгорочни цели. Џабхат ал-Нусра е целосно свесна дека нејзината џихадистичка цел за обновувањето на калифатот е некомпатибилно со многумина во сириското општество. Раководството на ЏН донесе рана одлука за омекнување на јавната реторика во врска со формирањето калифат ако режимот еден ден падне и притоа започне со последователно спроведување на шеријатот.

### 4.3.3. Исламска држава: Манихејски избор

Од сите сириски опозициски групи, Исламска држава е најекстремна. Нејзината порака беше конзистентна од самиот почеток – којашто зазема бинарна позиција и се обидува да го скрши секој што се спротивставува на нејзиниот поглед за светот; така, таа на овој начин го претставува манихејскиот избор. Од моментот кога борците на ИД влегоа во сирискиот конфликт во 2013 година, тие предизвикаа значителни превирања обидувајќи се да ја наметнат својата власт над другите групи, дури и над Ахрар и ал-Нусра, притоа напаѓајќи ги и нив. Во јули 2013 година, Исламска држава го потресе џихадистичкиот свет објавувајќи формирање калифат со седиште во Рака, Сирија, и се чини дека подеднакво беше загрижена за управувањето како и за борбата. Во таа смисла, ИД е единствена затоа што го прави она што ниедна друга група досега не го направила: да му обезбеди поглед на светот на тоа како всушност изгледа калифатот. На површина, би било логично да претпоставиме дека ИД има мала привлечност поради тактиката на отуѓување, но таа е една од најголемите опозициски групи. Според ЦИА, проценетата сила на ИД е од 20 000 до 31 500 борци.

Како што беше забележано во горните делови, Исламска држава црпи од истата општа дијагностика, прогностички и мотивациони наративи како Ахрар и ЏН; сепак, верзиите на ИД се поекстремни, непроменливи и без извини. Додека ЏН и Ахрар се трудат да ја максимизираат привлечноста на нивните пораки, ИД презема поинаков пристап со креирање пораки за регрути надвор од Сирија, потпирајќи се на заплашување и принуда за оние внатре во Сирија со револуција на нејзината дистрибуција на пораки.

Неодамнешниот документарец ја прикажува стратегијата на ИД за врамување насочена кон оние надвор од Сирија. Новинарот на „Vice News" Медјан Даириех, во август 2014 година, доби невиден пристап до животот во Рака, каде што помина три недели вметнат во вистинската „Исламска држава". Една посебна сцена го надополнува сложеното врамување на ИС преку визуелни знаци заредени со симболика и гестови. „Го скршивме Сајкс-Пико", извика борец на ИД додека стоеше на уништената фортификација која претходно ја делеше сириско-ирачката граница додека тој триумфално го крена показалецот во воздух.[96]

За случајниот набљудувач којшто не е муслиман, сцената не изгледа премногу сложено; сепак, за разочараните муслимани, сцената е преполна со симболика што се приклучува на историскиот наратив за поплаки, истовремено потврдувајќи ја идеологијата на ИД на два начина. Прво, договорот Сајкс-Пико е еден од примарните историски „корени" на арапската горчина.[97] За многумина, договорот ги симболизира обидите на Западот да ги стави арапските земји под колонијална власт. Во документарецот како што еден борец објасни, ИД не само што ја уништи фортификацијата туку церемонијално користеше булдожер за да ја израмни со земјата за „да ја отвори патеката за сите муслимани."

Второ, кога борецот на ИД го крена показалецот во воздух, целта не беше само да означи победа; тој требаше да го пренесе основното начело на салафистичката идеологија: тавхид. Иако тавхидот не е екстремен концепт, ИД

---

[96] "The Islamic State," YouTube video, 37:12, from Vice News correspondent Medyan Dairieh inside the Islamic State, posted by Vice News, August 14, 2014, http://www.youtube.com/watch?v=AUjHb4C7b94.
[97] Goldschmidt Jr. and Davidson, "The Roots of Arab Bitterness," 46.

манипулира со него за да го претстави како негова манихејска идеологија и потребата да се ослободи светот од отпадниците и неверниците. Според Натаниел Зелински, кога милитантите на ИД го прикажуваат симболот тавхид, тие ги потврдуваат нивните бескомпромисни ставови против плурализмот и нефундаменталистичките режими.[98] Гестот на тавхид практично се појавува во речиси секое видео на ИД.

Кристоф Ројтер, Ранија Салуум и Самиха Шафи забележаа како ИД прави огромни напори за да таргетира конкретна публика: „За западните набљудувачи, тие се кул, чисти и кохерентни. За локалното население, тие се крвави, брутални и предизвикуваат страв.“ Ројтер анализираше видео од септември 2014 година што Исламска држава го дистрибуираше меѓу сунитските маси кои живеат во областите на нејзина контрола. На видеото се гледа како борците на ИД масакрираат членови на бунтовничко племе со брутално обезглавување додека се смеат и шегуваат. Видеото го постигна замислениот ефект: племенскиот шеик потоа молеше за милост.[99] Ова е еден пример за тоа како ИД се потпира на различни видови мотивација за да добие поддршка од оние кои живеат во нејзиниот домен: со принуда, страв и заплашување. Нејзината порака е јасна: кој било што ќе се осмели да ѝ пркоси на ИД ќе биде заклан.

Од гледна точка на дистрибуција, Исламската држава ја прифати модерната технологија и го револуционизираше ширењето на џихадистичката пропаганда на неспоредливо ниво. Нејзините медиумски службеници вешто успеаја да ги инкорпорираат повеќето веб-страници и социјални медиуми како што се „Твитер“, „Фејсбук“, „Тумблр“, „Јутјуб“, „Инстаграм“ и „СаундКлауд“ меѓу другите да ги шират своите пораки. Ахрар и ал-Нусра исто така ги користат сајтовите, но не на ниво на софистицираност како што е ИД.

Во една неодамнешна анализа на ИД, Ричард Барет од Групацијата „Соуфан“ детално ги прегледал методите што ги користи ИД за дистрибуција на медиуми

[98] Nathaniel Zelinsky, “ISIS Sends a Message,” Foreign Affairs, September 3, 2014, http://www.foreignaffairs.com/articles/141956/nathaniel-zelinsky/isis-sends-a-message
[99] Reuter et al., “The Professional PR Strategies of ISIS in Syria and Iraq.”

преку собирање на маса.[100] На пример, пред да го објави говорот на лидерот на ИД Абу Бакр ал-Багдади со најава за формирање на Исламската држава во јули 2013 година на „Јутјуб“, медиумскиот оддел на ИД објави на „Твитер“ снимки од видеото за да го најави неговото објавување. Твитовите потоа беа повторно твитувани безброј пати за да се зголеми видливоста пред да се постави видеото. Повторните твитови спречија секаква цензура од „Твитер“ бидејќи затворањето на профилот на оригиналниот твит направи мала разлика бидејќи пораката веќе беше повторно твитната. До моментот кога говорот на ал-Багдади беше објавен на „Јутјуб“, ИД можеше да смета не само на потенцијалните поддржувачи кои ќе го гледаат, но и на повеќето големи информативни мрежи, кои ги катапултираа нејзините пораки на глобално ниво.

## ЗАКЛУЧОК

Нема достапни статистички податоци за Сирија пред или по почетокот на војната за да може квантитативно да се измери јавното мислење за радикалната исламистичка идеологија. Пред војната, Сирија не беше позната како бастион на радикалните исламистички чувства, туку еволуцијата на радикалните исламистички групи од маргините во 2011 година до најголемите опозициски групи во 2014 година укажува дека нивната идеологија започнала да резонира на одредено ниво.

На ниво на група, расчленувањето на стратегиите за врамување и медиуми откри некои важни заклучоци. Ахрар и ЏН успешно ги усогласија своите џихадистички наративи со локални поплаки за да се постигне резонанца преку стратегии за врамување. Ахрар јасно се обидува да покаже умереност; сепак, сѐ уште е џихадистичка група која се појави преку насилен конфликт. Неговата умереност не треба да се меша со мејнстрим исламизам. Џабхат ал-Нусра, од друга страна, е волк во овча кожа. Нејзиното раководство се состои од транснационални џихадисти кои се впуштаат во локален конфликт. Нивните стратегии за врамување се

[100] Barrett, The Islamic State, 51.

фалсификувани во војната и се дизајнирани да ги минимизираат нивните вистински намери. Во споредба со Ахрар ал-Шам и Џабхат ал-Нусра, изгледа дека ИД не се занимава со локална резонанца. Наместо да се натпреваруваат на локално ниво, ИД ги префрли своите медиумски напори на глобално ниво. За сите три групи, моќната мешавина на идеологија, можности и успешни стратегии за информативни операции придонесе за нивниот подем и ја потврдува изјавата на Брајан Џенкинс дека „џихадистите станаа врв на бунтот.“[101]

## 5. ИСКУСТВО, ОРГАНИЗАЦИЈА И СТРАТЕГИЈА

Подемот на радикалните исламистички групи ретко е резултат на линеарен процес или едноставен фактор, поради што нивниот подем во Сирија може да се смета за загатка. Теоретичарите на бунт, како што е Пол Станиленд, тврдат дека разбирањето за тоа како една група се организира да спроведе бунт е подобар предикатор за воениот успех и организациските резултати отколку насилните идеологии.[102] Теоретичарите на социјалното движење, како што се Даг МекАдам и Ентони Обершал, додаваат дека една група се организира врз основа на расположливата мобилизирачка структура и постојни норми на однесување.[103] Импликацијата на двете тврдења е дека организаторите на колективната акција се рационални актери кои црпат од претходните искуства. Ова поглавје ги истражува институционалните наследства на сириските радикални исламисти и испитува како остатоците од овие наследства влијаеја на нивната мобилизација и раст.

Аналитичарите како Лефевр и Хатиб вредно го следеле оживувањето на исламистичките движења во Сирија како што е Сириското муслиманско братство (СМБ) уште од нивното десеткување во Хама во 1982 година. И двајцата автори покажаа дека исламистичките групи и радикалните ограноци воспоставија формални и неформални мрежи низ цела Сирија во изминатите 50 години и добија

[101]Jenkins, The Role of Terrorism and Terror in Syria’s Civil War, 3.
[102] Staniland, “Insurgent Organization and State-Armed Group Relations,” 38.
[103] Doug McAdam, Political Process and the Development of Black Insurgency, 1930–1970, 2nd ed. (Chicago: University of Chicago Press, 1999), 44.

непроценливи искуства во глобалното џихадистичко движење во Авганистан и Ирак.

Покрај нивните заклучоци, другите како што се О'Баги, Лунд и Ибрахим, ги наведуваат робусните логистички мрежи изградени од филијали на ал-Каеда кои се бореле во војната во Ирак во средината на 2000-тите.[104] Комбинацијата на сите овие настани допира до формативните искуства на радикалните исламисти во Сирија. Додека сите горенаведени автори дискутираат за настаните, никој не открива како точно институционалните наследства влијаеле на појавата и подемот на Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава. Во ова поглавје, покажувам дека претходните борби на сириските радикални исламисти ги обликуваа сегашните репертоари на несогласувања и мобилизациски структури кои Ахрар, ЏН и ИД ги користеа за да се размножуваат во сегашниот конфликт.

По обезбедувањето теоретски преглед на репертоарите на несогласување и мобилизирачки структури, ова поглавје ја истражува еволуцијата на сириското радикално исламистичко движење во текот на три формативни временски периоди: исламистичката опозиција на баатизмот од 1963 година до 1982 година, егзодусот на радикалните исламисти во Авганистан во 1980-тите и 1990-тите и Ирачката војна во средината на 2000-тите. По прегледувањето на секој временски период, ги идентификувам клучните личности кои ги трансформираа тактиките и стратегиите што ги користеа Ахрар, ЏН и ИД. Истражувам и како локалното радикално исламистичко движење во Сирија се поврзува со глобалното џихадистичко движење и како тие воспоставија автохтона мрежа во Сирија. Како резултат на тоа, ова поглавје ги применува истите општи еволуции на стратегија, тактики и мобилизирачки структури за сите и ги разделува кога тоа е можно.

---

[104] O'Bagy, Jihad in Syria; Lund, Syria's Salafi Insurgents; Ibrahim, the Resurgence of al-Qaeda in Syria and Iraq.

## 5.1. ПРИДОБИВКИ ОД ПРЕДВОЕНИ МРЕЖИ: МОБИЛИЗИРАЧКИ СТРУКТУРИ И РЕПЕРТОАРИ НА НЕСОГЛАСУВАЊЕ

И теоретичарите на социјалното движење и теоретичарите на бунт се согласуваат дека постоењето на предвоени мрежи се витална компонента на колективната акција и бунтовите. Овие мрежи им овозможуваат на групите да ги мобилизираат и одржуваат операциите преку мобилизирачки структури. МекАдам ги дефинираше мобилизирачките структури како „колективни возила, неформални и формални, преку кои луѓето се мобилизираат и се вклучуваат во колективна акција.“[105] За радикалните исламисти, овие структури го формираат столбот на нивниот мобилизирачки потенцијал, што е типично преку мрежи на локално, регионално и глобално ниво. Овие мрежи обезбедуваат лидерство, работна сила и вредни ресурси како што се финансиите и оружјето. Предвоените мрежи исто така го олеснуваат социјалното учење и обликуваат репертоари на несогласувања.

Користење на мобилизирачки структури и репертоари на несогласување како позадина, остатокот од ова поглавје ги истражува потеклото и еволуцијата на мрежите и тактиките на радикалните сириски исламисти кои се развиваа со текот на времето и истите ги искористија во сегашниот конфликт.

## 5.2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ НАСЛЕДСТВА НА РАДИКАЛНИТЕ ИСЛАМИСТИ ВО СИРИЈА

Три клучни периоди ја формираа основата на институционалните наследства на сириските радикални исламисти: исламистичката опозиција на баатизмот од 1963 до 1982 година, која кулминираше во исламистичкото востание од 1976 до 1982 година; радикалниот исламистички егзодус во Авганистан во 1980-тите и 1990-тите години; и војната во Ирак во средината на 2000-тите. Како резултат на тоа, следните делови се фокусираат на клучните поединци кои ги обликувале репертоарите на спорот што радикалните исламисти во Сирија го користат денес и развојот на локални, регионални и глобални мрежи.

---

[105] McAdam et al., “Introduction: Opportunities, Mobilizing Structures, and Framing Processes,” 3

### 5.2.1. Исламистичка опозиција на баатизмот од 1963 до 1982 година

По баатистичкиот пуч во 1963 година, сириското исламистичко движење предводено од Сириското муслиманско братство (СМБ) се најде во тешка ситуација. Пред државниот удар, СМБ претставуваше млада и надежна политичка сила. Имаше позиции на парламентарно ниво во владата и имаше значителни економски врски со градската трговска класа.[106] Меѓутоа, кога баатистите спроведоа радикални социјалистички реформи, промовираа секуларни политики и го забранија влезот на СМБ во 1964 година, нејзините членови ги загубија своето политичко влијание и економската егзистенција.

СМБ, исто така, се соочи со лидерска криза во исто време. Неговите различни географски фракции не се согласија околу тоа како да одговорат на политичката репресија на режимот Баас и улогата на религијата во политиката. Крилото во Дамаск се залагаше за ненасилен пристап и веруваше дека сириската влада треба да има исламско претставување.[107] Другите ограноци во Алепо, Хама и Хомс ја гледаа вооружената борба против баатистите како неопходност и веруваа дека владата треба да биде целосно исламска; сепак не се согласиле околу тоа кои методи на вооружена борба треба да се користат. Крилото во Дамаск доминирало со СМБ во 1960-тите, но постепено ја изгубил контролата врз порадикалните фракции. Од милитантните дивизии, Хама го претставуваше најекстремниот дел, па така се појавија радикални лидери како Марван Хадид, којшто трајно ја промени динамиката на однесување на сириското исламистичко движење.

#### Марван Хадид: Првиот џихадистички претприемач во Сирија

И во животот и по смртта, Хадид беше активна сила во обликувањето на Сириското радикално исламистичко движење. Тој потекнуваше од просперитетно земјоделско семејство во Хама и од рана возраст беше страстен член на Сириското

[106] Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 40 and 53.
[107] Liad Porat, The Syrian Muslim Brotherhood and the Assad Regime (Waltham, MA: the Crown Center for Middle East Studies, 2010), 2, http://www.brandeis.edu/crown/publications/meb/meb47.html

муслиманско братство.[108] Во раните 1960-ти, тој студирал земјоделско инженерство во Египет и станал близок соработник на Саид Кутб, кој беше истакнат идеолог и водач во египетското Муслиманско братство. И како што некои научници го нарекоа Кутб „филозоф на исламскиот терор“, неговото влијание врз Хадид беше значајно.[109] Кутб се залагаше за употреба на насилство за соборување режими кои ги прекршуваа условите на исламскиот закон, а негова непосредна цел беше Гамал Абд ал-Насер, тогашниот претседател на Египет.

Под покровителство на Кутб, Хадид ги усвои истите непроменливи верувања и беше одлучен дека не може да има компромис помеѓу исламот и неисламските системи на управување. Вооружен со идеите на Кутб за револуционерен џихад, Хадид се вратил во Сирија во 1963 година убеден дека само насилната акција би постигнала политичка промена. По баатистичкиот пуч во 1963 година и истакнатоста на Алавитите во Баат, Хадид и уште еден радикален водач на СМБ од Хама Саид Хава ги објавија идеите на Кутб, и ги воскреснаа антиалавитските секташки фатви на Ибн Тамија. Исходот од оваа моќна идеолошка мешавина беше револуционерен за идните радикални исламисти. Според Бернард Хејкел, модерното идеолошко потекло на секташкиот екстремизам денес се проследува до овој временски период во Сирија.[110] Хадид и Хава обезбедија план за идните генерации на радикали во Сирија и Ирак како Абу Мусаб ал- Заркави и водачите на Ахрар, ЏН и ИД да го оправдуваат секташкиот тероризам.

Имено, мнозинството лидери на СМБ не се согласуваа со тактиката и дискурсот на Хадид, но тие не беа во можност да го контролираат. Сепак, баатистичкиот режим сметаше дека СМБ се виновни за акциите на Хадид и го испрати во егзил лидерот на СМБ Исам ал-Атар во 1964 година. Хадид го искористи егзилот на ал-Атар како изговор да ги претвори неговите зборови во дела кога тој започнаа немирите во Хама во 1964 година, кои траеја 29 дена. За време на

---

[108] Umar F. Abd-Allah, The Islamic Struggle in Syria (Berkeley: Mizan Press, 1983), 104
[109] Paul Berman, “The Philosopher of Islamic Terror,” The New York Times, March 23, 2003, http://www.nytimes.com/2003/03/23/magazine/the-philosopher-of-islamic-terror.html.
[110] Bernard Haykel, “Chapter 9: Jihadis and the Shia,” in Self-Inflicted Wounds: Debates and Divisions within al-Qaeda and its Periphery, edited by Assaf Moghadam and Brian Fishman (West Point, NY: Combating Terrorism Center, 2010), 206.

немирите, Хадид и неговите следбениците ја претворија толпата во бес со секташки скандирања додека се осврнаа на партијата Баат како непријател на исламот. Немирите брзо станаа насилни каде што Хадид водеше вооружен бунт што доведе до брутална смрт на локален член на Националната гарда на Баат. Настанот заврши кога Хадид и неговите следбеници побараа засолниште во локална џамија и се предадоа откако биле нападнати од владините сили. Оние кои не беа убиени беа уапсени и осудени на смрт; сепак, нивните животи биле поштедени откако интервенирале истакнати водачи во верскиот естаблишмент.[111]

Тој и неговите следбеници ја напуштија Сирија доцна во 1960-тите и со помош на Муслиманското братство во Јордан оствари контакт со „Кумот на џихадот“ Абдала Азам.[112] Азам основал мрежа на палестински воени центри за обука на џихадистички борци во Јордан и ги пречека Хадид и неговиот контингент кога пристигнале. Хадид и неговата група се вратиле во Сирија по Државниот удар на Хафез ал-Асад во 1970 година со обновена енергија и доверба во нивните воени вештини и способност да привлечат повеќе следбеници. Во 1974 година, тој ги прекина врските со СМБ и, инспириран од принципите на Кутб, ја создаде првата радикална исламистичка група во Сирија, Борбена Авангарда на Муџахедините (во натамошниот текст: Боречка авангарда). Хадид беше уапсен во 1975 година, а, по значително мачење, умре во затвор во 1976.[113] Неговата смрт предизвика невиден скок на радикално исламистичко насилство и иницираше вооружен бунт кој траеше до 1982 година. Хадид го трансформира радикалното исламистичко движење во Сирија и стана легенда во џихадистичките кругови. За да го илустрира своето влијание, Азам лично ја напишал пофалбата на Хадид за да го прослави неговото мачеништво и ги документирал клучните настани во животот на Хадид за идните генерации.

---

[111] Brynjar Lia, Architect of Global Jihad: The Life of Al-Qaida Strategist Abu Musab Al-Suri (New York: Oxford University Press, 2014), 38.
[112] Thomas Hegghammer, “Abdallah Azzam, the Imam of Jihad,” in Al Qaeda in its own words, edited by Gilles Kepel and Jean-Pierre Milelli (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 2009), 81; Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 141; Khatib, Islamic Revivalism in Syria, 49.
[113] Khatib, Islamic Revivalism in Syria

По смртта на Хадид, Борбената авангарда дрско ја засили својата атентатна кампања против функционерите на Баат. Кога нејзините водачи ја нападнале сириската војска во артилериското училиште во Алепо во 1979 година и масакрирале 83 питомци Алавити, тие го донеле конфликтот на ново ниво. Според Хатиб, нападот претставувал пресвртница во одговорот на сирискиот режим на исламизмот. Режимот го искористи нападот како оправдување за екстремна државна репресија врз сите исламистички фракции, без разлика дали се радикални или не, и во 1980 година Сириското муслиманско братство се почувствува принудено формално да прогласи џихад против сирискиот режим.

## Влијание врз Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава

Можеби не е премногу аргументирано да се поврзе Хадид директно со Ахрар, ЏН и ИД, но неговата улога како сириски џихадистички претприемач е непобитна. Тој фундаментално и неизбришливо ги промени радикалните исламистички репертоари на несогласувања на макрониво. Тој беше првиот што ги воведе концептите на Кутб во Сирија и ги спои со фатвите на ибн Тејмија, кои ставија уникатен секташки пресврт на револуционерниот џихад. Секташката реторика видена во регионот во текот на 21 век е наследство на Хадид и никаде не била повеќе видлива отколку во Сирија и Ирак.

Хадид обезбеди основа за моќната идеологија што ја користат Ахрар, ЏН и ИД. Во моментов, нема други идеолошки алтернативи во сирискиот конфликт што обезбедуваат таков поларен контраст со баатизмот, кој е привлечен за оние во Сирија кои биле на сведоци на државно спонзорирана репресија во сегашниот конфликт. Дополнително, тактиките што Хадид ги воведе во доцните 1960-ти, како што се атентати, бомбашки напади со автомобили и заседи од мали единици, дадоа важен историски контекст за методите на кои се сведоци денес. Настрана од репертоарите на расправии/несогласувања, Хадид го поврза својот локален џихад со регионална мрежа кога тој и неговите луѓе тренираа во камповите на Азам.

Кога Абу Мусаб ал-Заркави започна секташка војна во Ирак, неговата реторика и тактика потсетуваа на Хадид и Борбената авангарда. Исто така, не е

изненадување што многубројни радикалните групи во сирискиот конфликт денес го носат неговото име или некој елемент од неговото наследство во нивната титула како бригадите Марван Хадид кои се тесно поврзани со Џабхат ал-Нусра.[114]

### 5.2.2. Од локално до глобално: Егзодус на радикалните исламисти во 1980-тите и 1990-тите

Додека бунтот во Хама во 1982 година претставуваше катастрофална загуба внатре во Сирија, веднаш потоа поттикна проширување на сириските радикални мрежи на регионално ниво.

Во 1983 година, Борбената авангарда се прегрупираше и, како што се инфилтрира назад во Сирија, режимот го зароби најистакнатиот водач на групата, Аднан Уклах. По заробувањето на Уклах, другите членови привремено го напуштија својот локален џихад и почнаа да ја фокусираат својата идеолошка и организациска експертиза во глобално џихадистичко движење. Во 1984 година, сириските радикални исламисти стигнаа до Азам и неговиот зет, Абдалах Анас, за помош во придружувањето на авганистанските Арапи да водат џихад против Советите во Авганистан.

Почнувајќи од средината на 1980-тите и продолжувајќи низ 1990-тите, сириските радикали најдоа дом во Авганистан и напредуваа во камповите за обука на џихадистите и ал-Каеда, каде што нивното воено искуство беше високо ценето.[115] Нивниот авганистански егзодус им овозможи на Сириските радикали да продолжат да се развиваат. Исто така, ја зацврстија органската врска помеѓу нив и глобалните џихадисти кои подоцна ќе ја формираат ал-Каеда како Осама бин Ладен и Ајман ал-Завахири.[116] Сепак, и покрај префрлањето на фокусот на транснационален џихад, сириските радикали во живот ги одржа нивните локални амбиции. Од сите

---

[114] Adaki Oren, "Abdallah Azzam Brigades Launches Launches Rocket Attacks from Gaza," Threat Matrix Blog, July 15, 2014, http://www.longwarjournal.org/threatmatrix/archives/2014/07/abdullah_azzam_brigades_launch.php.
[115] Ibid., and Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 143.
[116] Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 138 and Khatib, Islamic Revivalism in Syria, 195.

Сирijци кои патувале во Авганистан, ниту еден не е конкурентен на влијанието и наследството во конфликтот како Абу Мусаб ал-Сури.

### Абу Мусаб ал-Сури: Вториот сириски џихадистички претприемач

„Најопасниот терорист за кој никогаш не сте слушнале", „најистакнатиот џихадист теоретичар" и „главниот архитект на структурата и стратегијата на ал-Каеда по 11 септември 2011 година" се само неколку од етикетите што се користат за опишување на Мустафа бин Абд ал-Кадер Сит Мариам Насар или Абу Мусаб ал-Сури.[117] Според Мајкл Рајан, ал-Сури ги комбинира ретките комбинации на практично искуство и стратегиска мисла кај џихадистичките стратези. Додека Хадид беше првиот нормален претприемач кој создаде организациска платформа и воведе промени во однесувањето, ал-Сури беше наследникот кој се социјализираше, напредуваше и ги ширеше нормите преку релациона и нерелациона дифузија на невидено ниво.

Радикалната кариера на ал-Сури започна на негова 21-годишна возраст кога се приклучи на Борбена авангарда во 1980 година. По учеството во серија рации во Сирија, неговата ќелија била компромитирана, а тој и преживеаните членови побарале засолниште кај јорданските контакти на Хадид и неговите наследници. Помеѓу 1980 и 1982 година, ал-Сури тренираше опширно во Јордан, Ирак и Египет каде што поминал напредни курсеви по урбана герилска војна, експлозиви и обука за оружје. За време на секој курс, ал-Сури стоел како ѕвезден ученик, и, како резултат на тоа, Борбената авангарда го избра да ја води Офанзивата на Алепо во 1982 година, и покрај неговата млада возраст. Пред офанзивата, се случи бунтот во Хама, кој смртно го рани движењето. Ал-Сури и другите членови се распрснале во соседните земји и се прегрупирале во 1984 година за да го продолжат својот џихад против баатистите. Нивните напори пропаднаа и ал-Сури се пресели во Шпанија каде што започна неговата транзиција во еден од најозлогласените терористи во светот.

[117] Lacey, A Terrorist's Call to Global Jihad, xi; Paul Cruickshank and Mohannad Hage Ali, "Abu Musab al Suri: Architect of the New al Qaeda," Studies in Conflict and Terrorism 30 (2007): 1; Lia, Architect of Global Jihad, 8.

Додека наследството на Хадид е вкоренето во неговото лидерство, најголемите придонеси на ал-Сури се како автор, тренер и поврзувач на глобалните терористички групи. Ал-Сури стана еден од најплодните автори на џихадистичката стратегија. Има објавено безброј статии во списанијата на ал-Каеда, како „Inspire“, и на истакнати веб-форуми за џихад, како што се ал-Ансар, ал-Хисбах и ал-Ихлас, но тој е најпознат по две книги: „Исламска џихадистичка револуција во Сирија“ и „Повик за глобален исламски отпор“.[118] За сириските радикали кои се борат во сегашниот конфликт, „Исламската џихадистичка револуција во Сирија“ е нивниот манифест. Ал-Сури во книгата внимателно го документирал и анализирал сириското џихадистичко искуство за време на исламистичкото востание во том од 900 страници.[119] Тој е првиот и единствен член на Борбената авангарда што го сторил тоа. Тој го критикуваше нивниот неуспех со брутална искреност. Врз основа на неговото интензивно проучување на западната воена литература и класиците во герилско војување, тој идентификуваше 17 причини за нивниот пораз и веруваше дека најважната е недостиг на севкупна стратегија пред започнување на востанието.[120]

Колку што е важна „Исламската џихадистичка револуција во Сирија“ за сириските радикали, ,,Повик за исламски глобален отпор” е исто толку, ако не и повеќе, важен за глобалното џихадистичко движење. Книгата е *магнум опус* на ал-Сури и стана најзначаен пишан извор во џихадистичките стратегиски студии кои се однесуваат на ал-Каеда. Ал-Сури се прошири со идеи од неговите сириски списи и почна да артикулира нова стратегија за глобален џихад за време на неговиот престој во Авганистан во 2000 година.[121] Според Бринјар Лиа, ал-Сури застапува „глобална терористичка кампања против Западот која ќе се потпира на дифузни, децентрализирани, и нехиерархиски мрежи.“[122] Во основа, тој беше првиот џихадиски интелектуалец кој промовираше џихад без водачи или тероризам на волк самец што е зло за безбедносните служби низ светот, а неговиот идеолошки

[118] Lia, Architect of Global Jihad, 7 and 13.
[119] Ibid., 60.
[120] Ryan, Decoding Al-Qaeda’s Strategy, 199.
[121] Cruickshank and Ali, “Abu Musab al Suri: Architect of the New al Qaeda,” 8.
[122] Lia, Architect of Global Jihad, 6.

отпечаток се чини дека се појавува на сè. Придонесите од делата на ал-Сури спаѓаат во нерелациска дифузна категорија, но неговата работа како инструктор во џихадистички и специјализирани кампови на ал-Каеда претставува релациона дифузија. Од 1987 до 1992 година и од 1997 до 2001 година, ал-Сури го сподели своето воено знаење за експлозиви, хемикалии, блиска борба и герилска војна, како и своите интелектуални определби директно со безброј џихадисти во Авганистан.

Откако започна војната во Ирак во 2003 година, многу од поранешните студенти на ал-Сури ја искористија иницијативата за да ја основаат огромната линија за бегство низ Сирија за странските борци, и покрај нивниот бес кон сирискиот режим, тие трпеливо го чекаа вистинското време како што би препорачал ал-Сури.

Кон крајот на 2005 година, пакистанските власти го заробиле ал-Сури во Квета и наводно го екстрадирале на САД во замена за откуп од пет милиони долари. По престојот во Гвантанамо, ал-Сури, наводно, бил префрлен во 2006 година во Сирија. Оттогаш, Сирискиот режим наводно го ослободил некаде помеѓу крајот на 2011 и почетокот на 2012 година. Оттогаш не е виден.[123]

**Влијание врз Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава**

Без оглед на неговото сегашно место на живеење, ал-Сури имаше големо влијание врз сириските и глобалните џихадисти. Тој ја зема платформата што ја изгради Хадид и ја претвори во латентна, практичен план за успех кога конечно дојде времето да се нападне сирискиот режим. Од стратегиска перспектива, Ахрар и ЏН (и до одреден степен ИД) се смртоносни мутации кои биле под влијание на ал-Сури; нивните востанички стратегии се негово наследство. На пример, лидерите на Џабхат ал-Нусра во 2014 година јавно изјавија на „Твитер“ дека својата бунтовничка стратегија ја засноваат на препораките на ал-Сури, што помага да се објасни успехот на пристапот на ЏН[124] Тој се фокусира на руралните области, го

[123] O'Bagy, Jihad in Syria, 15; Bill Roggio, "Abu Musab al Suri Released from Syrian Custody: Report," The Long War Journal, February 6, 2012,
http://www.longwarjournal.org/archives/2012/02/abu_musab_al_suri_re.php.
[124] Hassan, "A Jihadist Blueprint for Hearts and Minds is Gaining Traction in Syria, "

маскира неговиот екстремизам и поттикнува силни односи со народот и другите опозициски групи.

Дополнително, 29 опозициски групи потпишаа петиција за поддршка на ЏН и почнаа да го користат слоганот „Не за Американската интервенција, бидејќи сите ние сме Џабхат ал-Нусра.“[125] Иако е релативно честа појава за субјектите на Блискиот Исток да ги отфрлат американските ознаки за тероризам, масовното шоу на поддршката што секуларната опозиција му ја даде на ЈАН е без преседан за ал-Каеда филијала, што се припишува на успешната примена на принципите на ал-Сури.

Влијанието на ал-Сури врз Ахрар е исто толку директно. Абу Калид ал-Сури кој беше еден од најблиските соработници на Абу Мусаб ал-Сури беше основачки член на Ахрар. Имајќи предвид дека тој и Абу Мусаб беа неразделни во текот на 1990-тите, разумно е да се претпостави дека тој ги потврдил пишувањата на Абу Мусаб. Дополнително, Хасан Абауд, најистакнатиот лидер на Ахрар, пред неговата смрт во 2014 година, јавно изјави дека записите на Абу Мусаб ал-Сури влијаеле врз неговите стратегии.

Ал-Сури, исто така, ја обликуваше тактиката на ИД до одреден степен. Според Мурад Батал ал-Шишани, Абу Мусаб ал-Заркави, основачот на ИД, имплементирал некои од препораките на ал-Сури во неговото стратегиско планирање за Ирак како создавање на централизирана командна и контролна структура, презентирајќи консолидирана медиумска кампања и генерирање внатрешни текови на приходи наместо да се потпира само на надворешна поддршка.[126] Сепак, ал-Заркави мизерно не успеа да привлече локална поддршка, која ал-Сури ја наведе како грешка на сириските џихадисти направени во Исламската џихадистичка револуција во Сирија.

---

[125] Ruth Sherlock, “Syrian Rebels Defy U.S. and Pledge Allegiance to Jihadi Group,” The Telegraph, December 10, 2012, http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/syria/9735988/Syrian-rebelsdefy-US-and-pledge-allegiance-to-jihadi-group.html
[126] Murad Batal al-Shishani, “Jabhat al-Nusra’s New Syrian Strategy,” Al-Monitor, January 14, 2013, http://www.al-monitor.com/pulse/ar/politics/2013/01/jabhat-al-nusras-new-strategy-in-syria.html#.

Покрај иновациите на тековните **репертоари на спорови**, ал-Сури исто така помогна да се воспостави силна врска на локалниот џихад на Сирија со глобалното џихадистичко движење. Овие транснационални врски се многу видливи во конфликтот денес. Според Кен Диланијан, повеќе од 20 000 странски борци од над 90 земји отпатувале во Сирија за да започнат џихад, а примарни приматели на овие борци се Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава.[127] Тие ја користеа огромната глобална мрежа на регрутери, олеснувачи и методи кои ал-Сури и неговите сириски радикални браќа првично помогнаа да се материјализира. Додека глобалната мрежа на радикални исламисти е поголема од која било личност, пишувањата на ал-Сури, неговите лекции како инструктор и неговите глобални врски го направија важна компонента во олеснувањето на дифузната маса.

### 5.2.3. Војната во Ирак во средината на 2000-тите

Операцијата „Слобода на Ирак“ беше благодат за сириските џихадисти. Тие имаа каде да се борат со надворешен непријател (САД) блиску до нивната матична земја, при што сирискиот режим се одлучи да ги користи како продолжение на својата надворешна политика.[128] Сè додека џихадистите избегнуваа напади во Сирија, им беше одобрен премин во Ирак за да се борат против САД. Поради нејзината необезбедена, оддалечена граница со Ирак која се протега на повеќе од 740 километри, Сирија стана странски борбен коридор за време на војната во Ирак, особено од 2003 година до 2007 година.

Според Арон Зелин, околу 4 000 до 5 000 странци отпатувале во Ирак, а Лефевр процени дека 90 % од сите странски борци патувале низ Сирија. Од сите странски борци, сириските државјани го претставуваа третиот по големина контингент во Ирак, при што приближно 100 локални олеснувачи во Сирија го координираа нивното патување.

---

[127] Ken Dilanian, “20,000 Foreign Fighters Flock to Syria, Iraq,” Associated Press, February 11, 2015, http://www.military.com/daily-news/2015/02/11/20000-foreign-fighters-flock-to-syria-iraq.html; Richard Barrett, Foreign Fighters in Syria (Washington, DC: The Soufan Group, 2014), 8 and 22, http://soufangroup.com/foreign-fighters-in-syria/.
[128] O’Bagy, Jihad in Syria, 15.

Покрај вкупниот број искусни борци, еден од повеќето важни аспекти за актуелниот сириски конфликт беше логистичката инфраструктура која олеснувачите прецизно ја развија за да го поддржат приливот на борци. На сириските радикали на кои им беше забранет влез во земјата од режимот, внимателно им беше дозволен влез и истите тие ги донесоа своите искуства да ги споделат со помладата генерација. Тие воспоставија безбедни куќи и робусни мрежи во руралните и во урбаните области под будното око на сирискиот режим. Со оглед на будната репутација на режимот, може да се претпостави дека олеснувачите имале директен контакт со членовите на сирискиот безбедносен апарат. Ако е така, целото искуство им даде на сириските радикали ажурирани информации за нивниот совршен непријател: режимот. Тие исто така се здобија со институционално знаење за тоа како се поминува и дејствува во Сирија.

Во 2007 година, сирискиот режим почна да ги разбива мрежите под меѓународен притисок предводен од САД, но штетата беше веќе направена. Но, мрежите не исчезнаа: тие едноставно се деактивираа до вистинскиот момент за вклучување. Радикалните исламисти покажаа намерно стратегиско трпение со тоа што не го напаѓаа режимот за време на војната во Ирак бидејќи тие не се чувствуваа доволно силни за да се спротивстават на режимот во граѓанска војна.[129] Како резултат на тоа, помеѓу 2003 и 2007 година, мрежата на Абу Мусаб ал-Заркави го формираше јадрото на линијата за бегање на странските борци, додека помалите мрежи под групите Гураба ал-Шам и Фатах ал-Ислам исто така дадоа свој придонес.[130] Кога се комбинираат, овие мрежи ја формираа основата на радикалната исламистичка мобилизација во тековниот конфликт.

### Мрежата на странски борци на Абу Мусаб ал-Заркави

По нападите од 11 септември и последната војна во Авганистан, радикалните исламисти од глобалното џихадистичко движење го загубија своето посакувано безбедно засолниште во Авганистан. Многумина скришум ја напуштија земјата за да се вклучат на група од регионот на Левант која се обучуваше во логор командуван

[129] Khatib, Islamic Revivalism in Syria, 196.
[130] Ibid., 194–195 and O'Bagy, Jihad in Syria, 14.

од Абу Мусаб ал-Заркави во Херат, Авганистан. Под водството на Ал Заркави, групата патуваше низ Иран во 2002 година и се насели во Северен Ирак. Според Номен Бенотман и Блејк Роисин, ал-Заркави во 2003 година ги насочи сириските членови на неговиот контингент да воспостават логистичка мрежа внатре во Сирија, која се покажа како многу промислена одлука. Со оглед на пустата граница на Сирија со Ирак и безброј древни патишта за шверц, луѓето на ал-Заркави се чинеше дека немаа големи тешкотии за воспоставување на потребните локални врски во нивната матична земја.

Ним им помогнаа и случајните околности. Според Леш, присуството на 150 000 американски војници во Ирак ја загрижи владата на ал-Асад дека таа би можела да биде следна откако Ирак ќе се стабилизира.[131] Имајќи предвид дека Сирија е на американската официјална листа на држави спонзори на тероризмот од 1979 година, загриженоста на ал-Асад изгледаше легитимно и на другите во неговиот режим и тие ја поздравија можноста за врзување на американските сили и нивно паѓање во Ирак. Како резултат на тоа, Сирија ѝ помогна на воспоставената мрежа на ал-Заркави и дозволи олеснувачите и борците непречено да поминуваат преку границата. До 2004 година, Соединетите Држави почнаа јавно да ја преиспитуваат улогата на Сирија во пропуштањето терористи.[132]

Во овој временски период, американските сили во Ирак активно ги напаѓаа олеснувачите на ал-Заркави и го идентификуваа Бадран Турки Хишам ал-Мазиди, познат како Абу Гадија, како командант на сириската логистичка мрежа.[133] Абу Гадија, по потекло од Дамаск, отпатувал во Авганистан во доцните 1990-ти за да тренира во џихадистички кампови.[134] Додека бил таму, тој се населил во Херат, станал близок соработник на ал-Заркави и бил меѓу неговиот контингент кој избега од Авганистан во Ирак во 2001 година. За време на војната, Абу Гадија направи име за себе водејќи ги странските борци во битките за Фалуџа во 2004 година, за потоа

---

[131] Lesch, Syria: The Fall of the House of Assad, 14–55.
[132] “U.S. Sees Syria ‘Facilitating’ Insurgents,” The Washington Times, April 20, 2004, http://www.washingtontimes.com/news/2004/apr/20/20040420-115628-7182r/?page=all.
[133] United States Department of the Treasury, “Treasury Designates Members of Abu Ghadiyah’s Network Facilitates flow of terrorists, weapons, and money from Syria to al Qaida in Iraq,” news release, February
[134] “Profile: Abu Ghadiya,” BBC, October 28, 2008, http://news.bbc.co.uk/2/hi/middle_east/7695913.stm.

ал-Заркави да го промовира во шеф на странската борбена мрежа во Сирија. На 11 септември 2007 година, во рација во градот Синџар во Ирак, американските сили добија невиден увид во странската борбена мрежа кога го нападнаа и го убија „Мутана", водачот на Исламска држава Ирак (ИДИ) во пограничната област меѓу Сирија и Ирак. Настрана од убиството на Мутана, рацијата резултираше со ризница на документи со преку 600 биографски записи на странски борци кои патувале во Ирак од Сирија во периодот од август 2006 и август 2007 година.

Врз основа на анализа од Центарот за борба против тероризмот во Вест Поинт, записите од Синџар покажаа дека сирискиот град Деир ал-Зур бил главната логистичка точка и странската борбена мрежа се потпирала на шверцерите за помош. Употребата на шверцери и криминални мрежи доведе до тоа некои да постават прашање колку беше обемна мрежата, но реалноста беше дека мрежата на странски борци беше исто толку дифузна и недефинирана како и повеќето мрежи поврзани со глобалното џихадистичко движење.

Во октомври 2008 година, американските сили добија дозвола да преминат во Сирија за да го убијат или да го фатат Абу Гадија. Абу Гадија, неговиот брат и двајца братучеди беа убиени заедно со мноштво други странци. Додека Абу Гадија и неговите поручници и фамилија беа убиени, мрежата не беше уништена. Според Лунд, сириската влада премолчено се договори со САД и ирачката влада во истиот временски период за апсење на оние кои се вклучени во мрежите. Така, смртта на Абу Гадија се совпадна со повеќето од неговите олеснувачи на мрежата, преостанатите борци и симпатизери да бидат ставени во затвор. Сириската влада ги смести повеќето од нив во затворот Седнаја, во близина на Дамаск, со други поранешни исламистички политички затвореници, што на крај стана важна мобилизирачка структура за Ахрар ал-Шам и Џабхат ал-Нусра. Исто така во 2008 година, силите на САД и Ирак почнаа методично да ја разбиваат Исламска држава Ирак (сега ИД) и уапсија многу странски борци на групата. Сите тие беа затворени во кампот Бука лоциран во Јужен Ирак, а во 2008 година Сирijците го сочинуваа најголемиот број државјани на трети земји приведени во кампот Бука, по што

следуваат Саудијците и Египќаните.[135] Исто како што Седнаја одигра важна мобилизирачка улога за Ахрар и ЏН, кампот Бука го стори истото за ИД.

### Влијание врз Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава

Од сите институционални наследства на радикалното исламистичко движење во Сирија, Ирачката војна и странската борбена мрежа имаа најголемо влијание врз способноста на Ахрар, ЏН и ИД да мобилизираат искусни лидери и борци. За лидерството, важноста на затворот Седнаја и кампот Бука не може да се прецени за трите групи. Во нивната книга *Триење: Како се случува радикализација на нив и на нас*, Меколи и Москаленко ги нарекоа затворите во кои има терористи како „затворски универзитети" каде што терористите добиваат нови вештини, идеологии и контакти.[136] Користејќи слична аналогија, Седнаја и Камп Бука станаа џихад универзитети кои служеа како неформални мобилизирачки структури за лидерството преку поврзување поединци кои веќе биле посветени на заедничка кауза.

Почнувајќи со Ахрар ал-Шам, мнозинството од неговото почетно раководство беше затворено во Седнаја и ослободено заедно.[137] Повеќето беа ветерани од војната во Ирак. Водачите на Ахрар, исто така, ги искористија своите контакти во Седнаја за да ги официјализираат сојузите. Кога поранешниот лидер на Ахрар, Хасан Абауд, се согласи да ги здружи силите со најголемиот блок исламистички групи наречени Исламски фронт во ноември 2013 година, тоа не беше изненадување. Приближно половина од водачите на групата во Исламскиот фронт, наводно, биле затворени заедно во Седнаја во истиот блок на ќелии: Захран Алуш од Џаиш ал-Ислам, Абдул Рахман Сувеис од Лива ал-Хак, Хасан Абауд од Ахрар и Ахмад Аиса ал-Шеик од Сукур ал-Шам.[138]

---

[135] Brian Fishman and Joseph Felter, "Becoming a Foreign Fighter: A Second Look at the Sinjar Records," in Bombers, Bank Accounts, and Bleedout: Al-Qaida's Road in and out of Iraq, edited by Brian Fishman (West Point, NY: Combating Terrorism Center, 2008), 35–36.
[136] McCauley and Moskalenko, Friction, 106–108.
[137] Lund, Syria's Ahrar al Sham Leadership Wiped Out in Bombing (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2014), http://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=56581; Herve Bar, "Ahrar al-Sham Jihadists Emerge from the Shadows in North Syria," Agence France Presse, February 13, 2013,
[138] Lund, The Politics of the Islamic Front, Part 1: Structure and Support; Sands, Vela, and Maayeh, "Assad Regime Released Extremists from Jail;" Jennifer Cafarella, Jabhat al-Nusra in Syria (Washington,

Џабхат ал-Нусра на сличен начин имаше корист од Седнаја и од други веќе постојни мрежи. Според Радван Мортада, во средината на 2011 година, Самир Абед Хамад ал-Обеиди ал-Дулаими ака Хаџи Бакр, кој до неговата смрт во Сирија во 2014 година беше ирачки висок лидер на Исламска држава, испрати девет сириски членови на ИД во Сирија за да основаат џихадистичка организација. Абу Мохамед ал-Голани, лидерот на ЏН, ги предводеше почетните делегати од ИД. Делегацијата на ИД на ал-Голани ги пополни неговите непосредни лидерски редови, но, според Ценифер Кафарела, во неговите редови се приклучиле и затвореници од затворот Седнаја како и членовите на ал-Каеда кои Завахири ги испрати од Пакистан.[139] Мешавината на екс затвореници од Седнаја, сириски членови на ИД зајакнати во битки и глобални терористи од ал-Каеда го придвижи ЏН во првите редови на опозицијата речиси веднаш од перспектива на лидерство и искуство. Тоа го покажува и преклопувањето на локалните, регионалните и глобалните радикални исламистички мрежи.

Додека ИД исто така ја искористи Седнаја за лидерство, освен во Рака и Алепо, кампот Бука беше еден од нејзините најважни мобилизирачки структури. Според Барет, девет од високите водачи на ИД поминале време во кампот Бука вклучувајќи го и шефот на ИД Ибрахим Авад Ибрахим ал-Бадри, познат како Абу Бакр ал-Багдади. Додека биле во кампот Бука, водачите на ИД формирале конекција со поранешните воени офицери на Баат, кои имаа ограничени можности за социјална мобилност и ги апсорбираа во нивната организациска структура.[140] Во моментов, многу од највисоките лидери на ИД беа поранешни баатисти, вклучително и замениците на Абу Бакр ал-Багдади: Фадил Ахмад Абдалах ал-Хајјали, ака Абу Муслим ал-Туркмани, кој е задолжен за операции во Ирак, и Абу Али ал-Ансари, кој е задолжен за операции во Сирија.

DC: Institute for the Study of War, 2014), 19, http://www.understandingwar.org/report/jabhat-al-nusrasyria.

[139] Cafarella, Jabhat al-Nusra in Syria, 25 and Barrett, The Islamic State, 12.

[140] Ben Hubbard and Eric Schmitt, “Military Skill and Terrorist Technique Fuel Success of ISIS,” The New York Times, August 27, 2014, http://www.nytimes.com/2014/08/28/world/middleeast/army-knowhow-seen-as-factor-in-isis-successes.html?_r=0.

Ахрар, ЏН и ИД исто така користеа локални, регионални и глобални мрежи за работна сила. Од трите групи, Ахрар е најинклузивната од локалните салафистички групи и имаше огромна корист од „блок регрутирање“. Според Мохамед Хафез, блок регрутирањето е ситуација кога „Штом неколку поединци ќе се обврзат на некоја кауза, тешко е за оние околу нив да останат зад себе.“ Помеѓу средината и крајот на 2012 година, Ахрар почна да повикува на салафистичко обединување, а на почетокот на 2013 година раководството на Ахрар беше клучно во формирањето на првиот салафистички сојуз на 11 исламистички групи наречен Сириски исламски фронт (СИФ), кој стана една од најголемите и најмоќни фракции во опозицијата. Веднаш по формирањето на СИФ, Ахрар апсорбира три од групите: Харакат ал-Фаџр ал-Исламија од Алепо, Џемаат ал-Талија ал Исламија од Идлиб и Катаеб ал-Иман ал-Мукатила од Дамаск. Без разлика дали сите членови на гореспоменатите групи се согласиле со идеолошката позиција на Ахрар, откако нивните раководства прифатиле спојување, борците се согласиле и заминале со нив. Иако ал-Нусра не е толку инклузивна како Ахрар, таа користи слични методи. Според Кафарела, ЏН зазема авангарден пристап кон сирискиот конфликт, што потсетува на Стратегијата на Хадид.[141] За своите одбрани членови, ЏН ги одржува своите бројки на 5 000 до 6 000 за да се обезбедат квалитетот и дисциплината на своите борци и својот бренд.

За работна сила, ИД се потпира на својот глобален имиџ за регрутирање. Преку неговото списание „Dabiq“, се прикажува себеси како утопистичко исламско општество за сите разочарани муслимани во светот, а врз основа на исклучително високиот број странски борци во нејзините редови, нејзините кампањи за регрутирање се успешни. Според Барет, 15 000 странски борци се приклучија на ИД од 2011 година. За да се стави таа статистика во историска перспектива, ИД регрутирала повеќе странски борци отколку Авганистан во 1980-тите и Ирак во средината на 2000-тите комбинирано заедно.[142]

---

[141] Cafarella, Jabhat al-Nusra in Syria, 25.
[142] “It Ain’t Half Hot Here, Mum,” The Economist, August 30, 2014, http://www.economist.com/news/middle-east-and-africa/21614226-why-and-how-westerners-go-fightsyria-
and-iraq-it-aint-half-hot-here-mum.

## ЗАКЛУЧОК

Во ова поглавје се прикажа како остатоците од претходните борби од три клучни временски периоди ги олесниіа мобилизацијата и подемот на водечките сириски радикални исламистички групи. Првиот временски период го произведе првиот модерен сириски џихадистички водач Марван Хадид, кој трајно го смени начинот на кој радикалните исламисти се борат против сирискиот режим. Неговата тактика и стратегиите беа револуционерни, а неговите напори го поврзаа локалниот конфликт во Сирија со регионалните мрежи. Вториот период беше сведок на созревањето на највважниот радикал во Сирија, идеологот и практичар Абу Мусаб ал-Сури и ја зацврсти врската помеѓу сириските радикални исламисти и мрачните транснационални мрежи на глобалното џихадистичко движење. Овие мрежи не само што овозможија опстанок на сириската радикална исламистичка кауза туку и обезбедија глобална платформа за усовршување на тактиките и оперативните стратегии на бојното поле. Третиот временски период произведе органска логистичка мрежа во Сирија и го формираше најголемиот дел од мобилизирачките структури на Ахрар ал-Шам, Џабјат ал-Нусра и Исламска држава што беа искористени за лидерство и работна сила, што исто така генерира и нови репертоари.

И покрај тоа што имаат пристап до истите институционални наследства, Ахрар, ЏН и ИД намерно инкорпорирале различни елементи во нивните бунтовнички стратегии. Сите три користат различни варијации на секташката платформа на Хадид, при што Ахрар е умерен во споредба со ИД. Исто така, сите мора да признаат дека користат различни аспекти од пишувањата на ал-Сури со ставање повеќе акцент во одредени области. На пример, негување позитивни односи со други групи и локалното население се висок приоритет за Ахрар и ЏН, додека тоа за ИД не е, која претпочита неселективно да ја наметнува својата волја. Сите три ги користат истите општи мобилизирачки структури кои произлегуваат од војната во Ирак, но секоја група ги вработува своите борци во различни капацитети. Кумулативниот ефект е тоа што водечките радикални исламистички групи во Сирија се многу динамични и постојано иновираат. Нивните институционални

наследства се директно поврзани со тоа како тие мобилизираат и се борат и се дел од причината за успехот и подемот на Ахрар, ЏН и ИД во сирискиот конфликт.

## 6. НАСИЛСТВО ВРЗ ЦИВИЛИ ИЗВРШЕНО ОД СТРАНА НА ИСЛАМСКА ДРЖАВА И ЏАБХАТ АЛ-НУСРА

Зошто Исламската држава (ИД) цели и убива повеќе цивили во Сирија од Џабхат ал-Нусра (ЏН), уште една влијателна џихадистичка организација вградена во сириската граѓанска војна која – како ИД – некогаш се идентификувала како формален огранок на ал-Каеда (АК)? Во период од 2011 до 2018 година, ИД постојано целеше и убиваше значително поголем дел од цивилите во Сирија во споредба со ЏН. Оваа студија посочува дека неусогласеноста во однос на целите што ја покажуваат овие џихадистички групи со слични приказни за потеклото, големината на групата и регионот на операции ефективно може да се објасни со раскол во џихадистичкиот идеолошки модел што ги подели салафистичките милитантни организации. Додека ИС и ЏН се стремат кон основната цел за трансформирање на регионалниот политички поредок во џихадистичка визија на шеријатско владеење, тие не се согласуваат околу тоа кој пристап најдобро ја промовира оваа цел во Сирија.

На почетокот на Сириската граѓанска војна во 2011 година, милиони цивили се најдоа на удар од постојани воздушни напади извршени од безбедносните сили на владата на Башар ал-Асад. На теренот, невооружените се најдоа во одмазднички вкрстен оган извршен од радикални исламистички групи и умерени секуларни милиции кои понекогаш соработуваа за да ја исполнат нивната заедничка цел да ја поразат владата на ал-Асад. Среде овие превирања, на почетокот на 2014 година беше објавена уште една војна во Сирија. Салафистичкиот џихадистички огранок на ал-Каеда, Џабхат ал Нусра се спротивстави на поранешниот огранок на АК Исламска држава, салафистичко џихадистичка организација која ги распореди своите сили надвор од границите на првобитната локација на групата во Ирак и

почна да зазема територија во Сирија.[143] Откако ѝ објави војна на Исламската држава, ЏН првенствено играше одбранбена улога против групата. Сепак, внатрешните борби меѓу групите ескалираа околу нафтените полиња во областа Деир ез-Зур во источна Сирија во текот на летото 2014 година.[144] На крајот, Џабхат ал-Нусра се повлече од регионот на границата со Ирак, откако снимките од офанзивата на ИД покажаа масовни егзекуции на Ирачани кои пружале отпор на територијалната експанзија на ИД. Во август 2014 година, ИД ја спроведе својата тешка тактика против племето ал-Шеитат, група која живее во покраината Деир ез-Зур и припаѓа на сунитската секта на исламот. Откако некои од луѓето на ал-Шеитат организираа бунт во знак на одмазда за егзекуцијата на еден соплеменик, ИД ја казни групата со собирање на сите 700 мажи од ал-Шеитат и секој поединец беше пукан, брутално обезглавен, распнуван.[145] Вкупно, 100 борци и 600 цивили загинаа во ова масовно убиство, кое беше снимено од групата и објавено на медиумски платформи на ИД. Додека ИД ја започна својата брутална офанзива во Сирија, сојузничките анти-Асад милитантни групи, вклучително и ЏН, одржуваа територијални упоришта во северозападните провинции Латакија, Хама, Идлиб и западниот дел на Алепо. Помеѓу јули и август 2014 година, ИД и ЏН јавно објавија содржина од нивните соодветни медиумски крила во однос на нивната улога во Сириската граѓанска војна. Додека ИД ја прикажуваше групата како доминантен спроведувач на шеријатското право преку масовното колење на племето ал-Шеитат, ЏН ја искористи својата платформа за да го потврди својот став дека шеријатското право нема да биде еднострано спроведено од групата против кој било цивил без мултилатерална согласност од партиите во сириското опозициско движење. На крајот, двете групи отворено демонстрираа два спротивставени модели на легитимност на салафистичко-џихадистичко однесување во сириската граѓанска војна – било како религиозно обдарени актери со овластување да

[143] Mara Revkin. "The legal foundations of the Islamic State." The Brookings Project on US Relations with the Islamic World 23 (2016) 8.
[144] Lister, Charles R. The Syrian Jihad: Al-Qaeda, the Islamic state and the evolution of an insurgency. Oxford University Press, 2016. 242.
[145] Patel, David Siddhartha. "ISIS in Iraq: What we get wrong and why 2015 is not 2007 redux." Middle East Brief 87 (2015): 4

доминираат со цивили или прагматични оперативци на кои може да им верува сунитската сириска заедница.

Оваа студија користејќи ја глобалната база на податоци за тероризам ( GTD - Global Terrorism Database) сега ќе се сврти кон посистематска истрага за Исламска држава и Џабхат ал-Нусра кои покажаа различни стапки на таргетирање невооружени цивили со текот на времето. Како што е наведено од линиите на тренд во Графиконот 1 и во Графиконот 2, двете групи ја достигнаа најголема инциденца на напади врз цивили помеѓу 2015 и 2016 година. Сепак, бројот на напади од ИД во овој временски период беше речиси двојно поголем од оној на ЏН. Најголем број напади извршени од ИД врз цивили во едномесечна временска рамка додадени на сума од 95 инциденти, додека ЏН го достигнал врвот на вкупно приближно 53 инциденти.

**Графикон 1**

Стапка на инцидентни напади во Сирија од страна на Исламската држава Ирак и Левант (2011 – 2018)[146]




[146] "National Consortium for the Study of Terrorism and Responses to Terrorism (START)," University of Maryland. (2019). The Global Terrorism Database™

**Графикон 2**

Стапка на инциденти напади во Сирија од страна на Џабхат ал-Нусра (2011 – 2018)[147]




GTD има тековен список од 190 000 терористички напади од 1970 до 2018 година.[148] Сите инциденти на ГТД мора да важат за следните три одредби: Прво, „инцидентот мора да биде намерен“, второ, „инцидентот мора да повлекува одредено ниво на насилство или непосредна закана од насилство, вклучително и имотно насилство, како и насилство врз луѓе“, и, последно, „сторителите на инцидентите мора да бидат субнационални актери. Базата на податоци не вклучува државни акти на тероризам.“[149]

Секој графикон беше креиран со функцијата „Напредно пребарување“ на GTD, што овозможува истражувачите да создадат сет на податоци на напади врз основа на критериумите временски период, регион, земја, група на сторители, тип на оружје, тип на напад, тип на цел и стапка на жртви. ИД и ЏН заедно беа избрани како групи сторители, а категоријата за земја беше сведена на Сирија. Трендовите

147 University of Maryland, The Global Terrorism Database.
148 The Global Terrorism Database, 2019
149 The Global Terrorism Database Codebook, University of Maryland. October 2019. 10

на секој графикон ја одразуваат инциденцата на напади извршени од Исламска држава и Џабхат ал-Нусра од почетокот на граѓанската војна во 2011 година до најновите едногодишни стапки документирани од ГТД во 2018 година.

Определените полиња за оружје, напад и жртви беа избрани за највклучителен опсег на располагање. Видовите цели избрани да ги одразуваат стапките на цивилни напади ги вклучуваат новинарите или медиумите, граѓани и имот, туристи и невладини организации. Воени напади се вклучени во графиконот за контекстуализирање на практиките на таргетирање воени наспроти невоени цели на секоја милитантна група. За да биде јасно, главната зависна променлива за студијата е пропорцијата на сите напади извршени од ИД и ЏН врз цивилни цели според критериумите за кодирање.

Конечно, GTD им овозможува на истражувачите да ги прошират и да ги стеснат своите дефиниции за тероризмот со вклучување или исклучување три критериуми: критериумот I „утврдува дека вклучените инциденти мора да бидат насочени кон постигнување политички, економски, религиозни или социјални цели“... критериумот II бара дека „секој напад мора да има докази за намера да присили, заплаши или пренесе некоја друга порака до поголема публика (или публики) од непосредните жртви“... критериумот III предвидува дека „дејството мора да биде надвор од легитимните воени активности“. Овие критериуми се користеа за филтрирање на инцидентите од оваа студија за да се осигури дека сите инциденти извршени од Исламска држава и Џабхат ал-Нусра несомнено се терористички напади.

Една соодветна воведна студија на случај на стратегиските идеолошки разлики на ИД и ЏН и степенот на насилство врз пошироката јавност е илустриран со употребата или некористењето хемиски оружја од страна на овие групи. Бидејќи сириската армија презеде мерки со екстремна сила за да ја одржи политичката моќ за време на траењето на војната, џихадистичките опозициски сили како што се ИД и ЏН на прв поглед изгледаа дека имаат слични теолошки оправдувања и практични способности за употреба на хемиско оружје како одбранбена стратегија против владините сили. Двете групи беа мета на распоредувањето на хемиско

оружје од страна на ал-Асад и истите се стекнаа со контрола над воените складишта на хлор и сарин. Меѓутоа, и ИД и ЏН имаат различни организациски принципи кои го дефинираат крајниот стимул – или недостаток од него – за милитантната група да профитира од латентниот јавен страв предизвикан од оружје за масовно уништување што го користи владата и да сигнализира колективна намера да се совпадне со бруталните тактики на режимот на Асад против цивилното население за да се добие власт. Принципите кои ги подели ИД и ЏН се директно поврзани со нивниот пристап кон стекнување легитимитет во Сирија и меѓу кои и симпатизерите на џихадистите во светот. Додека ИД се придржува до тактиката на екстремна сила за да постигне Исламска држава на краток рок, ЏН се придржува до идеологијата на ал-Каеда за Исламска држава што треба да биде спроведена преку постепена стратегија за интегрирање во локалните заедници, притоа негувајќи ја јавната поддршка на исламското владеење.

ИД прогласи формирање Исламска држава низ Ирак и Сирија во април 2014 година и го искористи насилството против шиитите, верските малцинства и сунитските племиња кои се перципирани дека не се строго посветени на висококонзервативниот бренд на ИД за исламот. Исламска држава користи „бескрајно непријателство кон ќафирите (отпаднички режими) и такфирите (екскомуницираните муслимани)“ за да се озакони нејзиното овластување да воспостави шеријатско право и да ја монополизира силата над цивилите на нејзината територија.[150] ИД има рутински употребувано насилство врз јавноста како суштинска алатка за промовирање на нејзините интереси и не е оперативно ограничен од статусот на локално или меѓународно одобрение поради неговиот бруталeн пристап кон преземање на територијалната моќ. ИД има интегрирано хемиско оружје во својот арсенал и редовно го употребувал: од 2014 до 2017 година, групите за следење конфликти забележале 71 случаи на употреба на хемиско оружје ИД.[151]

---

[150] Chapman, "Islamic State and Al-Nusra: Exploring determinants of chemical weapons usage patterns." 115

[151] Chapman, "Islamic State and Al-Nusra: Exploring determinants of chemical weapons usage patterns." 112.

Од друга страна, ниту еден меѓународен орган што ги надгледува конфликтните зони не го потврди тоа дека Џабхат ал-Нусра користела хемиска војна за време на граѓанската војна, дури и како метод за одбрана од актуелниот режим на Асад.[152] ЏН ја прифаќа теоријата на стратегот на ал-Каеда, Абу Мус'аб ал-Сури, дека сунитските џихадисти можат да основаат Исламска држава само на долг рок, со тоа што прво ќе добијат база на популарна поддршка од муслиманската заедница. Како резултат на тоа, присуството на ЏН на терен во Сирија силно се разликува од она на ИД бидејќи нејзините водачи се обидоа да избегнат насилство со масовни жртви на цивили и покажаа напори за легитимирање на организацијата како способна да се здружи со различни сунитски опозициски групи во граѓанската војна.

Со постигнување влијание преку сојузи со локалните бунтовници и ненасилно спроведувајќи ја власта во регионот, ЏН има за цел постепено да се интегрира во опозиција како прагматична алтернатива на бруталното владеење на режимот на Асад или Исламската држава. За разлика од ИД, која го смета хемиското оружје како корисна алатка за вградување во нејзините ултранасилни државни операции, ЏН, пак, применува организациски санкции за насилство што би можело им наштети на голем број сунити кои што не се борци, а за кои ЏН тврди дека ги брани. Така, спротивно на пораките на овие џихадистички групи како агресивни или прагматични актери во конфликтот дејствува како олеснување или ограничување на нивната колективна способност да користат оружје за масовно уништување во Сирија. Ако ЏН ја прифати оваа сила, тие би ги отуѓиле локалните сојузници за кои тие тврдат дека ги претставуваат.

Оваа динамика помеѓу различните ставови на ИД и ЏН за формирање Исламска држава, дефинирање муслиманска изборна единица и одредување на трошоците или придобивките од честите цивилни таргетирања е конзистентно надвор од темата за хемиска војна. Години пред започнувањето на Сириската граѓанска војна, два табора почнаа да се појавуваат во салафистичко-џихадистичкиот пејзаж со различни внатрешни и надворешни групи, приоритетни

[152] Ibid., 112

цели и планови за акција кои најјасно се манифестираа во Сирија. Во моментов овие групи се во војна, идеолошки и практично, поради улогата на салафистичките џихадисти во граѓанскиот конфликт. Овој раскол го достигна својот врв во Сирија и ескалацијата на внатрешните борби создадоа значителни бранови на ефекти надвор од Блискиот Исток, поделувајќи ги прилично сличните следбеници во светот и влијаејќи на нивната идентификација со џихадот.

### а) Идеите кои ги споделуваат салафистичко-џихадистичките групи

Сите салафистичко-џихадистички групи ја споделуваат идеолошката цел да се воспостави исламски политички поредок.[153] Исто така познат како „Калифат“, ова раководно тело се нарекува „држава“, што е територијална доминација со која владее муслиманска авторитетна фигура која традиционално е позната како калиф.[154] Организациите во оваа фракција го следат радикалното исламистичко убедување дека шеријатското право е единствениот легитимен правосуден систем и треба да го води идентитетот на власта. Постои подлабока идеолошка концепција дека Умма, или утопистичка заедница на верни муслимани, ќе живее во рамките на границите на Калифатот, ќе се придржува до шеријатскиот закон и ќе го имитира начинот на живот на пророкот Мухамед, во исполнување на желбите на Алах. И покрај овој консензус за конечна цел на салафистичко-џихадистичките организации, овој дел решително ќе покаже како овие групи се поделени околу легитимноста за формирање исламска заедница во блиска иднина, или подоцна, откако поширока коалиција на муслимани ќе даде поддршка за владеењето на калифот.

Воскреснувањето на салафистичкиот џихадизам во модерната ера претставува сеопфатно движење на религиозните имагинатори во регионот на Блискиот Исток и Северна Африка, кои се спротивставуваат на влијанието на европските неоколонијални практики, демократијата и глобализмот во доминантно муслиманските земји.[155] Во последните децении западните идеали го

---

[153] John A. Turner, Religious Ideology and the Roots of the Global Jihad: Salafi Jihadism and International Order. Basingstoke, England: Palgrave Macmillan, 2014. 134.
[154]McCants, The ISIS Apocalypse: The History, Strategy, and Doomsday Vision of the Islamic State. 9.
[155] HM, Sanjeev Kumar,"ISIS and the Sectarian Political Ontology: Radical Islam, Violent Jihadism and the Claims for Revival of the Caliphate." India Quarterly 74, no. 2 (2018): 120.

трансформираа политичкиот статус кво на Блискиот Исток и Северна Африка на сè посекуларни модернистички норми кои „ја намалија улогата на исламот во текстуални, судски и литургиски форми, во секојдневниот живот на заедниците на регионите.“ Оваа политичка реформа во овој дел на светот често доведуваше до тиранско владеење, репресија врз јавноста и крвави секташки поделби околу неизвесната иднина на власта во регионот. Најрадикалните исламски секти во регионот веруваат дека враќањето на Блискиот Исток во неговите поранешни граници на геополитичката моќ бара целосно враќање на прославените денови од првите три генерации на муслимани. За џихадистичките салафисти единственото религиозно легитимно средство за повторно барање исламската политичка доминација во регионот е преку џихад.

Аргументот кој беше катализатор за модерниот џихад беше напишан од Абдула Азам, кој го промовираше џихадот како легитимна одбрана на муслиманските земји во Авганистан од инвазијата на Советските сили и тврдеше дека џихадот е задолжителен исто како и главните столбови на исламот во модерната ера. Преку 20 000 борци мотивирани од декларацијата на Азам се собраа во Авганистан и организираа кампови за обука на милитанти во регионот, од кои многу се приклучија во редовите на ал-Каеда и неговите филијали.

### b) Што ги дели салафистичко-џихадистичките групи

Сите салафистичко-џихадистички групи се повикуваат на идејна програма заснована на ултраконзервативни толкувања на исламските списи. Овие исламистички групи, исто така, веруваат дека насилните тактики се теолошки легитимни врз основа на нивните заеднички аспирации да воспостават исламски политички поредок. И покрај овие сличности, спектарот на ставови во рамките на оваа идеолошка категорија „доведува до разлики во моделите на таргетирање на терористичките групи – дури и меѓу групите кои имаат слични, но различни идеологии.“[156] Затоа, салафистичките џихадисти се однесуваат поинаку во

[156] Drake, The role of ideology in terrorists’ target selection." 78.

зависност од ставовите што ги имаат во однос на контроверзиите во нивниот систем на верување.

Една од централните дебати меѓу овие групи, на моменти предизвикувајќи групни внатрешни борби, фракциони поделби, па дури и објавување војна на една група против друга, се нивните филозофии за тоа како оправдано да се постигне формирање исламска држава. Сите салафистички организациите лежат на крајниот крај на спектарот на исламската теологија. Оние кои се сметаат за „умерени“ актери во оваа фракција се придржуваат до Куранот, кој експлицитно наведува дека калифатот може да се воспостави само прагматично со консензус и единство на транснационална муслиманска заедница. Порадикалните секти како Исламска држава веруваат дека тоа е императив на џихадот за да се формира територијална Исламска држава што ја претставува и колективизира Уммата што е можно поскоро. Нивниот метод не дава приоритет на условот за широко распространет муслимански договор и доброволно ангажирање со територијалниот калифат.[157] Подгрупата на џихадистичките групи кои брзо прогласија територијално воспоставување Исламска држава, исто така, се фиксира на апокалиптичниот концепт на „крајот на времињата“ што ја проширува фанатичната имагинација на организацијата.[158] Овие современи ставови датираат од повеќевековните секташки поделби во исламот, кои се дистинктивно повикани од ИД и ЏН за да ја легитимизираат нивната улога во граѓанската војна.

Организациската поделба помеѓу Џабхат ал-Нусра и Исламска држава е во преден план со низа внатрефракциски идеолошки поделби во таборот на џихадистичките салафисти што се случија пред граѓанската војна и постојат надвор од границите на Сирија. Поделбата меѓу овие групи е најсеопфатно објаснета како поделба помеѓу организации како ЏН кои се залагаат за „умерената“ интерпретација на џихадот на ал-Каеда и групи како ИД кои имаат усвоено поекстремни визии во однос на целта на џихадот.

157 Kumar, "ISIS and the Sectarian Political Ontology: Radical Islam, Violent Jihadism and the Claims for Revival of the Caliphate." 132.
158 Vaughan Phillips, "The Islamic State's strategy: bureaucratizing the apocalypse through strategic communications." Studies in Conflict & Terrorism 40, no. 9 (2017): 738.

**ЗАКЛУЧОК**

Ова поглавје објаснува како нијансите во салафистичко-џихадистичката идеологија резултираат со организациски несогласувања во однос на цивилното таргетирање во Сириската граѓанска војна. Додека повеќе студии компаративно ја анализираат содржината на публикациите „Dabiq“ на ИД и „Inspire“ на ал-Каеда, нема студии кои експлицитно ја спротивставија пропагандата на двете истакнати и антагонистички џихадистички групи во Сирија: Исламска држава и Џабхат ал-Нусра. Решението е дека колективно застапените верувања привлекуваат борци со нематеријални стимулации, воведуваат ритуали кои формираат меѓугрупни врски и одредуваат дали насилството врз неборците промовира или попречува траектории на групна легитимност во конфликт.

Со анализа на публикациите на ИД и ЏН, ова поглавје утврдува дека двете салафистичко-џихадистички групи вградени во истиот конфликт се способни да усвојат целосно различни идеолошки модели. Спорот меѓу џихадистите кои бараат веднаш да воспостават калифат и оние кои имаат приоритет да ја поразат владата на Асад критички го обликува искуството на Сиријците денес. Оваа дистинкција одредува дали група како ИД ги гледа цивилите како субјекти кои мора да го почитуваат авторитетот на групата со смртна казна или, според гледиштето на ЏН, „срца и умови“ кои можат постепено да се убедат да пружат поддршка. Со оваа информација, експертите за антитероризам можат да ги предвидат сегашните закани што секоја група ги претставува за неборците во Сирија и да создадат ефективни контранаративи кои ќе користат убедливи тактики што се користат за радикализирање на членовите.

До 2018 година, ИД го загуби поголемиот дел од својата територија поради мноштвото актери на кои им се спротивстави во Сирија. ЏН ја задржа територијата во Идлиб под името на коалицијата Хајат Тахрир ал-Шам и тврдеше дека ги прекинала врските со ал-Каеда, иако повеќето експерти за тероризам се сомневаат дека овој ,,развод” е стратегиски потег за дестимулација на западните контратерористички воздушни напади на милицијата. Со или без сегашното територијално присуство, идеологиите на секоја група циркулираат низ Сирија и

привлекуваат внимание на симпатизерите на џихадистите низ светот. Психолошкото влијание на секоја група во Сирија не може да се игнорира или веднаш да се уништи од експертите за антитероризам. Сепак, против радикализацијата на овие организации може ефикасно да се бори преку стратегии за меѓународна акција и контрапораки.

## 7. ВЛИЈАНИЕТО НА НАДВОРЕШНИТЕ СПОНЗОРИ И ФАКТОРИ ВО СИРИЈА

Две истакнати теми неспорно се случија во еволуцијата на конфликтот во Сирија.

Прво, секташтвото стана поизразено како што конфликтот станува сè понасилен. Второ, како што одминуваше конфликтот, исламистичките групи во опозицијата растеа несразмерно врз сметка на нивните секуларни колеги. Кои надворешни фактори го поттикнаа подемот на исламистите и како овие фактори влијаеле на внатрешната секташка динамика на Сирија? Во Сириското опозициско движење, ресурсите се неизбришливо поврзани со надворешните фактори коишто се инволвирани, при што се обезбедува следниот и последен дел од сложувалката.

Многу аналитичари посочија дека донациите од заливските земји преку државни и недржавни канали ги зајакнаа радикалните исламистички групи во сирискиот конфликт. Сепак, освен што дадоа општи изјави, малкумина од нив точно идентификуваа како се случило тоа. Сепак, малкумина обезбедија сеопфатни споредби на различните видови поддршка од заливските земји. Дел од причината зошто постои оваа празнина се должи на недостатокот на примарни извори на информации. Поголем дел од достапната литература се извештаи од различни вести кои тешко се потврдуваат, па така треба да се внимава во анализата.

Второ, континуираните промени во сојузите во сирискиот конфликт и мноштвото донатори претставува предизвик за една група да се поврзе со исклучиво еден донатор. Сепак, во периодот од 2011 година до 2013 година напишана е доволно литература, за да може да се започне со длабинско истражување на донаторската поддршка.

Во ова поглавје, ја пополнувам празнината врз основа на достапната литература со испитување на тоа како надворешните сунитски спонзори го обликуваа сирискиот конфликт и како тие директно и индиректно го олеснија подемот на радикалните исламистички групи. Тоа го тврдам додека геостратегиските политики во регионот ги поттикнаа секташките идентитети, донаторите од заливските земји преку државни и недржавни нивоа несразмерно ги фаворизираа радикалните исламистички групи во сириската опозиција. Ова поглавје се состои од **три дела**. Прво, ја разгледувам постојната литература за надворешни спонзори на бунтови и граѓански војни. Второ, го истражувам сирискиот конфликт од регионална перспектива за да се покаже како и зошто саудиско-иранското ривалство ги поларизираше секташките идентитети во Сирија. Трето, ја анализирам јавната и приватната поддршка од Саудиска Арабија, Катар и Кувајт и соодветните ефекти што ги имаше нивното спонзорство врз опозицијата како целина. Исто така, ќе прецизирам како овие фактори ги олеснија порастот и растот на Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава.

## 7.1. ПРЕГЛЕД: СПОНЗОРИ НА ГРАЃАНСКИ ВОЈНИ И БУНТОВИ

Аналитичарите во делот на социјалните движења, бунтот и граѓанската војна се согласуваат за негативното влијание на надворешните спонзори со различни агенди врз бунтовите и граѓанските војни. Кога бунтовничките групи се натпреваруваат за надворешно спонзорство, тие често ги усогласуваат своите цели со оние на донаторот и ги користат ресурсите на начин во согласност со желбите на донаторот.[159] Ако тие не ги усогласат целите, групите ризикуваат да изгубат вредна поддршка. Без материјални и финансиски ресурси, колективните дејствувања не може да се одржат, а групите не може да преживеат. Така, надворешните спонзори влијаат врз однесувањето на групата, како што се идеологијата, стратегијата и тактиката и локалните причини за конфликтот стануваат испреплетени со надворешни интереси.

[159] McAdam, Political Process and the Development of Black Insurgency, 55

Надворешните спонзори предизвикуваат и групна фрагментација.[160] Бунтовнички групи со пристапот до странски ресурси немаат голема желба да се обединат со другите фракции. Оваа динамика води кон конкуренција меѓу групите во истото опозициско движење, кое го поткопува секој изглед за команда и контрола.

Покрај промовирањето на фракционализмот, странската поддршка во граѓанските војни доведува до подолги и понасилни конфликти со повеќе жртви.[161] Една од причините за ова е што странската поддршка ја намалува веројатноста за појава на мировни преговори бидејќи странските донатори го имаат тој луксуз да не го носат директно на нив товарот на насилниот конфликт. Ова е причината зошто Дејвид Канингем ги нарекува играчи на вето во решавање конфликти.[162]

Друга честа опасност од надворешни спонзори е тоа што тие не можат да гарантираат целосна контрола на нивните полномошници како што беше случајот со насилните граѓански војни во Авганистан и Либан.[163] Групите имаат поголема веројатност да измислуваат детали за операции или да фабрикуваат злосторства за да се изборат за поголема поддршка. Дополнително, спонзорот може да ја изгуби контролата врз полномошникот кога групацијата ги диверзифицира своите извори на приходи и веќе не се потпира на спонзорот за клучните ресурси.[164] На пример, ИД создаде повеќе различни струи на приходи и не им беа потребни спонзори за одржување на своите активности.[165] Така, ако раните спонзори на ИД примениле одреден степен на воздржаност во однос на активностите на групата, ИД беше слободна да изврши насилни дејства каде што сметаше дека е соодветно за потоа да стане независна од поддршката што првично помогна да се создаде Исламската држава.

---

[160] Wendy Pearlman, "Understanding Fragmentation in the Syrian Revolt," in The Political Science of Syria's War (Washington, DC: The Project on Middle East Political Science, 2013), 41, http://pomeps.org/2013/12/19/political-science-and-syrias-war/

[161] Christia, "What Can Civil War Scholars Tell Us About the Syrian Conflict," 10; Patrick M. Regan, Civil Wars and Foreign Powers: Outside Intervention in Intrastate Conflict (Ann Arbor: University of Michigan Press, 2002

[162] Cunningham, "Veto Players and Civil War in Syria," 26

[163] Staniland, "Insurgent Organization and State-Armed Group Relations," 38.

[164] Jessica Stern, Terror in the Name of God: Why Religious Militants Kill (New York: Ecco, 2004), 268.

[165] Barrett, The Islamic State, 45

Настрана од општите концепти дискутирани погоре, расчленувањето на различните видови спонзори и нивната поддршка е од витално значење за разбирање на надворешното вклучување во конфликти. Даниел Бајман и останатите ги идентификуваа следниве видови надворешна поддршка за вооружени бунтови: држава, дијаспора, бегалци, верски организации и богати поединци, меѓу другите.[166] Општо земено, државната поддршка се смета за најважна форма, но во Сирија комбинација на заедници на дијаспората, верски организации и богати поединци се покажаа повредни од државата, особено затоа што приватните донатори се исклучително тешки да се следат и истите да одговараат. Без оглед на сè, и државната и приватната поддршка беа клучни во обликувањето на сириското востание.

Опсегот на надворешна поддршка значително варира од критична до мала поддршка. Финансиски ресурси, политичката поддршка, директната воена поддршка и безбедните засолништа се најкритични форми на поддршка.[167] Помали, но вредни форми се состојат од обука, оружје и материјали, борци, разузндвачка поддршка, организациска помош и идеолошка инспирација.

Во Сирија нема недостаток на безбедни засолништа, и покрај целните воздушни напади врз Исламска Држава и Џабхат ал-Нусра, не се случи директна, голема воена вмешаност од надворешни сили. Повеќето преферираат да ги пуштат своите полномошници да ги претставуваат нивните интереси. Како резултат на тоа, директна финансиска поддршка и воено оружје спаѓаат во најкритичните потреби на сириската опозиција.

Постојат три основни причини зошто спонзорите обезбедуваат надворешна поддршка. Според Абдулкадер Сино, врвните мотивации се насочени првенствено кон ослабување на таргетираната влада, проширување на регионалното влијание и поддршка на идеолошки, етнички или религиозни врски.[168] Првите две мотивации обично се поврзани со желбата да се контролира полномошникот за да се обезбедат максимални резултати. За да се зголеми веројатноста за контрола, на спонзорот му

[166] Daniel Byman, Peter Chalk, Bruce Hoffman, William Rosenau, and David Brannan, Trends in Outside Support for Insurgent Movements (Santa Monica: RAND, 2001), 3, http://www.rand.org/pubs/monograph_reports/MR1405.htm
[167] Byman et al., Trends in Outside Support for Insurgent Movements, 84–91.
[168] Sinno, Organizations at War in Afghanistan and Beyond, 79.

е потребно групата да има централизирано раководство. Затоа, спонзорите кои се мотивирани и амбициозни, теоретски би требало да преферираат да ги поддржуваат оние групи кои се хиерархиски поставени и можат да докажат команда и контрола на своите сили.

Во Сирија радикалните и умерени исламистички групи добија повеќе надворешна поддршка за разлика од секуларните елементи во опозицијата, што тоа го објаснува зошто тие често се подобро опремени и финансирани.[169] За да се анализира зошто и како, ги користам сите дискутирани елементи во остатокот од ова поглавје. Почнувајќи со фактори на макрониво, со посебен осврт кон саудиско-иранското ривалство, следниот дел го истражува влијанието на транснационални идентитети во сирискиот конфликт.

## 7.2. САУДИСКО-ИРАНСКОТО РИВАЛСТВО И СИРИСКАТА ВРСКА

Според Куртис Рајан, Сирија ја претставува „Новата арапска студена војна“, која е историска референција за меѓуарапските борби за моќ од 1950-тите и 1960-тите, каде што идентитетот и идеолошките разлики беа оспорени преку прокси војни.[170]

Може слободно да се каже дека 21 век беше сведок на три традиционални центри на моќ на Блискиот Исток: Египет, Ирак и Сирија каде што значително се намали нивната важност додека во исто време другите регионални играчи се искачија во првите редови, првенствено Саудиска Арабија и Иран. И двете држави беа ангажирани во еден вид на Студена војна каде што нивното ривалство содржеше силен религиозен и идеолошки елемент на сунити против шиити.

Арапската пролет ја подигна нивната меѓудржавна конкуренција на највисоко ниво, а Сирија стана епицентарот на нивното ривалство. Испитување на саудиско-иранското ривалство и поврзување со Сирија обезбедува почетна референтна точка за да се започне со анализа на улогата и мотивациите на надворешните спонзори во сирискиот конфликт.

---

[169] Tentative Jihad: Syria’s Fundamentalist Opposition, 32.
[170] Curtis, “The New Arab Cold War and the Struggle for Syria.”

Додека Саудиска Арабија и Иран се исламски земји, тие ги претставуваат спротивните краеви на спектарот. Саудиска Арабија е регионален лидер за сунитските муслимани. Се залага за ултраконзервативна форма на исламот познат како вахабизам, кој во суштина е саудиска форма на салафизам.[171] Вахабизмот е именуван по неговиот основач Мухамед Бин Абд ал-Вахаб кој живеел во текот на 18 век.[172] Саудиска Арабија агресивно ја извезува својата вахабистичка идеологија низ целиот регион. Додека вахабизмот не е инхерентно насилен, неговиот фундаменталистички пристап кон исламот е понекогаш контроверзен и генерално непријателски настроен кон шиитските муслимани. Од надворешна политичка перспектива, Саудиска Арабија е сојузник на САД, фокусиран на зачувување на статус кво во регионот.[173] Како апсолутна монархија која стравува и се згрозува од промени, често ги користи приходите од своите огромни резерви на нафта за да ги придобие и асимилира потенцијалните противници, кои понатаму ја формираат основата на саудиската стратегија внатре во кралството во пресрет на Арапската пролет. Во суштина, Саудиска Арабија го поткупи своето локално население за да го намали политичкото незадоволство преку дарежливи владини субвенции. Како водечка неарапска, несунитска земја во регионот, Иран е де факто лидер на шиитите во светот. Многу земји на Блискиот Исток, како што се Либан, Бахреин, Саудиска Арабија, Јемен и Кувајт, содржат значителни шиитски заедници коишто се соочени со тековни проблеми со дискриминација, сиромаштија и невработеност, особено во регионот на Заливот. Како резултат на тоа, Иран се гледа себеси како нивен добротвор со различен степен, што предизвикува еден вид триење особено во земјите од Заливот. Сепак, секташките разлики не се единствената причина за ривалство помеѓу Иран и Саудиска Арабија; политичките разлики се исто толку важни.

Потеклото на саудиско-иранското ривалство потекнува од Исламската револуција од 1979 година. За време на револуцијата, иранските граѓани предводени од ајатолахот Рухолах Хомеини го соборија нивниот монарх Мохамад

---

[171] W. Andrew Terrill, The Saudi– Iranian Rivalry and the Future of Middle East Security (Carlisle: Strategic Studies Institute, 2011), 3.

[172] Ahmad Moussalli, Wahhabism, Salafism, and Islamism: Who is the Enemy (London, England: Conflicts Forum, 2009), 4, http://www.conflictsforum.org/2009/wahhabism-salafism-and-islamism/.

[173] Terrill, The Saudi– Iranian Rivalry, 1.

Реза Шах Пахлави и воспоставија Исламска Република. Настанот беше катаклизмичен во регионот каде што во тој момент иранските револуционери веднаш повикаа на соборување и рушење на заливските монархии и воспоставување исламски републики на нивното место. Саудиска Арабија беше една од првите кои ги почувствуваа одекнувањата. Кон крајот на 1979 година, Саудиската шиитска заедница се побуни во нејзината источна провинција, додека во истиот момент носеше слики од Хомеини и ја осудуваше саудиската монархија. Саудиската влада одговори со насилно задушување на немирите и го обвини Иран за нивно поттикнување, и покрај долгата историја на саудиска политичка репресија против шиитската заедница. Хомеини одговори со постојан излив на насилна омраза насочена кон саудиската монархија и постојано ја доведуваше во прашање нејзината легитимност да владее.

Откако започна војната помеѓу Иран и Ирак во 1980 година, Саудиска Арабија цврсто го поддржа Ирак и собра финансиска поддршка од другите сунитски монархии во Заливот. Во рамките на регионот, Сирија беше единствената арапска држава која обезбеди дипломатска и морална поддршка за иранската страна, што го означи почетокот на нивната алијанса.[174] Додека сунитско-шиитската поделба на сојузите е невозможно да се игнорира, динамиката не може само да се сведе на секташка лојалност. На пример, многумина претпоставуваат дека Хафез ал-Асад и неговиот близок алавитски круг природно застана на страната на Иран поради шиитската врска; сепак, ал-Асад веројатно беше мотивиран да застане на страната на Иран повеќе поради омразата кон Ирак отколку поради секташка лојалност. Различни ограноци на партијата Баат во тоа време ги водеа владите и во Сирија и во Ирак, и покрај тоа, двете страни беа лути ривали. Нивниот анимозитет беше политички, а не секташки. Без разлика на нијансите, насилните конфликти во регионот имаат тенденција да ги засилат секташките разлики и секташтвото стана моќна алатка за собирање поддршка. Како реакција на Иранската револуција и војната помеѓу Иран и Ирак, Саудиска Арабија го консолидираше своето регионално лидерство во 1981 година со формирање

[174] Terrill, The Saudi– Iranian Rivalry, 27.

Заливски совет за соработка (ЗСС)[175], регионален сојуз на арапски монархии од Заливот во кој беа вклучени Бахреин, Кувајт, Оман, Катар, Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати. Седиштето на ЗСС е во Ријад, Саудиска Арабија, а целта му беше да ги обедини интересите на заливските монархии во случај на регионални превирања. Во моментов, ЗСС претставува примарен, регионален политички инструмент преку кој саудиската влада се обидува да одржи статус кво.

Иако саудиско-иранското ривалство од 1980-тите е актуелно и има тенденција да се намалува, никогаш не резултираше со директна воена конфронтација помеѓу нив и веројатно никогаш нема да се случи.[176] Наместо тоа, на картите на ривалството се игра во внатрешната политика на слабите соседни држави преку трети страни. Секташките наративи во двобојот помеѓу Саудиска Арабија и Иран го претставуваат нивното најмоќно оружје, а не нивната воена моќ, а од 2000 година се чини дека Иран добива предност каде што политичкото влијание постојано го проширува додека Саудиска Арабија постојано се обидува да го задржи под контрола. На пример, најважниот недржавен сојузник на Иран, Хезболах, е доминантна сила во либанската политика, а од падот на режимот на Садам Хусеин во Ирак, иранското влијание во актуелната шиитска влада на Ирак е зголемено.[177]

Кога Арапската пролет избувна кон крајот на 2010 година, одговорите на Саудиска Арабија и Иран паднаа во согласност со нивните воспоставени резултати. Иранскиот врховен лидер Ајатолах Али Хамнеи брзо ја прикажа Арапската пролет како продолжение на Иранската револуција од 1979 година и со задоволство ги поздрави промените.[178] Спротивно на тоа, саудиските лидери беа ужасени како режимот на Хосни Мубарак беше соборен во Египет, а нивниот одговор на Арапската пролет постепено ескалира од пасивна во активна поддршка.

Кога насилните протести започнаа во Либија, Саудиска Арабија и другите земји од ЗСС, особено Катар, испратија материјална и финансиска поддршка до

---

[175] Gulf Cooperation Council
[176] F. Gregory Gause, Beyond Sectarianism: The New Middle East Cold War (Washington, DC: The Brookings Institution, 2014), 3.
[177] “The Long Arm,” The Economist, January 24, 2015, http://www.economist.com/news/middle-eastand-africa/21640382-iran-doing-better-its-rivals-expanding-its-influence-unstable.
[178] Terrill, The Saudi– Iranian Rivalry, 11–12.

либиската опозиција. Меѓутоа, кога мнозинското шиитско население во Бахреин започна со протести во 2011 година, саудиската влада заседе проактивен став и испрати 1 000 војници за да помогнат во задушувањето на протестите, по барање на бахреинското сунитско кралско семејство. Веднаш по репресивното задушување на протестите, кралот на Бахреин јавно ги обвини Иран и Хезболах за поттикнување на граѓанските немири, што Иран веднаш го негираше тоа. Сепак, протестите во Сирија значително го зголемија влогот на саудиско-иранското ривалство поради тоа што се судрија нивните различни интереси.

Сирија претставува најважен сојузник на државно ниво, додека Хезболах е најголемиот и важен недржавен сојузник на Иран. За сите намери и цели, Сирија го претставува копнениот мост на Иран до Хезболах. Сирија е исто така витална, стратегиска тампон-зона што го дели Иран од неговиот смртен непријател Израел. Покрај сирискиот режим, Иран несомнено може најмногу да загуби доколку Башар ал-Асад е соборен и заменет со непријателска сунитска влада.

Кога насилните протести започнаа да се шират внатре во Сирија, Иран веднаш започна да испраќа опрема за контрола и разбивање нереди, како и советници и експерти за разбивање антивладини протести. Како насилните протести се претворија во конфликт којшто се прошири во 2012 година, така Иран ја засили испораката на воени материјали за сириската влада и испрати членови од своите елитни сили КУДС, единица наменета за специјални задачи која се наоѓа во склоп на Корпусот на Гардата на Исламската револуција, за обука на сириските алавитски паравоени единици.[179] Иран и Сирија, исто така, ги употребија и другите шиитски сојузници. Според Метју Левит, Хезболах испрати дури 5 000 свои борци во Сирија на ротациона основа, а исто така и ирачките шиитски милитантни лидери од Асаиб Ахл ал-Хак и Катаиб Хезболах испратија до 5 000 борци.[180] Додека државната и недржавната надворешна поддршка од страна на сириските шиитски сојузници подеднакво ја поддржа владата на сирискиот претседател Башар на ал-

[179] Michael R. Gordon, “Iran Supplying Syrian Military via Iraq Airspace,” The New York Times, September 4, 2012, http://www.nytimes.com/2012/09/05/world/middleeast/iran-supplying-syrian-militaryvia-iraq-airspace.html.

[180] Matthew Levitt, Syria Spillover: the Growing Threat of Terrorism and Sectarianism in the Middle East (Washington, DC: The Washington Institute for Near East Policy, 2014), http://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/view/syria-spillover-the-growing-threat-of-terrorismand-sectarianism-in-the-mid.

Асад, сириската опозиција ја немаше истата конзистентност со своите надворешни актери коишто пружаа финансиска и друга материјална помош.

### 7.3. СУНИТСКИ НАДВОРЕШНИ СПОНЗОРИ

Во целост, Саудиска Арабија, Катар и Кувајт го претставуваат мнозинскиот дел од севкупната сунитска арапска материјална и финансиска поддршка за сириската опозиција, како и хуманитарна помош на бегалците. Иако е тешко да се измерат точните износи, се појавија општи трендови, па така Саудиска Арабија беше главен донатор од почетокот на протестите кои понатаму прераснаа во крвава граѓанска војна, но, според Рула Калаф и Абигејл Филдинг Смит, меѓу 2011 и 2013 година, Катар обезбеди најмногу материјална и финансиска поддршка за сириската опозиција во вкупна вредност од три милијарди долари,[181] но во периодот од 2013 година Саудиска Арабија го надмина Катар.[182] И покрај тоа што двете земји се во ЗСС, тие многу се разликуваа во однос на видот и на кого ја даваат поддршката, што ќе биде наведено во следните делови. Од хуманитарна гледна точка, Кувајт е најголем снабдувач и се противи на вооружување на опозицијата.[183]

Мноштво недржавни субјекти, како што се членовите на сириските иселенички заедници, салафистички добротворни организации и приватните донатори, се појавија паралелно со државната поддршка за сириската опозиција. Квантифицирањето на нивните придонеси е уште понеостварливо отколку вкупната државна поддршка, но Џоби Ворик проценува дека се движи во опсег од стотици милиони долари.[184] Во прилог на финансиска помош, салафистичките

---

[181] Roula Khalaf and Abigail Fielding Smith, “Qatar Bankrolls Syrian Revolt with Cash and Arms,” Financial Times, May 16, 2013, http://www.ft.com/intl/cms/s/0/86e3f28e-be3a-11e2-bb35-00144feab7de.html#axzz3TfywwIzX.
[182] Mariam Karouny, “Saudi Edges Qatar to Control Syrian Rebel Support,” *Reuters*, May 31, 2013, http://www.reuters.com/article/2013/05/31/us-syria-crisis-saudi-insight-idUSBRE94U0ZV20130531
[183] Elizabeth Dickinson, *Playing with Fire: Why Private Gulf Financing for Syria’s Extremist Rebels Risks Igniting Sectarian Conflict at Home* (Washington, D.C.: The Brookings Institution, 2013), 3.
[184] Joby Warrick, “Private Donations Give Edge to Islamists in Syria, Officials Say,” The Washington Post, September 21, 2013, http://www.washingtonpost.com/world/national-security/private-donations-giveedge-to-islamists-in-syria-officials-say/2013/09/21/a6c783d2-2207-11e3-a358-1144dee636dd_story.html.

проповедници и муслиманските свештениците обезбедија значителна и идејна поддршка што е невозможно да се измери. Самиот обем на државна и недржавна поддршка за сирискиот конфликт е значителен. Комбинацијата на двата вида поддршка фундаментално ги промени идеологијата, однесувањето и организација на опозицијата. Поради вклучените комплексности, финансиската, материјалната, и идејната поддршка на државно и на недржавно ниво на секоја земја ќе биде разгледана посебно.

**Саудиска Арабија: несакани и неочекувани последици**

Првичната поддршка на Саудиска Арабија за сириската опозиција беше олицетворение на тоа како ривалството помеѓу Саудиска Арабија и Иран директно влијае на соседните држави. Нејзината првична мотивација да ја поддржи сириската опозиција немаше никаква врска со поддршката на демократските и националистичките желби на првите сириски демонстранти. Наместо тоа, таа имаше за цел да го олесни соборувањето на владата на Башар ал-Асад и да го одбие Иран како негов клучен регионален сојузник.[185] Понатаму, Саудиска Арабија се надеваше дека секоја нова сириска влада би била сунитска и би барала поддршка од неа и од Заливскиот совет за соработка (GCC), а не од Иран. Во овој контекст, Саудиска Арабија беше една од првите земји од Заливот што обезбеди материјална и финансиска помош за опозициските сили. Нејзината поддршка ја покажа сета деструктивната сила што може да ја има странското мешање во еден конфликт.

Почетен предизвик со кој се соочи сириската опозиција беше обединувањето на нејзините хетерогени фракции. Со помош на турската влада, опозицијата во август 2011 година го формираше Сирискиот национален совет (СНС), што беше првиот обид да се обединат интересите на сите Сирийци кои се противат на режимот на Бапар ал-Асад.[186] Сирискиот национален совет е со седиште во Истанбул, Турција, а неговата првична цел беше да се претстави обединет фронт пред меѓународната заедница.[187] Се состоеше од широк опсег на активисти како што се

---

[185] Curtis, “The New Arab Cold War and the Struggle for Syria.”
[186] “Syrian Council Wants Recognition as Voice of Opposition,” Reuters, October 10, 2011, http://www.reuters.com/article/2011/10/10/us-syria-opposition-idUSTRE7993NF20111010.
[187] “Guide to the Syrian Opposition,” *BBC News*, October 17, 2013, http://www.bbc.co.uk/news/world-middle-east-15798218.

Слободната сириска армија (FSA), демократски и секуларни ентитети во кои беа вклучени малцински групи и умерени исламистички групи како што е Сириското муслиманско братство (SMB). Од самиот почеток, тој беше зафатен со борби помеѓу разни фракции. Оваа динамика му даде почетна предност на Сириското муслиманско братство бидејќи од сите групи во Сирискиот национален совет, муслиманското братство беше најдобро организирано.[188] Севкупно, Саудиска Арабија жестоко се спротивставува на секој елемент на Муслиманското братство бидејќи саудиските лидери ја гледаат верзијата на политичкиот ислам на Муслиманското братство како најорганизирана и најспособна закана за нивното владеење.[189] Како резултат на тоа, Саудиска Арабија беше недоверлива кон Сирискиот национален совет и одби да соработува со Сириското муслиманско братство и поради тоа започна шема на поддршка на специфични групи во рамките на Сирискиот национален совет коишто беа надворешно исламистички, но беа усогласени со саудиските интереси и нејзините вахабистички ставови.

Катар го претпочиташе Сириското муслиманско братство пред другите групи, и на тој начин се формираше основата на саудиско-катарското ривалство во Сирискиот конфликт каде што секоја страна започна да поддржува различни исламистички групи.

Во прилог на внатрешните несогласувања во Заливскиот совет за соработка (GCC) за тоа кого и зошто да се поддржи, процесот што Саудиска Арабија и Катар го иницираа за испорака на материјални и финансиски ресурси во 2011 година темелно го поткопа Сирискиот национален совет. Наместо практичен пристап, двете земји назначија свои посредници во Турција за да ја дистрибуираат нивната поддршка. Според Ранија Абузеид, Саудиска Арабија го избра либанскиот политичар Окаб Сабр кој е поврзан со прврвиот либански премиер Саад Харири.[190] Тоа се должи на фактот дека Саудијците и Саад Харири претходно имале постојна работна соработка во регионот. Според саудиските упатства, Сабр идентификуваше мешавина од способни групи помеѓу Слободната сириска армија (ССА) и разни

---

[188] Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 188–189.
[189] Rania Abouzeid, "Syria's Secular and Islamist Rebels: Who Are the Saudis and the Qataris Arming?," Time, September 18, 2012, http://world.time.com/2012/09/18/syrias-secular-and-islamist-rebelswho-are-the-saudis-and-the-qataris-arming/.
[190] Abouzeid, "Syria's Secular and Islamist Rebels."

салафистички фракции, каде што тој ја понуди саудиската поддршка во замена за ветувања за лојалност.[191] Од саудиска перспектива, главната цел беше да се избегнат грешки што беа направени за време на Советската воена интервенција во Авганистан со обезбедување поддршка за џихадисти како Осама бин Ладен кои по завршувањето на конфликтот се вратија во Саудиска Арабија и директно ја предизвикаа саудиската влада, и поради тоа се бараа конкретни ветувања за лојалност. Без оглед на намерите на Саудиска Арабија, нејзината селективна поддршка на некој начин направи фаворизирање.

Наместо да поминат низ Сирискиот национален совет, групите беа поттикнати да ја прифатат и усвојат саудиската агенда. Тие започнаа да покажуваат надворешни исламистички тенденции со надеж дека ќе ја привлечат поддршката од Саудиска Арабија. Тие, исто така, започнаа со снимање воени напади за да ја докажат својата ефикасност на бојното поле, кое промовираше ескалација на насилството на веќе жестокиот конфликт.[192] Понатаму, методите што се користат за распределба на средствата беа многу сомнителни. Окаб Сабр воспостави контакти внатре во Сирија и ги довери на нив да доставaт потребни средства на групи кои не беа во можност да испратат нивни претставник во Турција. Честопати не постоел начин точно да се знае кој ги добил парите и оружјето на крајот од логистичкиот синџир. Дополнително, постојаните промени во сојузите во Сирија и неизвесноста точно да се знае кои групи всушност биле исламисти или не биле спречиле да се направи јасна проценка за тоа како да се категоризираат најактивните елементи во сириската опозиција.

Одличен пример за ваква проблематична ситуација е бригадата Фарук, која беше најефикасна борбена сила во рамките на Слободната сириска армија (ССА) во сирискиот град Хомс во 2011 година. 370 сунитски дезертери од сириската армија го формираа јадрото на бригадата Фарук како одговор на суровата тактичка реакција на режимот врз граѓаните на Хомс. Кога бригадата го објави своето формирање, ја претстави својата секуларна, националистичка агенда и апелираше до сите Сиријци без разлика на нивната секта. Кога саудиски и катарски пари

[191] Chris Zambelis, “Royal Rivalry in the Levant: Saudi Arabia and Qatar Duel over Syria,” Terrorism Monitor 16, vol. XI (August 2013): 10.
[192] Abouzeid, “Syria’s Secular and Islamist Rebels.”

почнаа да ја преплавуваат опозицијата, бригадата Фарук во 2012 година полека започна да го менува својот дискурс. Групата го префрли своето лого на црно знаме со вкрстени мечеви најчесто видено меѓу џихадистичките терористички групи. Нејзините водачи започнаа да носат бради во салафистички стил, бидејќи апелираа за поддршка од заливските земји.[193] Според Џозеф Холидеј, новата исламистичка верзија на бригадата Фарук се покажа како многу поларизирачка во Хомс[194] којашто одби да се координира со другите опозициски групи со кои претходно работеше и ги наруши командата на Слободната сириска армија и нејзината контрола за спроведување заеднички операции.

Во 2012 година, бригадата Фарук се приклучи на Сирискиот исламски ослободителен фронт (СИОФ), сојуз составен од умерени исламистички групи.[195] Саудиска Арабија генерално се залагаше за Сирискиот исламски ослободителен фронт во однос на друга салафистичка алијанса позната како Сириски исламски фронт (СИФ), којшто го сочинуваше меѓу другите и Ахрар и имаа блиски врски со Џабхат ал-Нусра (ЏН).[196] Внатре во структурата на сирискиот исламски ослободителен фронт (СИОФ), Саудиска Арабија и Катар ги поддржаа некои од најистакнатите групи, како што е бригадата Фарук, Џаиш ал-Ислам и бригадата ал-Тавхид.[197] Саудиска Арабија беше вознемирена затоа што Катар во исто време, исто така, ги поддржа групите кои спаѓаат под Сирискиот исламски фронт (SIF). Додавајќи поголема конфузија и сложеност на материјата, многу групи кои беа во Сирискиот исламски ослободителен фронт вклучувајќи ја и бригадата Фарук се приклучија во другите сојузи под регионални воените совети кои исто така добиваа саудиски и катарски финансиски средства. Така, многу групи дознаа дека ако се приклучат на повеќе сојузи, би можеле двојно да ја зголемат надворешната поддршка.

---

[193] Lund, Syrian Jihadism, 11
[194] Joseph Holliday, Syria's Maturing Insurgency (Washington, DC: Institute for the Study of War, 2012), 27–28, http://www.understandingwar.org/report/syrias-maturing-insurgency.
[195] Abouzeid, "Syria's Secular and Islamist Rebels."
[196] Zambelis, "Royal Rivalry in the Levant," 10.
[197] Khaled Yacoub Oweis, "Insight: Saudi Arabia Boosts Salafist Rivals to Al Qaeda in Syria," Reuters, October 1, 2013, http://www.reuters.com/article/2013/10/01/us-syria-crisis-jihadists-insightidUSBRE9900RO20131001 and Khalaf and Fielding-Smith, "How Qatar Seized Control of the Syrian Revolution."

Во 2013 година, СИОФ се распушти и многу од групите, вклучувајќи ги и Сукур ал-Шам, Џајш ал-Ислам и бригадата ал-Тавхид се приклучија на новоформираната салафистичка алијанса наречена Исламски фронт предводен од Ахрар ал-Шам.[198] Бригадата Фарук одби да се приклучи на сојузот на Исламскиот фронт, што дополнително ја доведе во прашање неговата исламистичка трансформација. Не е познато дали групата навистина верувала во исламистичката платформа или колку тие биле под влијание на поддршката од заливските земји, но набљудувањето е невозможно да се отфрли. Стратегиската одлука на раководството на бригадата Фарук да усвои исламистичка агенда се совпадна со другите во опозицијата кои се натпреваруваа за добивање поддршка од Саудиска Арабија и Катар. Дополнително, кога бригадата Фарук го усвои својот исламистички идентитет, таа престана да работи со другите бунтовнички групи во Хомс, веројатно затоа што веќе не требаше да се потпира на другите во опозицијата како резултат на надворешна поддршка. Со приливот на пари и оружје, бригадата Фарук успеа да создаде сопствена феудална област и немаше интенција да ја дели власта со другите.

Освен што се докажува како надворешната поддршка може да влијае на групната идеологија, како во претходниот пример, исто така, ги открива несаканите последици од поддршката на Саудиска Арабија, како и нејасноста на опозициските сојузи. Саудиските лидери го поддржаа Сирискиот исламски ослободителен фронт за да го неутрализираат моментумот што некои од радикалните елементи како Ахрар ал-Шам го добиваа преку Сирискиот исламски фронт (СИФ). Понатаму, поддршката за СИОФ не изгледаше премногу контроверзно, освен што дополнително го еродираше легитимитетот на Сирискиот национален совет (СНС), бидејќи ниту една од групите во СИОФ не се сметаа за радикални. Меѓутоа, кога половина од групите во СИОФ кои добиваа поддршка од Саудиска Арабија и Катар следната година се приклучија на сојузот Исламски фронт, тие станаа директно поврзани со Ахрар ал-Шам каде што понатаму учествуваа во заеднички операции со Џабхат ал-Нусра. Разумно е да се тврди дека и Ахрар ал-Шам и ал-Нусра Фронт

[198] "Syrian Rebels Form New Islamic Front," BBC News, November 22, 2013, http://www.bbc.com/news/world-middle-east-25053525.

имаа индиректна корист од претходната поддршка на нејзините нови сојузници добиени од Саудиска Арабија и Катар. Ова е една од причините зошто некои медиуми ја обвинија Саудиска Арабија дека овозможува создавање радикални исламистички групи, но не постоеја директни докази дека саудиската влада имала намера да го стори тоа.[199]

Генерално, материјалната и финансиската поддршка на Саудиска Арабија за опозицијата беше опортунистичка и спротивно на првичните цели на востанието. Од саудиска перспектива, поддршката на многубројни индивидуални групи ја зголеми веројатноста за влијание на Саудиска Арабија во постконфликтна влада која би се формирала понатаму. Сепак, се чинеше дека нејзините посредници на теренот не обезбедија никакви заштитни мерки за да се осигури дека саудиските пари не одат за радикални исламистички групи. Недостатокот на самокорекција, и покрај сите предупредувачки знаци, е запрепастувачки за секој надворешен набљудувач. До крајот на 2013 година, **варијансата** меѓу Саудиска Арабија и Катар во однос на поддршката за опозицијата беше драстична. Меѓународната заедница сè повеќе стануваше вознемирена поради порастот на радикалните исламистички групи и изврши притисок врз саудиската влада да го централизира целото финансирање коешто доаѓаше од заливските земји.[200] Саудиска Агбија и Катар се согласија, но штетата веќе беше непоправлива.

На недржавно ниво, Саудиска Арабија беше најпроактивна од сите држави членки на Заливскиот совет за соработка (GCC) во ограничувањето на нелегална поддршка од приватни, богати донатори па така создаде приватно прибирање средства надвор од официјалните државни канали и им забрани на своите граѓани да патуваат во Сирија за да започнат џихад.[201] Без разлика, граѓаните кои сакаат да донираат за конфликтот едноставно ги пренасочуваат своите средства во други

[199] Lori Plotkin Boghardt, Saudi Funding of ISIS (Washington, DC: The Washington Institute for Near East Policy, 2014), http://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/view/saudi-funding-of-isis.
[200] Karouny, "Saudi Edges Qatar to Control Syrian Rebel Support."
[201] Robert F. Worth, "Saudis Back Syrian Rebels Despite Risks," The New York Times, January 7, 2014, http://www.nytimes.com/2014/01/08/world/middleeast/saudis-back-syria-rebels-despite-a-lack-ofcontrol. html; Joby Warrick, "Private Money Pours into Syrian Conflict as Rich Donors Pick Sides," The Washington Post, June 15, 2013, http://www.washingtonpost.com/world/national-security/private-moneypours-into-syrian-conflict-as-rich-donors-pick-sides/2013/06/15/67841656-cf8a-11e2-8845-d970ccb04497_story.html.

земји со лабави финансиски закони како Кувајт. Исто така, граѓаните на Саудиска Арабија кои сакаат да учествуваат во џихадот во Сирија се чини дека тоа го прават без многу оптоварување. Според информациите на веб-страницата Middle East Monitor, 7 000 Саудијци се приклучија на Исламска држава.[202] Други како што се Soufan Group објавија бројка од околу 2 500 борци. Додека секој од изворите има различни бројки, и двата извори се согласуваат дека Саудијците го сочинуваат најголемиот несириски контингент на борци во сирискиот конфликт, а повеќето од нив се приклучија на Исламската држава.

И додека Саудиска Арабија директно не ги поддржуваше радикалните исламистички групи, една од најважните фигури и поддржувачи на Ахрар ал-Шам и сојузот на Исламскиот фронт во тоа време престојува во Кралството. Аднан ал-Арур, огнен салафистички телеевангелист по потекло од Хама, се појави како клучна идеалистичка фигура во сирискиот конфликт поради неговиот силен секташки дискурс и театарски стил во неговото неделно ток-шоу емитувано од неколку канали поврзани со салафистите.[203] Пред сириското востание, ал-Арур имаше мал број следбеници.

Сепак, кога непријателствата избувнаа во Сирија, неговиот наратив и барањата за вооружен бунт против режимот на Башар ал-Асад го трансформираа неговото шоу во едно од најпопуларните меѓу бунтовничките борци во Сирија.[204] Тој е познат по тоа што ги критикува фракциите кои не се салафистички и во една прилика неславно кажа и вети дека „ќе го меле месото на прорежимските Алавити и со нивното месо ќе ги нахрани кучињата.“

Додека тој неодамна се обиде да ја намали неговата антиалавитска и антишиитска реторика, неговата популарност несомнено ја зголеми секташката поделба. Ал-Арур формално поддржува различни опозициски групи, но, според Лунд, Листер и Зелин, тој е еден од најистакнатите јавно познати донатори на

[202] “Saudis Most Likely to Join ISIS, 10% of Group’s Fighters Are Women,” Middle East Monitor, October 20, 2014, https://www.middleeastmonitor.com/news/middle-east/14758-saudis-most-likely-tojoin-isis-10-of-groups-fighters-are-women.
[203] Tentative Jihad: Syria’s Fundamentalist Opposition, 29.
[204] Nir Rosen, “Islamism and the Syrian Uprising,” Foreign Policy Blogs, March 8, 2012, http://mideastafrica.foreignpolicy.com/posts/2012/03/08/islamism_and_the_syrian_uprising; “The Charm of Telesalafism,” The Economist, October 20, 2012, http://www.economist.com/news/middle-east-andafrica/21564913-influential-rebel-preacher-who-needs-tone-things-down.

приватно ниво до Ахрар ал-Шам и сојузот на Исламски фронт со седиште во Саудиска Арабија.[205]

**Катар: Спонзорство**

Кога започна Арапската пролет, Катар, за разлика од Саудиска Арабија, амбициозно ги прифати промените во околината така што побуните ги гледаше како можност да го прошири своето регионално влијание и немаше никаква резерва во однос на раскинување на врските со другите членки на ЗСС особено Саудиска Арабија.[206] На пример, во Египет, Катар го поддржа Муслиманското братство, додека саудиската влада не. Во Либија, Катар се наметна како најагресивна земја на ЗСС во обезбедувањето оружје наменето за бунтовничките сили.[207] Сепак, катарската поддршка за Либија подоцна стана контроверзна кога радикалните исламисти ја напуштија катарската спонзорирана, релативно пријателска група на „Западот'" Рафалах ал-Сехати и ја формираа радикалната група Ансар ал-Шерија која учествуваше во нападот во Бенгази во 2012 година, што резултираше со смртта на американскиот амбасадор Џ. Кристофер Стивенс. Кога започнаа сириските протести, Катар реагираше претпазливо, како и многу други во регионот, но како што насилството се зголемуваше во 2011 година, така Катар брзо стана еден од најплодните опозициски спонзори не само за материјална и финансиска поддршка, туку и за хуманитарна помош за бегалците. И покрај дарежливоста на Катар, неговото спонзорство беше повеќе контроверзно и поделувачко за разлика од саудиското спонзорство.

Исто како и Саудиска Арабија, Катар започна да ги финансира и вооружува опозициските елементи во 2011 година веднаш по формирањето на Сирискиот национален совет. Катар користеше сличен процес како Саудијците и започна да ги распределува финансиските средства преку свои посредници во Турција, но се разликуваше од Саудијците во однос на примателите на средствата. На пример,

---

[205] Tentative Jihad: Syria's Fundamentalist Opposition, 29; Zelin and Lister, "The Crowning of the Syrian Islamic Front;" Lund, Syria's Salafi Insurgents, 29.
[206] Zambelis, "Royal Rivalry in the Levant," 11.
[207] David D. Kirkpatrick, "Qatar's Support of Islamists Alienates Allies Near and Far," The New York Times, September 7, 2014, http://www.nytimes.com/2014/09/08/world/middleeast/qatars-support-ofextremists-alienates-allies-near-and-far.html

Катар го поддржа Сириското муслиманско братство (СМБ) и неговите поврзани исламистички групи, но одлуката на Катар да го стори тоа беше повеќе од прагматична гледна точка отколку идеолошка.[208] Додека го финансираше Муслиманското братство во Сирија спротивно на интересите на Саудиска Арабија, Катар призна дека Сириското муслиманско братство е најдобро организирано во Сирискиот национален совет и се чинеше дека веќе воспоставиле контакти внатре во Сирија, што теоретски ја зголеми веројатноста средствата да бидат испорачани за локалните елементи кои се борат против режимот. Истовремено со поддршката за Сириското муслиманско братство, Катар обезбеди и финансирање на регионалните воени команди кои беа под Сирискиот национален совет. Катар го направи тоа за да минимизира фаворизирање, но нивните напори доведоа до повеќе компликации. За да го добијат катарското финансирање, групите под регионалните команди мораа да доставаат детални списоци на нивниот персонал за да ги оправдаат количината и обемот на финансирање. Според Ранија Абузеид, групите започнале да го зголемуваат својот број, што довело до различни типови на внатрешна конкуренција и нејасни точни процени на силата на опозицијата. Понатаму, групите кои се наоѓаа под команда на Сириското муслиманско братство и под надлежност на регионалните команди добија двојно повеќе катарско финансирање од оние што не беа под надлежност и команда, што понатаму ги охрабри другите групи да усвојат исламистички агенди.

Без разлика на тоа, во 2012 година, се чинеше дека Катар се откажа од загриженоста за фаворизирање и драстично ја прошири својата поддршка на поединечни групи. Исто како што Саудиска Арабија сакаше да ја заштити својата позиција со потенцијалните победници во конфликтот, Катар го стори истото за да ги зголеми шансите за повеќе точки на влијание во новата сириска влада. Но, разликата е во тоа што Катар контроверзно обезбеди широка поддршка на многубројни исламисти групи, без разлика дали се радикални или не. Сепак, исклучително е тешко да се докаже дека Катарците ексклузивно финансираа само одредени групи. Повеќето опортунистички добиваа поддршка од Катар, како и од многу други донатори, но, со оглед на обемот на милијардите долари што Катар ги

[208] Abouzeid, “Syria’s Secular and Islamist Rebels.”

обезбеди помеѓу 2011 и 2013 година, безбедно е да се претпостави дека поддршката на Катар беше повлијателна од другите помали донатори.

Во 2012 година, отпечатокот на Катар се појави на многу исламистички групи. Интересен пример дава трансформацијата на бригадата ал-Тавхид. Група формирана кон средината на 2012 година кога голем број помали исламистички групи поврзани со Сириското муслиманско братство беа споени по налог на Турција.[209] Групите претходно добиваа финансии од Катар преку Сириското муслиманско братство. Кога Сирискиот исламски ослободителен фронт се формираше во 2012 година како умерена исламистичка алијанса, бригадата ал-Тавхид се приклучи и соработуваше со други умерени исламистички групи како што е бригадата Фарук, која исто така доби средства од Катар.[210] Во меѓувреме, Катар исто така обезбедуваше директна поддршка на Ахрар ал-Шам.[211] Кога Сирискиот исламски ослободителен фронт се распушти во 2013 година, бригадата ал-Тавхид и другите истакнати групи во алијансата се приклучија на Ахрар и другите салафистички групи во Исламскиот фронт. Научниците како Зелин и Листер тврдат дека еволуцијата на исламистичките сојузи, како што се Сирискиот исламски ослободителен фронт, Сирискиот исламски фронт, а исто така и Исламскиот фронт, е резултат на напорите од страна на Катар за да се прикаже поорганизирана исламистичка опозиција.[212]

Дилемата е во тоа што се споија умерени елементи со порадикални салафистички фракции, и јавните изјави и видливите изрази на бригадата ал-Тавхид се доказ за ефектите од тоа.

Бригадата ал-Тавхид премина од умерена исламистичка група чиишто борци носеа бели ленти на глава коишто најчесто беа препознатливи кај филијалите на Сириското муслиманско братство и започнаа да носат црни ленти на глава што вообичаено ги носат џихадистите во екстремистичките групи. Дополнително, и

---

[209] “The Story of Al-Tawhid Brigade: Fighting for Sharia,” Al-Monitor, October 22, 2013, http://www.al-monitor.com/pulse/security/2013/10/syria-opposition-islamists-tawhid-brigade.html.
[210] Khalaf and Fielding-Smith, “How Qatar Seized Control of the Syrian Revolution.”
[211] David Blair and Richard Spencer, “How Qatar Is Funding the Rise of Islamist Extremists,” The Telegraph, September 20, 2014, http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/qatar/11110931/How-Qatar-is-funding-the-rise-of-Islamist-extremists.html.
[212] Zelin and Lister, “The Crowning of the Syrian Islamic Front.”

покрај сојузот со Ахрар ал-Шам, бригадата ал-Тавхид, исто така, започна да спроведува заеднички операции и напади со Џабхат ал-Нусра во 2013 година. Нивниот однос напредуваше доволно далеку што ал-Нусра им дозволи на своите борци да се борат под водство на ал-Тавхид во напади од големи размери. Додека примерот ја следи метаморфозата на ал-Тавхид, исто така покажува како финансирањето на Катар било индиректно искористено од Џабхат ал-Нусра. Со оглед на тоа што Катар ги поддржуваше Ахрар и ал-Тавхид како и другите групи кои се сметаат за сојузници од прво ниво со ал-Нусра, неизбежно беше катарските финансии и оружје да се користат од Џабхат ал-Нусра и други радикални екстремисти.

Во 2013 година, Катар започна да ги менува своите политики за поддршка на опозицијата поради различни причини. Прво, сè погласни станувaа обвинувањата од меѓународната заедница дека Катар е несовесен со своето финансирање. Настрана од обвиненијата дека Катар бил олеснувач на подемот на радикалните групи и охрабрувач на другите да прифатат повеќе исламисти платформи, Катар, исто така, одеше по опасна линија со оружјето. Во 2012 година, администрацијата на Обама им наложи на сите арапски сојузници да не ѝ обезбедуваат на сириската опозиција ракети наменети за рачно преносливи системи за воздушна одбрана познати како (MANPADS). Разбирливо е дека САД не сакаа оружјето да заврши во рацете на радикалните исламисти. Наспроти САД, Катар обезбеди ограничено количество на кинески системи FN-6 MANPADS до неодредени групи поврзани со Слободната сириска армија (ССА). Набргу се појавија видеа на интернет каде што беа прикажани групите на Слободната сириска армија како ги користат системите FN-6, што предизвика страв меѓу западните официјални лица.[213] Иако нема индикации дека Катар им дал системи FN-6 на исламистичките групи, горенаведениот настан е додаден на меѓународниот аларм поради катарската поддршка.

Второ, саудиско-катарското ривалство достигна точка на вриење во април 2013 година кога бунтовничките сили поддржани од Катар ја напуштија својата

[213] Mazzetti et al., "Taking Outsize Role in Syria."

позиција за време на опсадата на воената база Вади ал-Деиф.[214] Нивното повлекување им овозможи на сириските армиски единици да се повлечат од базата и да извршат контранапад што резултираше со многубројни смртни случаи меѓу бунтовниците. Извештајот по акцијата откри дека командантот на силите поддржани од Катар ги задржал средствата за него и ги оставил своите борци да станат вулнерабилни. Меѓународната заедница изрази огорченост поради недостатокот на одговорност во катарската поддршка. Новинарката Маријам Каруни го наведе инцидентот како „последната капка“ за Саудиска Арабија и Катар за да ја централизираат својата поддршка.

Трето, додека другите политички фактори беа во игра, промената во катарското раководство ги олесни промените во надворешната политика. Во средината на 2013 година, владејачкиот емир на Катар шеик Хамад бин Калифа ал-Тани се повлече и мирно му ја предаде власта на својот син шеик Тамим бин Хамад ал-Тани. Според Калед Јакуб Овеис, шеикот Тамим сакал да го намали зајакнатиот регионален профил на Катар од почетокот на Арапската пролет.[215] Комбинација од горенаведените причини го натера Катар да ја преиспита својата сириска позиција и да се усогласи со Саудиска Арабија.

Додека нивната координирана асистенција треба да овозможи поефикасна надворешна поддршка, штетата што и двете земји ја направија во периодот помеѓу 2011 и 2013 година со поддршка на различни опозициски групи е непоправлива.

Поради меѓународниот притисок, Катар ја прекина својата отворена поддршка на Ахрар ал-Шам во 2013 година.[216] Сепак, Амена Бакр објави дека Катар ја продолжил својата поддршка на Ахрар преку сојузот на Исламски фронт, но на намалени нивоа.[217] Освен за Ахрар, не постојат докази дека Катар директно ги поддржувал ал-Нусра или Исламската држава, но неговите граѓани ги правеле напорите за прибирање финансиски средства. Според американскиот потсекретар

---

[214]Karouny, “Saudi Edges Qatar to Control Syrian Rebel Support.”
[215] Khaled Yacoub Oweis, “Saudi– Qatar Rivalry Divides Syrian Opposition,” Reuters, January 15, 2014, http://www.reuters.com/article/2014/01/15/us-syria-crisis-qatar-idUSBREA0E1G720140115.
[216] Warrick, “Private Donations Give Edge to Islamists in Syria, Officials Say;” Spencer, “How Qatar Is Funding the Rise of Islamist Extremists.”
[217] Amena Bakr, “Defying Allies, Qatar Unlikely to Abandon Favored Syria Rebels,” Reuters, March 20, 2014, http://www.reuters.com/article/2014/03/20/us-syria-crisis-qatar-idUSBREA2J0WM20140320.

за тероризам и финансиско разузнавање Дејвид Коен, Катар стана „попустлива средина за финансирање на тероризмот“ за Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава.[218] Коен ги објасни мрежите за терористичко собирање средства со седиште во Кувајт коишто имаат претставници во Катар за да собираат донации од богати поединци. Парите потоа се префрлаат во Кувајт, каде што понатаму се испраќаат до радикални исламисти во Сирија. Катарската влада направи многу малку за да го спречи тоа.

На пример, американското Министерство за финансии во 2013 година воведе санкции за финансиерот на ал-Каеда, базиран во Катар, Абд ал-Рахман бин Умајр ал-Нуајми. Според Министерството за финансии, ал-Нуајми функционираше како посредник помеѓу ал-Каеда и приватните катарски донатори. Претходно месечно префрлал по два милиони долари на ал-Каеда во Ирак (сега Исламска држава) и префрлил 600 000 долари во 2013 година на претставникот на ал-Каеда во Сирија, Абу Калид ал-Сури, кој исто така беше еден од основачите и член на Ахрар ал-Шам. Ал-Нуајми отворено дејствува во Катар и е добро познат академик и бизнисмен. И покрај американското прогласување на ал-Нуајми како терористички финансиер, Катар сѐ уште нема дејствувано против него.[219]

Друга форма на помош на приватно ниво што произлегува од Катар е идеолошката поддршка од популарните муслимански свештеници како што е Јусуф ал-Карадави кој Томас Хегхамер и Арон Зелин го нарекуваат „највлијателниот сунитски свештеник во светот“.[220] За време на митинг во Катар во мај 2013 година, ал-Карадави беше првиот муслимански свештеник со статус на славна личност кој го означи сирискиот конфликт како легитимен џихад. Тој го повика секој сунитски муслиман којшто е способен да се бори да оди во Сирија и да води џихад против режимот на ал-Асад. По неговата изјава, ал-Карадави присуствуваше на конференција во Каиро, Египет во јуни 2013 година заедно со највисоките

[218] United States Department of the Treasury, “Remarks of Under Secretary for Terrorism and Financial Intelligence David Cohen before the Center for a New American Security on ‘Confronting New Threats in Terrorist Financing,’” news release, March 4, 2014, http://www.treasury.gov/press-center/pressreleases/pages/jl2308.aspx.
[219] Spencer, “How Qatar Is Funding the Rise of Islamist Extremists.”
[220] Thomas Hegghammer and Aaron Y. Zelin, “How Syria’s Civil War Became a Holy Crusade,” Foreign Affairs, July 7, 2013, http://www.foreignaffairs.com/articles/139557/thomas-hegghammer-aarony-zelin/how-syrias-civil-war-became-a-holy-crusade

египетски муслимански свештеници и претставници од повеќе од 70 сунитски организации. По конференцијата, свештениците повикаа на сите видови форми на џихад во Сирија и ги охрабрија оние кои не можат да се борат да испратат пари и оружје за сириската опозиција.[221] Еден од основачите на Ахрар, Хасан Абоуд, беше единствениот човек од сириската опозиција присутен на конференцијата. Значењето на повици за џихад на ал-Карадави, последователна поддршка од други популарни муслимански свештеници и присуството на најпознатиот лидер на Ахрар во јавноста не може да се прецени. Се проценува дека 60 милиони луѓе го гледаат неделното ток-шоу на ал-Карадави на ал-Џезира; тој командува со неверојатно голема изборна единица.[222]

Додека Сирија беше преполна со странски борци пред повикот на ал-Карадави за вооружување, оттогаш стана „најголемата дестинација за странски борци во историјата модерниот исламизам", според Хегхамер и Зелин. Понатаму, ал-Карадави и неговите соработници ги заматија правните линии на добротворни донации. Сега е религиозно оправдано да се донираат пари за џихад, и Ахрар добро се позиционираше за да ги монополизира наградите.

## 1. Кувајт: „Епицентарот" на финансиската поддршка на радикалните исламисти

Пред Арапската пролет, Кувајт од сите земји на Заливскиот совет за соработка (ЗСС) имаше репутација како најпријателски настроена земја за добротворни цели. Неговите лабави финансиски закони, слободата на собирање и недостатокот на владин надзор го направија Кувајт идеална локација за приватните добротворни организации каде што истите ги засноваат своите операции, особено во регион познат по задушени политички средини.[223] Сепак, во минатото радикалните групи како ал-Каеда ја искористија добротворната средина на Кувајт. На пример, во 2008 година, Соединетите Американски Држави ја ставија на црна

[221] Fahmy, "Sunni Clerics Call for Jihad against Syria's Assad, Allies."
[222] David Schenker, Qaradawi and the Struggle for Sunni Islam (Washington, DC: The Washington Institute for Near East Policy, 2013), http://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/view/qaradawiand-the-struggle-for-sunni-islam.
[223] Dickinson, Playing with Fire, 3.

листа салафистичката добротворна организација во Кувајт позната како ,,Друштво за оживување на исламско наследство" поради финансиска поддршка на ал-Каеда.[224] Оваа организација сè уште отворено работи во Кувајт и беше една од првите добротворни организации кои почнаа да ги вооружуваат исламистичките групи во Сирија во 2011 година.

Во Кувајт постојат безброј салафистички добротворни организации како RIHS коишто се во тенка линија помеѓу промовирање фундаменталистички верзии на исламот преку добротворни работи и директно поддржување радикални групи. Понатаму, постои значително преклопување помеѓу учеството на јавниот и приватниот сектор во добротворни организации со седишта во Кувајт. Горенаведената динамика го отежнува целосното утврдување колку е усогласена владата на Кувајт со огромните добротворни процеси спроведени во рамки на неговите граници.

Кога започна бунтот во Сирија, Кувајт зазеде поинаков пристап за разлика од Саудиска Арабија и Катар. Наместо да ги вооружува бунтовниците, Кувајт повика на политичко решение и вети хуманитарна помош за сириските бегалци. Помеѓу 2011 и 2013 година, Кувајт испрати повеќе од 500 милиони долари помош како доказ за својата посветеност, што е најмногу од сите земји членки на Заливскиот совет за соработка (ЗСС).[225] Додека владата се фокусираше на хуманитарна помош, Сириската иселеничка заедница во Кувајт од околу 100 000 луѓе собра приватни донации за опозицијата и ги префрлиле скромните средства преку нивните проверени контакти внатре во Сирија.

Како што се засилуваше конфликтот, иселениците со заеднички напори се поврзаа со професионални собирачи на средства од искусни салафистички добротворни организации кои имаа пристап до богати донатори од Заливот. Комбинацијата на двете страни го отвори патот за приватните донатори во Кувајт веднаш да создадат влијание врз опозицијата. Помеѓу 2012 и 2013 година,

---

[224] United States Department of the Treasury, "Kuwaiti Charity Designated for Bankrolling al Qaida Network," news release, June 13, 2008, http://www.treasury.gov/press-center/pressreleases/Pages/hp1023.aspx.
[225] Ben Hubbard, "Private Donors' Funds Add Wild Card to War in Syria," The New York Times, November 12, 2013, http://www.nytimes.com/2013/11/13/world/middleeast/private-donors-funds-addwild-card-to-war-in-syria.html.

салафистичките организации и стручни собирачи на средства со радикална наклонетост ги узурпираа локалните иницијативи и го трансформираа Кувајт во собирен пункт за незаконско финансирање во целиот регион на Заливот. Според Коен, до 2013 година. Кувајт беше „епицентарот на собирање средства за терористичките групи во Сирија.“[226]

Со оглед на големата количина помош што ја обезбеди кувајтската влада, нејзините водачи се потсмеваа на идејата дека приватните донации се изедначени во значителни износи. Сепак, според Елизабет Дикинсон и Џоби Ворик, приватни донатори со седишта во Кувајт испратиле дури стотици милиони долари, а дел од средствата оделе директно кон радикални групи без никакво претходно мешање на владата.[227] Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава, по тој редослед, беа примарни приматели на финансирање од страна на најголемите салафистички донатори во Кувајт. Остатокот од овој дел ќе ги анализира главните донатори и како тие влијаеле на опозицијата.

Меѓу сите исламски организации и мрежи во Кувајт, партијата Умах и Народната комисија за поддршка на сирискиот народ имаа најголемо влијание во трансформирањето на сирискиот конфликт. Партијата Умах е салафистичка организација основана од Хаким ал-Мутајри во Кувајт во 2008 година.[228] Бидејќи политичките партии се забранети во Кувајт, партијата Умах функционира како исламска организација и претставува помоќна салафистичка верзија на Муслиманското братство. Има ограноци во многубројни заливски земји како Саудиска Арабија, Катар и Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ) и беше исклучително активна во Сирија.[229] Врз основа на водството на ал-Мутајри, партијата Умах брзо се здружи со сириската салафистичка група Лива ал-Умах која спроведува заеднички воени операции со Џабхат ал-Нусра. Дополнително, според Лунд, ал-Мутајри бил една од движечките сили зад формирањето на Ахрар ал-Шам

---

[226] United States Department of the Treasury, “Remarks of Under Secretary for Terrorism and Financial Intelligence David Cohen.”
[227] Dickinson, Playing with Fire, 19 and Warrick, “Private Donations Give Edge to Islamists in Syria, Officials Say.”
[228]“Kuwait Umma Party Formed,” Carnegie Endowment for International Peace, August 26, 2008, http://carnegieendowment.org/2008/08/26/kuwait-umma-party-formed
[229] Warrick, “Private Donations Give Edge to Islamists in Syria, Officials Say.”

на почетокот на 2012 година и формирањето на Сирискиот исламски фронт.[230] Тој останува еден од најголемите донатори на Ахрар ал-Шам до ден-денес.

Во 2012 година, ал-Мутајри го именуваше салафистичкиот свештеник Хаџај ал-Ајми како клучен човек на неговата организација во Сирија.[231] Ал-Ајми потекнува од богато кувајтско семејство и е еден од најпознатите јавни и плодни собирачи на средства на приватно ниво за Сирија. Тој е еден од менаџерите на Народната комисија за поддршка на сирискиот народ, којшто претставува фонд за собирање донации околу Заливот.[232] Заедно со ал-Мутајри, тој исто така имал голема улога во формирање на Ахрар и разни други исламистички сојузи. На пример, Ахрар ал-Шам отишол толку далеку, што јавно му се заблагодари на ал-Ајми за испраќањето донации во вкупна вредност од 400 000 американски долари во 2012 година.[233] Исламистичката алијанса Сириски исламски фронт јавно призна дека примил 600 000 долари од него.

Покрај регионалните напори на ал-Ајми за собирање средства преку неговиот фонд, тој исто така користеше професионални кампањи на „Твитер“. Пред да биде суспендиран неговиот „Твитер“-профил, Хаџај ал-Ајми имаше приближно 475 000 следбеници. За време на клучните временски периоди во сирискиот конфликт, како на пример ненадејни напредувања или напади на сириската војска, ал-Аџми би испратил итни пораки преку „Твитер“ со ажурирања на статусот, слики од мртви цивили од нападите и телефонски броеви за донирање за неговите следбеници. Тој, исто така, редовно бараше неговите следбеници да ги шират испратените пораки. Според Ворик, техниката била неверојатно успешна и опозициските групи во Сирија го забележале тоа.[234]

Во 2013 година, ал-Ајми и ал-Мутајри достигнаа нови височини во нивните ефекти врз сирискиот конфликт во следните настани. Прво, или да покаже благодарност или да привлече поддршка, сириската бунтовничка група се именуваше по ал-Ајми кога нејзините водачи објавија видео на „YouTube“ во кое се

---

[230] Lund, Syria’s Salafi Insurgents, 30.
[231] Suhaib Anjarini, “The Unknown Role of Kuwait’s Salafis in Syria,” al Akhbar, March 21, 2014, http://english.al-akhbar.com/content/unknown-role-kuwaits-salafis-syria.
[232] Warrick, “Private Money Pours into Syrian Conflict as Rich Donors Pick Sides.”
[233] McCants, “Gulf Charities and Syrian Sectarianism.”
[234] Joby Warrick, “Private Money Pours into Syrian Conflict as Rich Donors Pick Sides.”

прогласија како „бригада Хаџај ал-Ајми“.[235] Иако настанот може да не бил ништо повеќе од трик за стекнување публицитет, тој служи како пример за тоа колку добро познат и влијателен ал-Аџми лично станал во кругот на опозициските елементи.

Второ, кога Џабхат ал-Нусра и Исламската држава претходно ги прекинаа врските во 2013 година, ал-Ајми веднаш допре до контактите на ал-Нусра и вети дека ќе ја финансира групата.[236] Ова беше важно затоа што според ал-Џезира, Исламската држава му обезбеди на ал-Нусра значителен дел од вкупниот буџет. Во замена за поддршката на ал-Ајми, тој побара од ал-Нусра да го назначи кувајтскиот џихадист, Абу Хасан ал-Кувајти, како еден од неговите шеријатски службеници, и покрај тоа што Абу Хасан ги немаше потребните ингеренции. За група како Џабхат ал-Нусра која применува строг процес на проверка на новите членови, неговата подготвеност да го прифати барањето на ал-Ајми е уште еден показател за тоа колку тој бил важен како донатор. Трето, како дел од кампањата за односи со јавност, ал-Мутајри ги ротираше регионалните функционери од партијата Умах низ Сирија за да се фотографираат со бунтовниците за да ги олесни напорите за собирање средства. За време на едно од патувањата во 2013 година, Мохамад Абдули, претседателот на огранокот од Обединетите Арапски Емирати, беше убиен од снајпер. По смртта на Абдули, ал-Мутајри презеде чекор без преседан за воспоставување камп за обука внатре во Сирија во чест на Абдули. Останува единствениот пример кога една приватна исламска организација која наводно е некаква добротворна организација формираше камп за обука во Сирија.

Во август 2013 година, Шафи ал-Аџми и Хаџал ал-Аџми заедно со други свештеници како што е Најеф ал-Ајми од Советот на поддржувачи спроведоа заедничка кампања за финансирање на офанзива во Латакија – Сирија каде што живее доминантно алавитско и шиитско население. Исламистичките групи, вклучително и ал-Нусра, се согласија на операцијата и чисто од секташки причини масакрираа најмалку 60 шиитски цивили во селото Хатла.[237] Според Анџарини, веднаш по нападот, ал-Нусра објави дека ја „исчистил Хатла од шиитите“, додека

---

[235] Warrick, "Private Money Pours into Syrian Conflict as Rich Donors Pick Sides."
[236] Anjarini, "The Unknown Role of Kuwait's Salafis in Syria."
[237]Ibid., 16–17; Anjarini, "The Unknown Role of Kuwait's Salafis in Syria."

Шафи ал-Аџми гласно изјави дека шиитите беа масакрирани со оружјето што го доставуваше Кувајт.[238]

Иако владата на Кувајт можеби е посветена на хуманитарна поддршка, нејзините граѓани дрско ги поддржаа најрадикалните елементи во сириски конфликт. Покрај нивната финансиска поддршка, донаторите од Кувајт ги зајакнаа секташките идентитети и промовираа фрагментација исто толку како Саудиска Арабија и Катар.[239] Поради интензивниот притисок од САД, кувајтските власти се согласија финансирањето на тероризмот да стане нелегално за прв пат во 2013 година, при што поради тоа создадоа Единица за финансиска истрага (ЕФИ) за да ги идентификува прекршителите. Сепак, со оглед на исклучително високиот број кувајтски приватни донатори и организации, како и нивните организирани мрежи, дискутабилно е дали Единицата за финансиска истрага ќе има значително влијание во блиска иднина. Понатаму, одвојувањето на добротворни организации кои даваат поддршка на екстремистите од оние кои учествуваат во легитимни активности нема да биде лесна задача и исто така ќе бара долгорочни напори пред да се забележат какви било забележливи ефекти.  И на крај, еден од најголемите предизвици со кои се соочува ЕФИ е начинот на кој кувајтските донатори ги испраќаат своите средства. Заедно со поединците кои рачно носеа вреќи со пари во Сирија, Дикинсон истакна дека приватните донатори од Кувајт исто така користат формални и неформални менувачници кои се неверојатно тешки за следење, па така Единицата за финансиска истрага ќе треба тесно да соработува со регионалните колеги за да се запре протокот на приватни донации.

## ЗАКЛУЧОК

Во ова поглавје ја открив повеќеслојната природа на надворешните спонзори во сирискиот конфликт. Додека геостратегиската политика на регионот, конкретно саудиско-иранското ривалство, ги поттикна постојните секташки идентитети, подемот на радикалните исламистички групи не се должи на поголема егзистенцијална битка помеѓу сунитите и шиитите. Подеталната анализа покажа

---

[238] Anjarini, “The Unknown Role of Kuwait’s Salafis in Syria.”
[239] Dickinson, Playing with Fire, 9; Hubbard, “Private Donors’ Funds Add Wild Card to War in Syria

дека највлијателниот надворешен фактор кој индиректно го олеснил подемот на радикалните исламистички групи беше внатрешната конкуренција помеѓу земјите членки на ЗСС, а најдиректен надворешен фактор беше приватната поддршка од Кувајт.

Саудиско-катарското ривалство, а не саудиско-иранското ривалство, го фаворизираше растот на Ахрар, ЏН и ИД. Иронијата на ситуацијата е во тоа што и Саудиска Арабија и Катар немаа намера тоа да се случи. За разлика од Ахрар, радикалните исламистички групи не добиваа директна поддршка од Саудиска Арабија и Катар. Исто така, Саудиска Арабија и Катар не би сакале намерно да вооружуваат која било подружница на ал-Каеда, бидејќи групи како ал-Каеда на Арапскиот Полуостров редовно повикуваат на соборување на заливските монархии. И покрај одлуката на Кувајт да не ја вооружува опозицијата, неговата неподготвеност да ги ограничи приватните донатори кои бесрамно ги поддржуваа радикалните групи го направија исто толку виновен како Саудиска Арабија и Катар за дисфункционалноста на опозицијата, која продолжува и денес.

Да бидеме објективни, земјите од ЗСС не се сами во нивното спонзорство. Други земји исто така се вклучени, но Сирија е дворот на ЗСС. Доколку има потреба од некој регионален сојуз да прифати одговорност, тоа е Советот за соработка на заливските земји. За жал, нивната желба да ја видат соборена владата на ал-Асад ги заслепи пред опасноста од лоши политички одлуки. Нивните несогласувања во поддршката дополнително ги влошија тешките предизвици со кои се соочи сириската опозиција од почетокот на конфликтот. Поддршката на ЗСС на државно и недржавно ниво ја научи сириската опозиција дека колку повеќе исламистички и насилно дејствуваат, толку повеќе финансии би добиле. Во оваа ситуација, групи како што се Ахрар, ЏН и ИД, кои веќе биле најрадикални и најдобро организирани, имале најголема можност за добивка.

# 8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

Глобалниот џихад постои низ спектар од четири меѓусебно поврзани димензии. Формално постои – кога им се даваат заклетви на верност на глобалните групи – идеолошки, во модус операнди, и меѓусебна поврзаност. Нивното диференцирање дава посоодветно разбирање за тоа што значи глобализмот, како и неговите практични импликации. Во оваа теза, докажав дека секоја хипотеза претставува критичен дел од троделната загатка која ги објаснува порастот и еволуцијата на радикалните исламистички групи во сирискиот конфликт. Комбинацијата на идеолошка резонанца, институционални наследства и надворешни спонзори им даде на Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава значајна конкурентска предност во однос на секуларната опозиција. Сепак, уште поважно од трите променливи е како секоја од овие групи ги искористи, што допира до главната тема во оваа теза. И покрај тоа што сите три радикални групи се во исто општо движење, постојат значителни разлики меѓу нив, и ефикасна стратегија за борба против Ахрар, ЏН и ИД бара разбирање на нивните нијанси. Во ова последно поглавје, јас ја разгледувам секоја присутна хипотеза, ги изложувам заклучоците и предлагам препораки за политики.

## А. Хипотеза: Идеологија

Во Третото поглавје се осврнав зошто сирискиот конфликт претставува плодна средина за радикалните исламисти да ја негуваат својата идеологија. Сепак, идеолошка резонанца не е дадена. Ахрар, ЏН и ИД ја максимизираа ситуацијата преку ефективна дијагностика, прогностички и мотивациони рамки, како и стратегии за дистрибуција на медиуми кои ги поврзаа со потенцијални регрути. Разделувањето на стратегиите открива основни разлики, што им дава на потенцијалните регрути опции за избор на радикалниот спектар. Додека некои регрути може да бидат привлечени од она што во моментот е најмоќно, независно од идеологијата, други можат да ги базираат своите одлуки на тоа како една група се претставува и како го врамува конфликтот.

Во случајот со Сирија, Ахрар идеолошки се огради од ИД, што се рефлектира во неговите рамковни стратегии. Лидерите на ЏН, од друга страна, не се согласуваат

со доктринарниот поглед на ИД; тие едноставно мислат дека тоа е контрапродуктивно. Сепак, активностите на ИД го принудија ЏН подобро да го дефинира својот идеолошки став, кој е во согласност со визијата на ал-Каеда за воспоставување глобален калифат. Оваа динамика ја направи ал-Нусра попрагматична, но не задолжително умерена.

### 1. Препораки за политика

Две иницијативи може да имаат непосредно влијание во Сирија. На многу начини, првото веќе се случува. Не постои ни еден истакнат муслимански свештеник кој зборувал за поддршка на ИД. Колку повеќе злосторствата Исламска држава извршува во име на исламот, толку повеќе свештеници се обединија против неа. На пример, кога ИД го стави јорданскиот пилот-поручник Муат ал-Касеасбех во кафез и го запали жив на почетокот на јануари 2015 година, свештениците ов муслиманскиот свет го осудија ИД. Меѓународната заедница треба да им даде поголем глас на овие свештеници. Тие имаат кредибилитет и легитимитет во муслиманските заедници што САД и другите западни земји никогаш нема да ги имаат. Наместо да им се даде на овие свештеници глобална платформа за да го осудуваат, и директно да ги оспоруваат теолошките толкувања на ИД, медиумите настојуваат да стават поголем акцент на подемот на ИД, последователниот раст и воените злосторства. Еден од начините на кои Ахрар и Џ. А. успеале да се вклучат во руралните заедници е преку обезбедување обемни хуманитарни услуги при пропагирање на нивните идеологии. Оваа стратегија беше исклучително ефикасна. Управувањето и хуманитарната помош се докажани како исто толку важни, како и достапноста на оружјето и муницијата за време на граѓанските војни. За да се борите против идеолошката резонанца на Ахрар и ЏН, дајте им на луѓето она што првобитно им треба — подобро управување и пристап до основните услуги.

### B. Хипотеза 2: Искуство, стратегија и организација

Во Четвртото поглавје се испитуваше како институционалните наследства на сириските радикални исламисти ги обликуваа нивните сегашни репертоари на несогласувања и мобилизирачки структури. Остатоците од претходните борби им обезбедија на Ахрар, ЏН и ИД готов комплет на лидерство, работна сила и тактики.

Истите овие институционални наследства исто така обезбедуваат увид во тоа зошто радикалните исламисти се толку отпорни. На пример, помеѓу август и ноември 2014 година, меѓународната коалиција предводена од Соединетите Држави спроведе над 1 000 воздушни напади врз цели на ИД и ЏН, но и двете групи ги задржаа командата и контрола над нивните борци. Иако Ахрар е поштеден од напади на коалицијата, стана жртва на гневот на Исламска држава. Според Арон Лунд, речиси секој исклучителен и оригинален водач на Ахрар беше убиен од ИД.[240] Сепак, кампањата на ИД за обезглавување не го забави растот на Ахрар, неговото оперативно темпо или неговата ефикасност. Според Стениленд, постојат две патеки по кои интегрираните групи преминуваат во послаби типологии. Првата е преку контрабунтовничка стратегија која ги комбинира милитаризираните мерки за изградба на државата со кампањи за обезглавување.[241] Втората се случува кога интегрираните групи растат пребрзо, што резултира во лошо управување. Додека опциите за меѓународната коалиција се појавуваат донекаде ограничени на воени напади, други краткорочни и долгорочни решенија можат да помогнат.

## 1. Препораки за политика

На краток рок, меѓународната коалиција треба да продолжи со прецизни напади против ИД. Дополнително, коалициските сили мора агресивно да го зголемат собирањето разузнавачки информации за лидерите и борците на радикалните групи. Во Четвртото поглавје покажав како Ахрар, ЏН и ИД се насилни мутации на глобалното џихадистичко движење. Нивниот воен капацитет е надградба од претходните кампањи на нивните предци. Секоја група користи глобални, регионални и локални мрежи за да се појави и да расте. Искусните џихадисти кои ги создале врските преку искуство од битки го сочинуваат поврзувачкото ткиво што ги поврзува овие мрежи заедно. Истите џихадисти денеска се борат во Сирија и ја претставуваат следната генерација лидери во глобалното џихадистичко движење. По завршување на сирискиот конфликт, некои можеби ќе се вратат во својот живот, но историјата покажа дека некои ќе продолжат со нивните џихадистички борби на глобално ниво. Документирањеро на нивното

---

[240] Lund, Syria's Ahrar Al-Sham Leadership Wiped Out in Bombing.
[241] Staniland, "Insurgent Organization and State-Armed Group Relations," 37.

минато и врските подоцна ќе донесат корист на разузнавачките служби во светот што се обединети во борбата против глобалната терористичка закана. Сеопфатна база на податоци за странските борците во Сирија, како и за кој е кој во Ахрар, ЏН и ИД е апсолутно неопходна.

### C. Хипотеза 3: Надворешни спонзори

Во Петтото поглавје покажав како саудиско-иранското ривалство ги поттикнува секташките идентитети на сите страни во сирискиот конфликт. Исто така и како поддршката од Саудиска Арабија и Катар за опозицијата директно и индиректно ги олесни подемот и растот на радикалните исламисти од аспект на ресурси. На крај открив како приватните донатори на Кувајт имале најдиректно влијание во финансирањето на радикалните исламистички групи. Импликацијата од заклучоците во Петтото поглавје е дека, без разлика дали тоа било намерно или не, сите три земји го поткопаа единството на сириската опозиција со поддршка на фрагментација на групите и направија можноста за договорено решение во блиска иднина да биде малку веројатно со диспропорционално зајакнување на радикалните групи. Од сите опозициски елементи, најотпорни на каква било дискусија за мир се радикалните исламисти. Ахрар ја информираше ал-Џезира дека дури и ако сите страни се согласат на мировен договор, Ахрар ќе продолжи да се бори. ЏН даде сличен одговор додека алијансата на Исламскиот фронт излезе со соопштение дека сите учесници од власта и опозицијата би биле ставени на листа на барани. Со оглед на тоа дека ИД е најбескомпромисна од сите групи, нејзините водачи апсолутно би го отфрлиле секое размислување за мир.

### 1. Препораки за политика

Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава покажаа различни видови реакции на материјална и финансиска помош од надворешни спонзори. Ахрар од сите радикални исламистички групи е најголемиот прмател на помош од државни и недржавни нивоа на спонзорство од земјите од Заливот. Главната причина е што Ахрар презеде активни мерки за да ги ублажи својот дискурс и тактики за привлекување поголема надворешна поддршка. Меѓу сите три групи, во моментов Ахрар е најзависна од надворешна поддршка за да ја одржи својата

ефективност на бојното поле. Исто така, Ахрар беше најрасположена да ги приспособи своите постапки на боиштето врз основа на преференциите на спонзорите. Инференцата е дека од сите радикални групи, Ахрар најверојатно би реагирала на барањата на ГСС спонзорите ако би било потребно да преговара со нив. Следователно, искористувањето на економски инструменти на моќ преку клучни регионални соработници би било поефикасно влијание врз постапките на Ахрар од директни воени соочувања.

За разлика од Ахрар, ЏН се обиде да ги диверзифицира своите текови на приходи за да ја намали зависноста од надворешни спонзори. Нејзините лидери ја научија оваа лекција во 2013 година. Првично, ЏН добиваше половина од својот оперативен буџет од Исламска држава; сепак, кога Џабхат Ал-нусра одби да се спои со ИД во 2013 година, финансиската поддршка на ИД заврши. Приватни донатори во Кувајт, како што е Хаџаџ ал-Аџми, ја обезбедуваа многу потребната помош по расколот ЏН– ИД, но ЏН исто така започна барајќи други извори на приходи. Кога Европската Унија го крена сириското нафтено ембаргото во 2013 година, ЏН веднаш почна да ги презема нафтените извори во регионот на Деир ал-Зур и започна да ја продава нафтата по намалени цени. Независноста која ЏН ја стекна со заработката на своите приходи заедно со пари од приватни донатори каде што немаше владино мешање му овозможи на ЏН да продолжи со борбата на начин на кој тој го сметаше дека е соодветно. Дополнително, воената стратегија на ЏН за координација на операциите со групи финансирани од Саудиска Арабија и Катар значеше дека сè уште може индиректно да ги искористи придобивките од поддршката на државно ниво од Заливскиот совет за соработка без да биде врзан за саудиски или катарски влијанија.

Според одговорот на ЏН на губењето финансиска поддршка од ИД, неговите лидери го разбираат тоа дека им се потребни ресурси за да продолжат со борбата, што претставува слабост и коалицијата може да ја искористи за таргетирање. Помагањето на Кувајт во спречување на приливот на приватни донации кон ЏН негативно ќе влијае на групата. Дополнително, соработката со меѓународната заедница за подобрување на надзорот врз продажбата на нафта од сириски извори дополнително ќе ја деградира способноста на Џабхат ал-Нусра да самофинансира

свои операции. Од сите три групи, ИД е најмалку зависна од надворешни спонзори за да преживее, и не постои надворешен субјект кој го контролира. Штом ИД се воспостави во Сирија, таа создаде своја воена економија за да биде самодоволна и неограничена за да води војна како што сака, што дава одреден увид на нејзините ултранасилни методи. Сепак, од економска перспектива, ограничување на продажбата на нафта со потекло од Сирија и спроведувањето надзор за тоа кој ја продава и купува нафтата ќе биде тешко за ИД да продолжи да профитира на сегашното ниво. Една од најголемите слабости на ИД, настрана од нејзините екстремни акции, е потребата од пари за нејзините владејачки иницијативи. Колку повеќе меѓународната заедница може да го ограничи протокот на приходи до Исламска држава, толку потешко ќе биде ИД да владее, што е клучно за нејзината легитимност.

Сирискиот конфликт беше трагедија од епски размери. Со повеќе од 200 000 загинати и најмалку десет милиони луѓе раселени, што претставува половина од населението пред војната, Сирија веќе не е истата земја како што беше пред почетокот на оваа војна. И покрај инсистирањето на опозицијата Башар ал-Асад да се повлече од власт, неговото отстранување нема да промени ништо во државата. Опозицијата сепак изгледа безнадежно поделена, а радикалните исламисти продолжуваат да растат. Кога конфликтот ќе заврши, меѓународната заедница мора да биде подготвена за хуманитарна катастрофа. Исто така треба да биде подготвена како да се справи со радикалните исламисти кои се издигнаа на глобално ниво надвор од кој било настан во модерната историја.

Сирискиот конфликт премина од протест во бунт, па во граѓанска војна. Така, многубројни теоретски рамки беа применети во оваа теза. Комбинирани се елементи од социјалните теории за движење, радикализација и бунт, како и литература за граѓанска војна за да се испитаат идеолошките, организациските и хипотезите базирани на ресурси. Сепак, се покажа дека подемот на Ахрар ал-Шам, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава во Сирискиот конфликт не беше спонтан настан: тој беше намерен и внимателно оркестриран. Секој група постепено се изгради врз својата оригинална основа. Поради тоа, разбирањето на нивниот

пораст во контекстот на нивната оперативна средина води до клучни сознанија за да може на крајот да бидат поразени.

Како заклучок, подемот на Ахрар, Џабхат ал-Нусра и Исламска држава во сирискиот конфликт беше повеќеслоен. Мора да се користи динамичен пристап за да се поразат. Сите инструменти на национална моќ – дипломатска, воена, информативна и економска мора да се искористат. Оваа теза дава солидна основа за разбирање на нијансите на нашите сегашни и идни непријатели, како и нивните стратегии и тактики. Следниот чекор во овој проект е да се формулираат приспособени стратегии кои комбинираат лекции поучени од борбите со радикалните исламисти во други конфликти со уникатните атрибути на Ахрар, ЏН и ИД. Исто како што сегашната група радикални исламисти во Сирија претставуваат насилни мутации на глобалното џихадистичко движење, нашите стратегии за да ги победиме мора да бидат подеднакво иновативни и прецизни.

## БИБЛИОГРАФИЈА НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Abdulkader H. Sinno, Organizations at War in Afghanistan and beyond (Ithaca: Cornell University Press, 2010).

2. Adaki Oren, “Abdallah Azzam Brigades Launches Launches Rocket Attacks from Gaza,” Threat Matrix Blog, July 15, 2014, http://www.longwarjournal.org/threatmatrix/archives/2014/07/abdullah_azzam_brigades_launch.php.

3. Adib Bencherif, “Unpacking “glocal”jihad: from the birth to the “sahelisation’ of Al-Qaeda in the Islamic Maghreb”, Critical studies on terrorism 14, no. 3 (August 2021): 335-353.

4. Alistair Harris, Exploiting Grievances: al Qaeda in the Arabian Peninsula (Washington, DC:Carnegie Endowment for International Peace, 2010), http://carnegieendowment.org/2010/06/08/exploiting-grievances-al-qaeda-in-arabian-peninsula.

5. Aron Lund, Syrian Jihadism (Stockholm, Sweden: The Swedish Institute of International Affairs, 2012), www.ui.se/upl/files/77409.pdf.

6. Aron Lund, The Politics of the Islamic Front, Part 1: Structure and Support (Washington, DC:Carnegie Endowment for International Peace, 2014), http://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=54183.

7. Aron Lund, Who and What Was Abu Khalid Al-Suri? Part I (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2014), http://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=54618.

8. Arthur Goldschmidt Jr. and Lawrence Davidson, “The Roots of Arab Bitterness,” in The Contemporary Middle East: A Westview Reader, ed. Karl Yambert (Boulder, CO: Westview Press, 2010).

9. Asaad Al-Saleh, Dissecting an Evolving Conflict: The Syrian Uprising and the Future of the Country (Washington, DC: Institute for Social Policy and Understanding 2013), 5, http://newamerica.net/publications/policy/dissecting_an_evolving_conflict.

10. Ayse Tekdal Fildis, “The Troubles in Syria: Spawned by the French Divide and Rule,” Middle East Policy Council XVIII, no. 4 (Winter 2011): 1, http://www.mepc.org/journal/middle-east-policyarchives/troubles-syria-spawned-french-divide-and-rule.

11. Bard E. O’Neill, Insurgency & Terrorism: From Revolution to Apocalypse, 2nd edition (Washington, DC: Potomac Books, 2005).

12. Ben Hubbard and Eric Schmitt, “Military Skill and Terrorist Technique Fuel Success of ISIS,” The New York Times, August 27, 2014,

http://www.nytimes.com/2014/08/28/world/middleeast/army-knowhow-seen-as-factor-in-isis-successes.html?_r=0.

13. Bernard Haykel, "Chapter 9: Jihadis and the Shia," in Self-Inflicted Wounds: Debates and Divisions within al-Qaeda and its Periphery, edited by Assaf Moghadam and Brian Fishman (West Point, NY: Combating Terrorism Center, 2010).

14. Brad Plumer, "Drought Helped Cause Syria's War. Will Climate Change Bring More like It?," The Washington Post, September 10, 2013, http://www.washingtonpost.com/blogs/wonkblog/wp/2013/09/10/drought-helped-caused-syrias-war-willclimate-change-bring-more-like-it/

15. Brian Fishman and Joseph Felter, "Becoming a Foreign Fighter: A Second Look at the Sinjar Records," in Bombers, Bank Accounts, and Bleedout: Al-Qaida's Road in and out of Iraq, edited by Brian Fishman (West Point, NY: Combating Terrorism Center, 2008), 35–36.

16. Brynjar Lia, "Understanding jihadi proto-states," Perspectives on Terrorism 9, no. 4 (2015): 31-41.

17. Brynjar Lia, Architect of Global Jihad: The Life of Al-Qaida Strategist Abu Musab Al-Suri (New York: Oxford University Press, 2014).

18. Brynjar, Lia "The Jihādī Movement and Rebel Governance: A Reassertion of a Patriarchal Order?," Die Welt des Islams 57, no. 3-4 (2017): 458-479.

19. Burgoon, Brian (2006.) "On Welfare and Terror: Social Welfare Policies and Political-Economic Roots of Terrorism", *Journal of Conflict Resolution*, 50 (2):176-203.

20. Cafarella, Jabhat al-Nusra in Syria, 25 and Barrett, The Islamic State, 12.

21. Camille Tawil, Brothers in arms: the story of Al-Qa'ida and the Arab Jihadists (London: Saqi, 2011); Drevon, Jerome, Institutionalizing Violence: Strategies of Jihad in Egypt (Oxford: Oxford University Press, 2022).

22. Cruickshank and Ali, "Abu Musab al Suri: Architect of the New al Qaeda," 8.

23. Daveed Gartenstein-Ross and Nathaniel Barr, "How Al-Qaeda Works: The Jihadist Group's Evolving Organizational Design," Current Trends in Islamist Ideology 23 (2018): 66-122.

24. David Cook, Martyrdom in Islam. Vol. 4. Cambridge, UK., Cambridge University Press, 2007. x.

25. David W. Lesch, "The Uprising That Wasn't Supposed to Happen: Syria and the Arab Spring," in The Arab Spring: Change and Resistance in the Middle East, edited by Mark L. Haas and David W. Lesch (Boulder, CO: Westview Press, 2012).

26. Doowan Lee, "A Social Movement Approach to Unconventional Warfare," Special Warfare 26, no. 3 (2013): 30.

27. Doug McAdam, John D. McCarthy, and Mayer N. Zald, “Introduction: Opportunities, Mobilizing Structures, and Framing Processes—Toward a Sythetic, Comparative Perspective on Social Movements,” in Comparative Perspectives on Social Movements: Political Opportunities, Mobilizing Structures, and Cultural Framings, ed. Doug McAdam, John D. McCarthy and Mayer N. Zald (New York: Cambridge University Press, 1996).

28. Doug McAdam, Political Process and the Development of Black Insurgency, 1930–1970, 2nd ed.(Chicago: University of Chicago Press, 1999).

29. Drake, The role of ideology in terrorists' target selection." 78

30. Eberhard Kienle, “Arab Unity Schemes Revisited: Interest, Identity, and Policy in Syria and Egypt,” International Journal of Middle East Studies 1, vol. 27 (February 1995): 56.

31. Fawaz A. Gerges, The far enemy: why Jihad went global (Cambridge: Cambridge University Press, 2009).

32. Fotini Christia, “What Can Civil War Scholars Tell Us About the Syrian Conflict,” in The Political Science of Syria's War (Washington, DC: the Project on Middle East Political Science, 2013). http://pomeps.org/2013/12/19/political-science-and-syrias-war/.

33. Fotini Christia, Alliance Formation in Civil Wars (Cambridge: Cambridge University Press, 2012).

34. Francisco Gutiérrez Sanín and Elisabeth Jean Wood, “Ideology in civil war: Instrumental adoption and beyond,” Journal of Peace Research 51, no. 2 (2014): 213-226.

35. Gelvin, The Arab Uprisings: What Everyone Needs to Know, 107.

36. Geneva Academy of International Humanitarian Law and Human Rights, “Foreign Fighters under International Law”, Academy Briefing No. 7 (October 2014).

37. Gerhard Böwering. Patricia Crone, Mahan Mirza, and Inc ebrary. The Princeton Encyclopedia of Islamic Political Thought. Princeton, N.J: Princeton University Press, 2013.

38. Hassan Hassan, “A Jihadist Blueprint for Hearts and Minds is Gaining Traction in Syria,” The National, March 4, 2014, http://www.thenational.ae/thenationalconversation/comment/a-jihadist-blueprintfor-hearts-and-minds-is-gaining-traction-in-syria.

39. Hassan, “A Jihadist Blueprint for Hearts and Minds is Gaining Traction in Syria, “Ruth Sherlock, “Syrian Rebels Defy U.S. and Pledge Allegiance to Jihadi Group,” The Telegraph,December 10, 2012,

http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/syria/9735988/Syrian-rebelsdefy-US-and-pledge-allegiance-to-jihadi-group.html

40. Herve Bar, "Ahrar al-Sham Jihadists Emerge from the Shadows in North Syria," Agence France Presse, February 13, 2013.

41. HM, Sanjeev Kumar,"ISIS and the Sectarian Political Ontology: Radical Islam, Violent Jihadism and the Claims for Revival of the Caliphate." India Quarterly 74, no. 2 (2018): 120.

42. Housam Darwisheh, Syria and the Arab Spring: Unraveling the Road to Syria's Protracted Conflict (Seoul, South Korea: the Asian Institute for Policy Studies, 2013), 2, http://en.asaninst.org/contents/issuebrief-no-44-syria-and-the-arab-spring-unraveling-the-road-to-syrias-protracted-conflict.

43. James Fearon, "Syria's Civil War," in The Political Science of Syria's War (Washington, DC: the Project on Middle East Political Science, 2013), 13, http://pomeps.org/2013/12/19/political-science-andsyrias-war/

44. James Gelvin, "Syria: Coup Proof?" History Today 8, vol. 61 (August 2011): 34.

45. James Gelvin, The Arab Uprisings: What Everyone Needs to Know (New York: Oxford University Press, 2012).

46. James Quinlivan, "Coup-Proofing: Its Practice and Consequences in the Middle East," International Security 2, vol. 24 (Fall, 1999): 133

47. Jay Solomon And Bill Spindle, "Syria Strongman: Time for 'Reform,'" Wall Street Journal, January 31, 2011, http://www.wsj.com/articles/SB10001424052748704832704576114340735033236

48. Jean-Luc Marret, "Al-Qaeda in Islamic Maghreb: A "Glocal" Organization," Studies in Conflict & Terrorism 31, no. 6 (June 2008): 541-552.

49. Jenkins, The Role of Terrorism and Terror in Syria's Civil War, 3.

50. Jerome Drevon, "The Jihadi Social Movement (JSM) Between Factional Hegemonic Drive, National Realities, and Transnational Ambitions," Perspectives on terrorism 11, no. 6 (2017): 55-62.

51. Jim Muir, "UN Monitors 'Shot at' in Syria," BBC News, June 7, 2012, http://www.bbc.co.uk/news/world-middle-east- 18352281.

52. Joby Warrick, "Private Money Pours into Syrian Conflict as Rich Donors Pick Sides," The Washington Post, June 15, 2013, http://www.washingtonpost.com/world/national-security/private-moneypours-into-syrian-conflict-as-rich-donors-pick-sides/2013/06/15/67841656-cf8a-11e2-8845d970ccb04497_story.html.

53. Joel Benin, The Rise of Egypt's Workers (Washington, DC: the Carnegie Endowment for International Peace, 2012), 3, http://carnegieendowment.org/2012/06/28/rise-of-egypt-s-workers.

54. John A. Turner, Religious Ideology and the Roots of the Global Jihad: Salafi Jihadism and International Order. Basingstoke, England: Palgrave Macmillan, 2014.

55. Joseph Holliday, Syria's Maturing Insurgency (Washington, DC: Institute for the Study of War, 2012), 27–28, http://www.understandingwar.org/report/syrias-maturing-insurgency.

56. "It Ain't Half Hot Here, Mum," The Economist, August 30, 2014, http://www.economist.com/news/middle-east-and-africa/21614226-why-and-how-westerners-go-fightsyria-and-iraq-it-aint-half-hot-here-mum.

57. Karouny, "Saudi Edges Qatar to Control Syrian Rebel Support."

58. Ken Dilanian, "20,000 Foreign Fighters Flock to Syria, Iraq," Associated Press, February 11, 2015, http://www.military.com/daily-news/2015/02/11/20000-foreign-fighters-flock-to-syria-iraq.html

59. Khaled Yacoub Oweis, "Insight: Saudi Arabia Boosts Salafist Rivals to Al Qaeda in Syria," Reuters, October 1, 2013, http://www.reuters.com/article/2013/10/01/us-syria-crisis-jihadists-insightidUSBRE9900RO20131001 and Khalaf and Fielding-Smith, "How Qatar Seized Control of the Syrian Revolution."

60. King and Taylor, "The Radicalization of Homegrown Jihadists," 606.

61. Kumar, "ISIS and the Sectarian Political Ontology: Radical Islam, Violent Jihadism and the Claims for Revival of the Caliphate."

62. Lacey, A Terrorist's Call to Global Jihad, xi; Paul Cruickshank and Mohannad Hage Ali, "Abu Musab al Suri: Architect of the New al Qaeda," Studies in Conflict and Terrorism 30 (2007): 1; Lia, Architect of Global Jihad.

63. Laia Balcells and Stathis Kalyvas, "Technology of Rebellion in the Syrian Civil War," in The Political Science of Syria's War (Washington, DC: the Project on Middle East Political Science, 2013), 12, http://pomeps.org/2013/12/19/political-science-and-syrias-war/.

64. Laqueur, Walter. (1999). *The New Terrorism: Fanaticism and the Arms of Mass Destruction*. New York: Oxford University Press.

65. Lefèvre, Ashes of Hama: The Muslim Brotherhood in Syria, 77 and 128.

66. Lesch, Syria: The Fall of the House of Assad, 56.

67. Liad Porat, The Syrian Muslim Brotherhood and the Assad Regime (Waltham, MA: the Crown Center for Middle East Studies, 2010), 2, http://www.brandeis.edu/crown/publications/meb/meb47.html

68. Lister, Charles R. The Syrian Jihad: Al-Qaeda, the Islamic state and the evolution of an insurgency. Oxford University Press, 2016.

69. Lund, Syria's Ahrar al Sham Leadership Wiped Out in Bombing (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2014), hттp://carnegieendowment.org/syriaincrisis/?fa=56581.

70. Lund, The Politics of the Islamic Front, Part 1: Structure and Support; Sands, Vela, and Maayeh, "Assad Regime Released Extremists from Jail;" Jennifer Cafarella, Jabhat al-Nusra in Syria (Washington, DC: Institute for the Study of War, 2014), 19, http://www.understandingwar.org/report/jabhat-al-nusrasyria.

71. Mara Revkin. "The legal foundations of the Islamic State." The Brookings Project on US Relations with the Islamic World 23 (2016) 8.

72. Marc Sageman, "A Strategy for Fighting International Islamist Terrorists," Annals of the American Academy of Political and Social Sciences 618, no. 1 (2008): 225.

73. Marc Sageman, Understanding Terror Networks (Philadelphia: University of Pennsylvania Press, 2004).

74. Mario Diani and Doug McAdam, Social movements and networks: Relational approaches to collective action, (Oxford: Oxford University Press, 2003).

75. McAdam et al., "Introduction: Opportunities, Mobilizing Structures, and Framing Processes,".

76. McCants, The ISIS Apocalypse: The History, Strategy, and Doomsday Vision of the Islamic State. 9.

77. Mendelsohn, The al-Qaeda Franchise; Haroro J. Ingram, Craig Whiteside, and Charlie Winter, "The Routinization of the Islamic State's Global Enterprise", Hudson Institute (April 5 2021).

78. Mohammed M. Hafez, Suicide Bombers in Iraq: The Strategy and Ideology of Martyrdom (Washington, DC: U.S. Institute of Peace Press, 2007).

79. Mordechai Nisan, Minorities in the Middle East: A History of Struggle and Self-Expression, 2nd ed. (Jefferson, NC: McFarland & Co, 2002).

80. Murad Batal al-Shishani, "Jabhat al-Nusra's New Syrian Strategy," Al-Monitor, January 14, 2013, http://www.al-monitor.com/pulse/ar/politics/2013/01/jabhat-al-nusras-new-strategy-in-syria.html#.

81. "National Consortium for the Study of Terrorism and Responses to Terrorism (START)," University of Maryland. (2019). The Global Terrorism Database™University of Maryland, The Global Terrorism Database.

82. Нацев, З, Петрески Т. *Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Европа 92, Кочани, 2013.

83. Nathaniel Zelinsky, "ISIS Sends a Message," Foreign Affairs, September 3, 2014, http://www.foreignaffairs.com/articles/141956/nathaniel-zelinsky/isis-sends-a-message

84. Nibras Kazimi, Syria through Jihadist Eyes: A Perfect Enemy (Stanford, CA: Hoover Institution Press, 2010).

85. Nikolaos van Dam, The Struggle for Power in Syria Politics and Society under Asad and the Ba'th Party (New York: I.B. Tauris, 2011).

86. Nisan, Minorities in the Middle East: A History of Struggle and Self-Expression.

87. Noman Benotman and Blake Roisin, Jabhat al-Nusra: A Strategic Briefing (London, England:Quilliam Foundation, 2012), http://www.quilliamfoundation.org/wp/wpcontent/uploads/publications/free/jabhatal nusra-a-strategicbriefing.pdf.

88. O'Bagy, Jihad in Syria, 15; Bill Roggio, "Abu Musab al Suri Released from Syrian Custody:Report," The Long War Journal, February 6, 2012 http://www.longwarjournal.org/archives/2012/02/abu_musab_al_suri_re.php.

89. O'Bagy, Jihad in Syria; Lund, Syria's Salafi Insurgents; Ibrahim, the Resurgence of al-Qaeda in Syria and Iraq.

90. Patel, David Siddhartha. "ISIS in Iraq: What we get wrong and why 2015 is not 2007 redux." Middle East Brief 87 (2015): 4

91. Patrick Seale and Maureen McConville, Asad of Syria: The Struggle for the Middle East (Berkeley: University of California Press, 1989).

92. Paul Berman, "The Philosopher of Islamic Terror," The New York Times, March 23, 2003, http://www.nytimes.com/2003/03/23/magazine/the-philosopher-of-islamic-terror.html.

93. Paul Staniland, "Insurgent Organization and State-Armed Group Relations," in The Political Science of Syria's War (Washington, DC: the Project on Middle East Political Science, 2013), http://pomeps.org/2013/12/19/political-science-and-syrias-war/.

94. Paul Staniland, Networks of Rebellion: Explaining Insurgent Cohesion and Collapse (Ithaca: Cornell University Press, 2014)

95. Quintan Wiktorowicz, "Anatomy of the Salafi Movement," Studies in Conflict and Terrorism 29, no. 3 (2006): 207

96. Reinoud Leenders, "Collective Action and Mobilization in Dar'a: An Anatomy of the Onset of Syria's Popular Uprising," Mobilization: An International Journal 17, no. 4 (December 2012): 419

97. Reuter et al., "The Professional PR Strategies of ISIS in Syria and Iraq."

98. Richard Barrett, Foreign Fighters in Syria (Washington, DC: The Soufan Group, 2014), 8 and 22, http://soufangroup.com/foreign-fighters-in-syria/.

99. Richard Shultz, Global Insurgency Strategy and the Salafi Jihad Movement (Colorado Springs, CO: Institute for National Security Studies, 2008), http://www.dtic.mil/cgibin/GetTRDoc?AD=ADA482684

100. Risa Brooks, "Muslim 'Homegrown' Terrorism in the United States: How Serious is the Threat, International Security 36, no. 2 (Fall 2011): 12.

101. Robert F. Worth, "Saudis Back Syrian Rebels Despite Risks," The New York Times, January 7, 2014, http://www.nytimes.com/2014/01/08/world/middleeast/saudis-back-syria-rebels-despite-a-lack-ofcontrol. html.

102. Robert Taber, War of the Flea: The Classic Study of Guerrilla Warfare (Washington, DC:Brassey's, 2002).

103. Roula Khalaf and Abigail Fielding-Smith, "Syrian Rebels Driven by Religion, but on Their Own Terms," Washington Post, August 9, 2012, http://www.washingtonpost.com/world/middle_east/syrianrebels-driven-by-religion-but-on-their-own-terms/2012/08/09/a8c82468-e241-11e1-ae7fd2a13e249eb2_story.html.

104. Roxanne Leslie Euben and Muhammad Qasim Zaman, Princeton Readings in Islamist Thought: Texts and Contexts from Al-Banna to Bin Laden, (Princeton: Princeton University Press, 2009).

105. Seth G. Jones and Patrick B. Johnston, "The Future of Insurgency," Studies in Conflict & Terrorism 36, no. 1 (2013): 5.

106. Sonia Verma, "How a 13-Year-Old Became a Symbol of Syrian Revolution," The Globe and Mail, June 1, 2011, http://www.theglobeandmail.com/news/world/how-a-13-year-old-became-a-symbol-ofsyrian-revolution/article4260803

107. "Saudis Most Likely to Join ISIS, 10% of Group's Fighters Are Women," Middle East Monitor, October 20, 2014, https://www.middleeastmonitor.com/news/middle-east/14758-saudis-most-likely-tojoin-isis-10-of-groups-fighters-are-women.

108. Staniland, "Insurgent Organization and State-Armed Group Relations," 38.

109. Stephanie Nebehay, "Most Houla Victims Killed in Summary Executions: U.N.," Reuters, May 29, 2012, http://www.reuters.com/article/2012/05/29/us-syria-un-idUSBRE84S10020120529;

110. "The Islamic State," YouTube video, 37:12, from Vice News correspondent Medyan Dairieh inside the Islamic State, posted by Vice News, August 14, 2014, http://www.youtube.com/watch?v=AUjHb4C7b94.

111. The Global Terrorism Database Codebook, University of Maryland. October 2019. 10

112. The Global Terrorism Database, 2019

113. Thomas Hegghammer, “Abdallah Azzam, the Imam of Jihad,” in Al Qaeda in its own words, edited by Gilles Kepel and Jean-Pierre Milelli (Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press, 2009).

114. Umar F. Abd-Allah, The Islamic Struggle in Syria (Berkeley: Mizan Press, 1983).

115. Understanding Islamism (Washington, DC: International Crisis Group, 2005), 1, http://www.crisisgroup.org/en/regions/middle-east-north-africa/north-africa/037-understandingislamism. aspx.

116. United States Department of the Treasury, “Treasury Designates Members of Abu Ghadiyah’s Network Facilitates flow of terrorists, weapons, and money from Syria to al Qaida in Iraq,” news release, February “Profile: Abu Ghadiya,” BBC, October 28, 2008, http://news.bbc.co.uk/2/hi/middle_east/7695913.stm.

117. “U.S. Sees Syria ‘Facilitating’ Insurgents,” The Washington Times, April 20, 2004, http://www.washingtontimes.com/news/2004/apr/20/20040420-115628-7182r/?page=all.

118. Vaughan Phillips, "The Islamic State's strategy: bureaucratizing the apocalypse through strategic communications." Studies in Conflict & Terrorism 40, no. 9 (2017): 738.

119. Wiktorowicz, “Anatomy of the Salafi Movement,” 208.

120. Yahya Sadowski, “The Evolution of Political Identity in Syria,” in Identity and Foreign Policy in the Middle East, edited by Shibley Telhami and Michael N. Barnett (Ithaca, NY: Cornell University Press, 2002).

121. Jason Warner, Ryan O’Farrell, Héni Nsaibia, and Ryan Cummings, The Islamic State in Africa. The Emergence, Evolution, and Future of the Next Jihadist Battlefront (London:Hurst, 2021).